**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет**

**Институт за социјална работа и социјална политика**

**магистерски труд**

# Ризик-фактори за повторништво кај децата во судир со законот


**Ментор:**

**проф. д-р Сунчица Димитријоска**

**Изработила:**

**Вјоса Сејдија**


**Скопје, 2019**

# Содржина

## I дел

**Вовед ...........................................................................................................................4**

1. **Дефинирање на повторништво …………………......……………………………6**
2. **Потекло на повторништво …………………………..……………………………..8**
   - 2.1. Биолошки теории ……………………………………………………………..9
   - 2.2. Психолошки теории ………………………………..…………..………15
   - 2.3. Социолошки теории ……………………..……………………………20
3. **Криминогените фактори на повторништво кај децата.......................................26**
   - 3.1. Факторот личност …………………………..………………………………26
     - 3.1.1. Биолошки фактори ……………………………………………………27
     - 3.1.2. Психолошките фактори ………………...………………………………28
     - 3.1.3. Психопатолошките фактори ……………...……………………………30
   - 3.2. Социјални фактори ……………………………………………………………33
   - 3.3. Влијанието на семејството и семејните вредности …………….………34
     - 3.3.1. Одговорности и права во семејството ……………………………………37
     - 3.3.2. Профил на денешното семејство ……………………………….………38
     - 3.3.3. Улоги и правила во семејството ………………….……………………39
     - 3.3.4. Видови семејства ………………………………........…………………41
     - 3.3.5. Емоционалните чувства во семејството ……………………….………42
     - 3.3.6. Влијанието на културата врз семејството …………………….………44
     - 3.3.7. Семејниот животен циклус ………………..……………………………45
     - 3.3.8. Стресот во семејството ……………………………………………….…46
   - 3.4. Економските услови ………………………………………..…………..…48
   - 3.5. Урбанизација и миграција …………………………………...…………..50
   - 3.6. Влијанието на транзицискиот процес ……………………..………………51
   - 3.7. Влијанието на образованието - училишната средина …..……………………54
   - 3.8. Социјалното опкружување - врсниците ……………………...………...56
   - 3.9. Влијанието на медиумите на деликвентното однесување..…………..…...56

3.10. Слободното време ……………………………………………………………...……57
3.11. Влијанието на социопатолошките појави …………………..…………….…58
3.11.1. Влијание на насилство ………………………………………….……………60
3.11.2. Улични банди ……………………..………………………………………..…62
3.11.3. Училиштето како воена зона помеѓу децата ………………….…..………64
3.11.4. Децата и наркотичните средства ……………………………...………..64
3.11.5. Семејства и деца бездомници ……………….……………………………65
3.12. Војната и воените услови ……………………………………..……………65
**4. Видови мерки за деца повторници во вршење кривични дела..........................................................................................................67**

# II дел

1. Некои аспекти на релевантно истражување ……………....………………………73
2. Предмет на истражување …………………………………………..……………75
3. Дефинирање основни поими …………………....…………...…………………………77
4. Цел на истражувањето ……………………………………………………………81
5. Задачи на истражување …………………………………………….……………82
6. Варијабли на истражувањето ……………………………………………………83
7. Хипотези на истражување ………………………………………..……………83
8. Методи, техники и инструменти на истражување ………………......……………83
9. Примерок на истражување ……………………………………………………….…84
10. Анализа на добиените податоци од истражувањето …………........……………85

**Заклучоци ……………………………………………………………………………… 103**

**Користена литература ……………………………………………………………....108**

## Вовед

Повторништвото кај децата е недоволно истражуван феномен, којшто заслужува внимание со оглед на потребата да се утврдат ризик-факторите што придонесуваат за повторништво, а со цел градење стратегии за превенирање на идното криминално однесување кај децата и, секако, намалување на стапката на повторништвото.

Основната цел на истражувањето е да се утврдат ризик-факторите, можностите и потребите на децата и да се процени успешноста на интервентните мерки, како и да се направи анализа на етиологијата на повторништвото. Во етиолошка и феноменолошка смисла, мултифакторски се причините што го предизвикуваат детското престапништво. Оттука, со цел да се утврдат ризик-факторите, анализата се фокусираше врз три основни сегменти: семејните прилики во кои се раѓа, живее, воспитува и социјализира детето; индивидуалните карактеристики на детето повторник во однос на неговото правилно воспитание, развиток и социјализација; и, трето, околностите поврзани со неговата криминална активност. Истражувањето се спроведе преку инструмент – образец за прибирање податоци од досиејата на децата повторници и прашалник за мислењата на стручните лица во Центарот за социјална работа.

Прифаќајќи ја пенолошката дефиниција за повторништво - кога на детето повторно му е изречена мерка односно санкција откако ја исполнил односно издржал претходната мерка односно санкција, со анализата се опфатени децата повторници кои откако во претходните години сториле кривично дело и им била изречена мерка, повторно се јавиле во евиденција на Центарот за социјална работа како деца повторници во текот на 2014 година, односно деца кои во текот на истражуваната година повторно сториле кривично дело.

Реформските процеси во системот на правда за децата во Република Северна Македонија, со цел поттикнување на правниот системот за заштита на децата во согласност со меѓународните и стандардите на Европската Унија, се заокружени со донесувањето на Здружението за заштита на правата на детето, чијашто примена започна на 1.12.2013

година. ЈУ Завод за социјални дејности во согласност со законската надлежност за проучување на социјалните појави и унапредување на социјалните дејности со поддршка на меѓународен консултант во 2011 изготвил Општи стандарди за работа на стручниот кадар во Центарот за социјална работа при давање социјални услуги во заштита на децата, а во 2014 изготвени се Стандарди и процедури за постапување на Центар за социјална работа кадешто за децата во ризик и децата во судир со законот особено се важни Стандарди за раководење со предметот и стандарди за правда за децата.

Појавата на повторништвото во извршувањето на кривични дела посебно е загрижувачки феномен и бара соодветна општествена реакција. Во стручната литературапојавата на повторништвото кај децата како сторители на кривичните дела се означува како сигурен показател за неуспешните мерки на ресоцијализација, односно отсуство на соодветна општествена реакција, бидејќи заедничка надворешна карактеристикна на сите деца повторници, без разлика на другите поделби, се огледа во тоа што спрема нив кривичната санкција како доминантен облик на општествена реакција за извршено кривично дело не дава позитивни резултати, па тие и понатаму продолжиле со вршење кривични дела.

Зголемувањето на бројот на деца кои се јавуваат како повторници во вршењето кривични дела укажува на несоодветен одговор на потребите на децата. Потребата од унапредување на капацитетите на установите, особено Центарот за социјална работа кој работи со деца во судир со законот/повторници и обезбедување квалитетни социјални услуги на децата преку развој на практични модели обезбедувајќи ја нивната социјална инклузија, е нешто на што мора да се посвети особено внимание.

Се забележува потреба од интервенција на повеќе нивоа: детето, неговото семејство, но и ресурсите во локалната заедница, со интензивна семејна терапија, со градење мрежа на поддршка, но и целосно планирање, следење и евалуирање на интервенциите, како и нивна модификација во согласност со индивидуалните потреби на децата. Се наметнува потребата за долгорочни решенија за проактивни интервенции преку модификација на неформалните и формалните механизми за справување со потребите и проблемите на децата во судир со законот.

# 1. Дефинирање на повторништво

Зборот повтор, поврат, рецидив, рецидивизам или повторништво се универзални поими за сузбивање на појава која повторно се враќа, т.е. враќање на исто.

Зборот повторништво е синоним на зборот рецидивизам кој потекнува од латинските зборови „re“ што значи „назад“ и „caedere“што значи „да падне“.

Постојат многу дефиниции за повторништвото, но најважни се три дефиниции:

Со кривично-правна дефиниција повторништво (рецидив) претставува повторно вршење кривични дела од страна на лице кое претходно било осудено за сторено кривично дело од различен или ист вид.

Криминолошка дефиниција: Повторништвото го дефинира како повторно вршење на кривично дело без оглед на осуденоста за претходно стореното кривично дело.

Со пенолошка дефиниција повторништвото се дефинира кога на лицето повторно му е изречена мерка санкција откако ја издржал претходната санкција/мерка.

Во социолошка смисла поимот повтор подразбира повторно вршење иста грешка во повеќе области од животот, како повторно враќање на некое зло, болест, грешка, неправда... откако еднаш веќе тоа зло било пријавено, третирано.

Во криминолошка литература со поимот повтор се означува повторно вршење кривично дело по претходно веќе извршено кривично дело. Ова укажува на неуспех во третманот и упорноста на само дете да врши кривични дела. Детето повторно врши кривични дела, тоа значи дека е нересоцијализирано во пенолошка смисла на зборот.

Во современата литература од областа на криминалистиката, правото, социологијата, педагогијата, психологијата и социјалната работа малолетничката деликвенција зазема сè повеќе простор.

Помеѓу децата во судир со законот е се поизразен (повторот).

Во научната и стручната литература како и во секојдневната практика оние што се занимаваат со намалување на криминалитетот, за подобро идентификување на оние лица коишто во својата животна кариера сториле повеќе кривични дела и за таквото недозволено и забрането однесување им биле изречени кривични санкции, се употребува терминот

„рецидивист“, а самата појава „рецидивизам“, кои во секојдневна комуникација се преведуваат како „повтор-повторник“ или „поврат-повратник“.

Етимолошкото значење на зборот „повтор“ потекнува од латинскиот збор „рецидив“, што значи повторно враќање на нешто, пред сè на болест за која се смета дека еднаш била излекувана или, во социолошка смисла, повторно паѓање во иста грешка.

Овој термин во криминологијата и кривичното право се презема од медицината и се употребува од оние криминолошки и кривичноправни школи коишто се обидуваат криминалитетот да го објаснат врз основа на карактеристиките на личноста, како наследените така и стекнатите, а пред сè од антрополошката и позитивистичката школа. (Љ. Арнаудовски, В. Чачева, 1979).

Повторништво е термин што соодветно ги искажува постојаните грешки на една иста индивидуа. Општествените грешки се од најсериозни злосторства, па до ситни криминални престапи како алкохолизам, јавно нарушување на ред и мир, проституција и сл.

Во стручната литература (Milutinović, 1976,Singer,1996,;Lakićević, 2000, Buljubašić, 2008), појавата на повторништво помеѓу децата се означува како сигурен показател за неуспешните мерки на ресоцијализација или немање соодветна општествена реакција, бидејќи заедничка надворешна карактеристикна на сите повторници, без разлика на другите поделби, се согледува во тоа што спрема нив кривичната санкција или другите алтернативниоблици на општествена реакција не дале позитивни резултати, и тие продолжиле со деликвентно однесување.

Криминалната кариера се однесува на низа кривични дела кои ги направила една личност за одреден временски период, додека криминалниот животен стил се однесува на спојот на различни мисли, мотиви и однсеувања кои доведуваат до извршување на кривични дела. (Blumstein i sur.,1986; Blumstein, Cohen i Farrington,1988;Mallillin,2006)

Криминалната кариера е индивидуална, т.е. се разликува од поединец до поединец, и најчесто за криминалната кариера се зборува во две крајности. Од една страна се лицата кои сториле само едно дело, додека од друга страна се лицата кои често прават тешки дела во подолг период.Таквите лица се нарекуваат непоправливи, хронични, т.е. професионални криминалци. Во контекст на „криминалната кариера“ овие сторители се нарекуваат кариерни криминалци (career criminal). Зборот „кариера“ се дефинира или како „насока или

напредување низ животот“ или како „начин на којсе заработува за живот“ (Farrington,1987, prema Mallillin,2006,5; Oxford English Dictionary, http:// www.askoxford.com/?view=uk).

Поконкретно поимот „криминална кариера“ ги опишува сторувањата на кривични дела во еден подолг временски период, но не се сугерира како личност која ги прави тие дела со нив се служи како со средство со чија помош заработува за живот.

Но, мора да се истакне дека корените на повторништвото треба да се бараат во социо-економскиот амбиент. За судијата е важно колку пресудата што е изречена влијае врз ресоцијализција, за пенологот е важен третманот во казнена установа што ќе го одврати сторителот од натамошно вршење кривични дела. Општеството е заинтересирано за сите аспекти на појава на повторот и со проучување на секој аспект поединечно и со синтеза на добиените знаења ќе може правилно да се насочи општествената интервенција.

## 2. Потеклото на повторништвото

Уште од времето на Платон и Аристотел се расправало за причините кои доведуваат до извршување на злоделото кои се пресудни за деликвентното однесување. Некои автори зборуваа за пресудното влијание на „болеста на децата“ (Платон), додека другите поголемо значење му придаваат на влијанието на општественото уредување, односно богатствата и сиромаштијата(Аристотел).

Уште од средниот век криминалот се поистоветувал од општествен аспект и за него се зборувало дека се случува како причина за лошото општествено уредување. Во првата половина на 19 век се почнало со научното проучување на криминалитетот, а во 20 век дошло до вистински потоп со научни објаснувања и сфаќањето на причините кои доведуваат до криминално дејство.

Според едно толкување, обидите да се објасни потеклото на криминалот може да се категоризираат во пет основни насоки за проучување:

1.Антрополошко проучување;

2.Биолошко проучување;

3.Психопатолошко проучување;

4.Психолошко проучување и

5.Социолошко проучување

Објаснувањето според потеклото на криминалот е спорно затоа што антрополошкото проучување може да се подразбира со биолошкото проучување, а психопатолошкото со психолошкото проучување.[1]

Не постои општоприфатена шема за причините кои ја предизвикуваат деликвенцијата кај децата и младите.

Според друга теорија, за да се сфатат полесно причините кои доведуваат до криминално дејство, се образложуваат со три основни групи:

1. Биолошки;
2. Психолошки и
3. Социолошки теории.

## 2.1. Биолошки теории

Во криминологијата биолошките теории се сочинуваат од научни насоки кои се подразбираат во органскиот свет според Дарвиновото толкување за еволуцијата и кои се применуваат во општеството и другите појави. Станува збор за теорија која како основа го има мислењето дека биолошките предиспозиции се основни криминологени фактори. Посебно се назначуваат причините на биосоматските процеси како што се: вродени, наследни, органски, физиолошки и останати биолошки функции кои се набројуваат како можни причинители на деликвентното однесување на одредена група луѓе.[2]

Позначајни биолошки теории се:

1. Френолошка теорија;
2. Наследна теорија;
3. Биоконституционална теорија и теорија на склоноста;

[1]*Крстиќ, О.: Малолетна деликвенција, op. cit., стр.112*

[2]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, Факултет за физичка безбедност и заштита, Бања Лука 2013, стр. 47

4. Хромозомска теорија;
5. Ендокринолошка теорија и
6. Расна теорија.

**1.Френолошката теорија** е важна во криминологијата за полесно да ги сфатиме биолошките теории и конструктивната ориентација. Најзначајните претставници на оваа теорија се австрискиот лекар Гал и Шветскиот теолог Lavamer (кои кон крајот на 19 и почетокот на 20 век посебно се занимавале со проучување на човечката глава, обликот и обемот на главата) и таа укажува на поврзаноста на склоноста кон деликвенцијата и моралните особини на личноста со конструкцијата на главата. Врз основа на одредени специфични сегменти, кои тие ги воочиле во човечката глава, Тал и Лаватер мислеле дека со сигурност можат да предвидат какво ќе биде идното човечко однесување. Тие дури и тврделе дека главата на деликвентното е во облик на круша и се разликува од нормалните луѓе и дека обликот се поврзува со криминалната предиспозиција. Многу е интересно дека оваа теорија едно време била целосно призната во светот, но кон почетокот на дваесеттиот век е целосно отфрлена.

**2.Теорија на наследството** е поврзана за оние претставници во криминологијата кои деликвентното однесување го поврзуваат со неговото потекло. Најпознатиот претставник на оваа теорија е секако познатиот Чезаре Ломброзо, според кој „родени криминалци“ се тие кои потекнуваат од дегенерирани семејства кај кои се јавуваат случаи на лудило, глувост, сифилис, епилепсија и алкохолизам.

Генетското наследство за криминологијата е најзначајно бидејќи се манифестира во одредени биолошки карактеристики кои се однесуваат на хромозомите, гените и дезиксифибонуклеинската киселина-ДНК.Досегашните научни криминолошки истражувања во врска со генетското наследство укажувале на одредена веродостојност кај ментално попречени лица, односно присуство на хромозомската аберација на предците и потомците. Генетските истражувања покажале на таканаречениот „амвистички тип на деликвенти“. Иако и денес на оваа теорија ѝ се придава значење, тоа е во денешното современо општество прилично отфрлено иако во втората половина на 19 век оваа теорија била прифатлива.

Повеќето криминолошки истражувања од оваа област се поврзани со изучувањето на таканаречените „криминални семејства“ и близнаците во обид да се докаже дека деликвентното однесување е вродена и наследна појава. Теоријата за наследството е проверувана низ таканаречената „адаптивна студија“ набљудувајќи го однесувањето на децата кои се дадени на посвојување, односно разликата и влијанието на средината и биолошките причинители.

Впрочем, во тие студии е заклучено дека доколку двете деца од исти родители се адаптирани, а биографијата на нивните родители е криминална и со деликвентно однесување, и во нивната средина постои опасност за остварување на теоријата на криминално наследство.

Некои студии во Европа исто така иницираа тези дека татковата криминална биографија е солидна основа тоа да се пренесе на потомството, особено ако биолошките родители се првични субјекти на извршителите на кривичните дела.[3] Истражувањата на децата близнаци во оваа студија се занимавале со прашањето колкава е веројатноста поединците (еднојајчани близнаци) да имаат исти или слични карактеристики (интелигенцијата, криминалното однесување, како и неговиот биолошки сродник). На тој начин теоретски е претставена идејата дека постои одредена генетска предодреденост или детерминизам кон криминалот. Со оваа теорија се обидувале да докажат на нивното генетско влијание, особено кога станува збор за кривични дела за имотноправни работи доколку станува збор за лица со пониска интелигенција.

Во однос на социјалниот пристап, таканаречената теорија на социјалното наследство објаснува дека постарите генерации наследно ги пренесуваат нивните особини на помладите. Така родителите нивните проблеми од младоста ги пренесуваат на нивните потомства која потоа се одразува на биопсихичкиот развој и однесување кај децата.

**3.Биоконституционална теорија** првенствено е поврзано со Ламброзовото антрополошко училиште. Неговиот таканаречен конституционален тип на криминалци, родени криминалци научно целосно се оспорува, но неколку поединости од неговото учење

[3]Оваа студија ги опфатила и децата чии родители се криминалци кои посвоиле деца на кои нивните биолошки родители немаат криминална биографија. Исто така е воочено дека постои намалување на криминалното однесување доколку се добростимулирани семејствата (во спротивност со генетско објаснување).

оставија длабок печат во криминологијата затоа што служеа за основа на понатамошни проучувања и истражувања на човекот и неговото однесување.

Теоријата на Ломброзо се покажа како неоснована, па и тој самиот дополнително ја модифицирал за разбивањето на Ламброзовата теорија на родените деликвенти и посебен придонес даде англискиот лекар Charles Goring, кој споредувајќи над илјада осуденици и војници на една касарна, заклучи дека не постои никаква значајна разлика помеѓу оваа група луѓе.[4]

Според овие теоретичари, деликвентните личности, освен конституционалните карактеристики, се предодредени и за одредени психолошки особини. На ова посебно укажуваа Grasberger, Exmel, Neuriter, Dalmas, Blondel, Di Tuliu и др. Тие укажуваа на поврзаноста помеѓу физичкото со анатомскиот изглед и човечките морални особини.

Нотон(1936)на пример истакнува дека биолошката инфериорност е примарна и причина за деликвенцијата. Според неговото мислење, физичките и менталните особини на човекот се меѓусебно поврзани затоа што физичките особини се индикатор за менталната диспозиција на човекот.

Луѓето кои се склони кон криминал се личности со ниска биолошка припадност. Високите и слаби луѓе се предиспонирани за убиства и крадење, високите и дебели за фалсификување и измами; ниските луѓе за крадење и провали; високите и дебели за напади на луѓе и сексуална деликвенција.[5]

Според претставниците на биоконституивната теорија на зависноста, вродените потреби за деликвентно однесување се стекнуваат со генетско наследство и притоа наследуваат посебен конститутивен тип. Ваквите теории ги поддржуваа Zeling, Laignel-Lavastine, Stanciu и др.

**4.Хромозомската теорија** е поврзана со тоа дека пореметувањето на јадрото на ќелиите (хромозомските) содржат гени и носители се на наследните особини, и тие произведуваат општо абнормално однесување. Така оваа теорија на „хромозомскиот убиец“

---

[4] Gado, M.: Criminal Mind , Criminal Psihology, Bad to The Born, http://www.trutv.com/library/crime/criminal_mind/psychology/crime_motivation/4.html

[5] Hoton, E.: The American Criminal, Harvard University Press, 1936.

ја доживеа Ламброзовата теорија и предизвика бурна реакција помеѓу медицинските и кримилошките стручњаци.[6]

Со истражувањата спроведени кај осудените лица констатирано е дека помеѓу извршителите на криминогените дела кај машкиот пол прилично често се јавуваат XYY комбинации на хромозомите Y кои се поврзани со криминалното однесување особено насилството.[7]

Така почнала да се развива и посебна биолошка насока која упатува на врската помеѓу генот и деликвенцијата, според кој енормниот вишок на хромозомот Y развива посебен конституционален тип на личности кои се склони кон криминалот. Па така комбинацијата на хромозомите XYY кај мажите и XYY кај жените се подразбира како криминогена. Овие поттикнуваат на одредени видови кривични дела (сексуална деликти, крадење и убиства), а кај жените на проституција.

Основните претпоставки на оваа теорија се следни:

А) еден од 1000 мажи е тип на хромозомската аберација XYY;

Б) маж XYYе повеќе предиспониран на криминално однесување или во болници за ментално болните лица за разлика од мажите XY;

В) маж XYY е со понизок коефициент на интелигенција за разлика на мажот XY и

Г) затоа што повеќето XYY мажи се во затвор во споредба со тие кои се на слобода (во споредба со мажите XY), тоа хормонално пореметување е главниот виновник за агресивността и насилството на тие личности.[8]

Pinatel во врска со ова смета дека абнормалната хромозомска комбинација дури за 50-60 пати е поголема кај деликвентите отколку кај групата луѓе што не се деликвенти. [9]

**5.Ендокринолошката теорија** претставува биолошка теорија која за основа ги има медицинските истражувања и причините за криминал ги објаснува со пореметувањето на

---

[6]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 25.

[7]Jacobs во 1965 год. сугерираше дека мажите со XYY имаат повисок степен на агресивност отколку мажите XY

[8]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 53.

[9] Pinatel, J.: Biologie et responsablite, Revue de science criminelle et de droit penal, comp. XXII, 1968.

функционалните ендокрини жлезди (тироидни-штитна, хипофиза, надбубрежната и полната жлезда). Па затоа претставниците на оваа теорија укажуваат на тоа дека менталните пореметувања на личноста се ниската интелигенција која води до сите овие пореметувања.

Претставници на оваа теорија се N.Pande, Mshlopp, E. Smith, I. Vellman, Podolski и др.(1995). Според кои ендокриниот систем е примарен причинител кој предизвикува деликвенција бидејќи се смета дека жлездите со внатрешно лачење влијаат на психофизичкиот развој на личноста, па кога ќе се спроведуваат може да се толкуваат сите облици на девијантното однесување.

Затоа Mshlopp и E Smith(1995) сметаат дека лицата кои патат од ендокрино пореметување се типично родени деликвенти. Подолски тврди дека: „Колку повеќе е низок нивото на шеќерот во крвта, толку е поголема веројатноста за извршување кривични дела“. Научните истражувања сепак укажуваат на тоа дека пореметувањето на ендокрината жлезда влијае на емоционалната состојба на личноста, врската со криминогеното однесување е повеќе индиректна отколку директно влијание.

**6.Расната теорија** се состои од тврдењата на нејзините претставници дека расната особина на секој претставник на големите и ниските раси е вродена и наследна, па затоа и деликвентното однесување претежно се поврзува со одредена расна припадност. Тие сметат дека одредени раси се предодредени за криминално однесување, па тоа го докажуваат со одредени статистички податоци, споредувајќи криминал од страна на „белите“, „жолтите“, „црните“ и останатите расни карактеристики на „обоените“. За основа на овие теории се земени ставовите на Ламброзо, Атавенбург, Лабанже, Нилефори и особено Тарофала, кои докажуваат дека секоја раса поседува збир на морални инстинкти кои не се плод на расудување на индивидуите, туку негов вроден дел исто како и физичкиот тип на расата на која припаѓаат, на „склоноста или предиспозицијата за вршење злодело може едноставно да се пренесе наследно како и секои други склоности и предиспозиции“. Со таквиот пристап се поаѓа од тезата дека: „деликвенцијата е појава во животот на секој народ“. Познато е дека оваа теорија низ историјата била злоупотребана за прогонство на времето и нивните поборници се обиделе да докажат дека тој народ е „расно предиспониран“ за криминални дела или фалсификување на личните исправи, корупција, лажно банкротство и лични

криминални дела. Таквата ориентација особено била изразена за време на фашизмот во Германија и антисемитското движење во Советскиот Сојуз од 1933 до 1945 година.[10]

## 2.2. Психолошки теории

Психолошките особини на личноста кои најчесто се поврзуваат со деликвенцијата се: карактерот, темпераментот, интелигенцијата, емоционалната стабилност и мотивацијата. Привrzaniците на ова теоретско сфаќање се обидувале почетните корени на криминалот да ги најдат во одредени психички трауми доживеани во детството. Психолошката теорија во прв план ги објаснува причините на деликвентното однесување истакнувајќи ги притоа психолошките причини. Овие теории криминалното однесување го поврзуваат со психолошките особини на личноста. Постојат два вида пристап. Првиот пристап укажува на поврзаноста на некои психички особини на деликвентното однесување, додека вториот пристап се занимава со паралелното испитување на личноста на неделиквентното и деликвентната група сè со цел на изнаоѓање карактеристики кај деликвентните личности. Заинтересираноста за деликвентните личности низ историјата може да се проучи низ неколку фази.

Во првата фаза во прв план се става специфични криминална личност, во втората фаза се истакнува дека асоцијалното тежнеење постои и кај неделиквентните лица, третата фаза ги застапува мислењето дека разликата помеѓу деликвентите и неделиквентните е само во степенот на исполнувањето. Претставниците на овие толкувања криминалното однесување го поврзуваат со психолошките карактеристики на личноста и во потполност ги занемаруваат социјалните фактори.[11]

Претставниците на овие теории сметаат дека причините за ваквите појави се психичките проблеми на лицата од психолошкиот фактор кој влијае на однесувањето најчесто се наведува карактерот, темпераментот, емоциите, односно нестабилната емоционалност, мотивацијата, ниската интелигенција, агресивноста, незрелоста,

[10]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр.54 .
[11]Цириќ, З., Димитријевиќ, Б.: Основи на судската психијатрија и психологија, op. cit., стр.184

комплексираност, отпор и неприфаќањето на останатите лица, невротичност, психотичност и слични тешкотии: Во психолошките теории спаѓаат и:

1. Психоаналитичко разбирање;
2. Теорија на фрустрација;
3. Бихевиористичко разбирање;
4. Теорија на интелигенција;
5. Теорија на неприлагодување.

**1.Психоаналитичното разбирање** на облиците на девијантноста и деликвенцијата се објаснува со психичката состојба на личноста од аспект на несвесноста, односно потсвеста пред сè на потиснатите сексуални нагони и импулси. Овие учења се базираат на сè што се случува во животот и соништата кај луѓето поттикнувани од потсвеста, односно тоа е последица на раното детство, кои се во непосредна врска со развојот на сексуалноста во општа смисла. Претставниците на оваа теорија во елементите на инстинкт, особено смртниот инстинкт, ги наоѓаат објаснувањата за склоноста на луѓето кон деструкцијата, агресивноста и други видови насилство.

Психоаналитичарите сметаат дека деликвенцијата е производ, односно се јавува како последица на поттикнатите желби во потсвеста, каде што се судираат со скриени мотиви и желби, кои произведуваат внатрешен револт. Тие сметаат дека ништо не им се препушта на случајноста, ненамерноста, или негрижата.

Станува збор дека намерата само е потисната во потсвеста и тоа е производ на многубројни можни комплекси. Причините за деликвентното однесување се објаснуваат со пореметувањето на функционалните компоненти- Ид, Ега и Суперега.

Ид – го претставува несвесниот дел на психичката структура и се состои од дел на нагонот на личноста. Неговата психичка енергија, или тоа што Фројд го нарекува Лифидо е инстиктивна, исчезнува за уживање и задоволување првенствено на биолошките потреби и мотиви.

Его (разумот,свеста) е најактивниот дел од структурата на личноста која се одразува како мислење, перцепцијата, меморија и расудување. Постепено се развива како резултат

на развитокот на нервниот систем, влијанието на социјалната средина и стекнатото искуство.

Суперего (совеста) е дел на психичката функција кој се однесува на моралните потреби, друштвените норми и социјалните мотиви. Тоа е важна компонента на психичката структура за да се разбере моралното однесување и го регулира однесувањето на личноста за да не изврши или не се планира кривично дело, и доколку тоа ќе се случи, строго ќе биде прекоруван и казнет од средината каде што живее и ќе чувствува чувство на вина. Иако на прв поглед така изгледа, Ид, Его, и Суперего не се строго раздвоени еден од друг, туку се меѓусебно поврзани во динамичен однос.[12]

Меѓу психоаналитичарите уште се истакнуваат и Александер, Стауб, Адлер и Јунг. Во типологијата на криминалното однесување Александер и Стауб ги разликуваат замислените (имагинарните) чувства кои се манифестираат во вид на закани и ефективен криминалитет, кој може да биде хроничен и аксидентален. Адлер кога ја објаснува појавата на девијантноста му придава посебно значење на комплексот на инфериорноста, додека Јанг на Едиповиот комплекс.

Според Адлер, човек кога ќе се роди е „бел неиспишан лист", што ќе биде во иднина ќе му одреди судбината. Доколку таа му ги скрати желбите, кај него ќе се развие комплексот на инфериорност и неуспех при социјализација, што е клуч кој се одржува во битието и својствата на индивидуата (личноста) од кои некои имаат тенденција на егоцентризам, а некои лично незрелост, особини кои му се „припишуваат на идеалниот тип на злосторник".[13]

**2.Фрустрациската теорија**, претставниците од оваа теорија најмногу се истакнуваат се Долорд и Милер, криминалната предиспозиција на човекот ја објаснуваат со делувањето на фрустрацискиот причинител кај човекот при неговиот развој. Тие според оваа теорија ги објаснуваат девијантното однесување и човечката агресивност сметајќи дека среде фрустрација кај личноста доаѓа до разочарување, емоционална нестабилност и пореметување во психичката функција, кои се манифестираат со деструктивна агресија. Таквите личности немаат чувство на вина и ги отфрлаат пречките кои им се попат со цел да

---

[12]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 56.
[13]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 56.

дојдат до одредената цел. Еден од претставниците на оваа теорија Хели на таков начин покажал дека причината за криминалното однесување на човекот е фрустрацијата поради незадоволните потреби во раната фаза на детството.

Претставниците на овие теории исто така сметаат дека е зајакната реакцијата на сѐ што спречува задоволување на мотивите, како и дека сѐ потешките облици на девијантностите, деликвентноста може да ја доведат директна врската со причините на фрустрирачката состојба со пониската состојба на фрустрирачката толеранција. Постојат обиди за да се објаснат полесните криминални дејства како реакција на социјалниот статус, како и појавите на хулиганизам и вандализам.

3.**Бихевиористичката теорија** деликвенцијата ја толкува како стекнат научен облик на однесување, при што општествените фактори се третираат како примарни причинители на човечката деструкција. Деликвентното однесување се објаснува со причините, односно стекнатите навики на однесувањето низ учење по терк (модел). Пристапот се заснова на Борџесовата верзија за сфаќањето на поимот на социјалното учење, законитоста на имитирањето, Бондуре смета дека деликвентното однесување е таканаречена моделизација или опсервациско учење. Според таа теорија, секое однесување, вклучувајќи го и криминалното, е процесно учење. Учењето се стекнува со посредување на разни обрасци на однесување, во семејството преку медиумите, учество во супкултурните групи. Доколку таквите групи се подредени и кон деликвентното однесување, тие тогаш по моделите на социјалното учење ќе имаат влијание на однесувањето на другите лица кои дотогаш немале деликвентни предиспозиции.

4.**Теоријата на интелигенцијата** деликвентното однесување го толкува како одраз на ниската интелигенција и малоумноста. Претставниците на овие теории сметаат дека недостатокот на интелигенција доведува до недоразбирање и несфаќање на криминалното однесување, како и непреземање на одговорноста за одредено девијантно однесување. Теоријата на интелигенцијата се појавува кон почетокот на 20 век и била заснована на откривањето на наследните ментални инфериорности, па затоа претставниците на оваа теорија се занимаваа со мерење на интелигенцијата кај деликвентите и дојдоа до заклучок дека на повеќето претставници од тоа време интелигенцијата им била на ниво на децата помеѓу 10 и 12 години. На тестирањата на малолетните деликвенти се јавуваат разлики во

степенот на интелигенцијата во зависност од видот на извршеното кривично дело. Така на пример силувањата се почесто извршени од интелектуално заостанати лица.[14]

Многубројни криминолошки и психолошки истражувања кои се извршени во објектите во кои се наоѓале осудени лица покажаа дека просечната интелигенција кај осудениците е во ниско ниво на просекот (90-95 IQ).Меѓутоа ова не значи дека интелигентните лица не се вршители на кривични дела.

Спротивно, општествената опасност на кривични дела извршени од страна на високоинтелигентните лица според некое правило е повисока од тие кои ги извршуваат помалку интелигентните лица. Меѓутоа структурата на извршените кривични дела е многу различна. Интелигентните лица вршат кривични дела во сфера на организираниот криминал, компјутерски криминал и др. И сето тоа не е пример за помалку интелигентните чинители на кривичните дела. Од друга страна, помалку интелигентните лица најчесто се определуваат за класичен криминал, пред сѐ имотни кривични дела (крадење, тешки кражби, разбојништво и др.).

6.**Теорија на неприлагодувањето** – причините за деликвентното однесување ги доведува во врска со неможноста на поедини лица да се прилагодат во општеството во кое се наоѓаат и живеат. Проблем за нив претставува природата на адаптација поради слабото прилагодување на личноста во реалните општествени услови во една средина. Така Пеџ наведува дека причините на криминалното однесување треба да се бараат во прилагодувањето на индивидуата во неговата околина и Фројд истакнува дека криминалитетот се јавува затоа што поединци кај кои постојат инстиктивни криминални тенденции не успеваат да се прилагодуваат во друштвото бидејќи им недостасува воспитување.[15] Фројд, но и други психолози го истакнуваат значењето на констатирањето или претпоставката дека секој човек има криминални предиспозиции, но тие доаѓаат до израз само кај поединци кои не се во состојба да се прилагодуваат во општеството.[16]

---

[14]Чириќ З. Димитријевиќ, Б.: Основи на судската психијатрија и психологија, op. cit., стр. 184
[15]Фројд, С., Вовед во психоанализата, Белград, 1961
[16]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 87.

## 2.3. Социолошки теории

Социолошките теории, за разлика од биолошките и психолошките теории кои во прв план ги рангираат причините на криминалното однесување, особено факторите кои доведуваат до нарушување на личноста, претставуваат научно сфаќање кое причините на деликвентното однесување ги согледува низ објаснување и влијанието на разните општествени причини. Значи овие теории заедно со факторот личност особено ги потенцираат општествените причини кои влијаат на формирањето на личноста, како и влијанието на личноста на општествените односи, економски, социјални и останати детерминанти. Меѓутоа ни овие теории не се имуни на злоупотреба при обидот преку социјалниот статус да се објаснат специфичностите на психичкото пореметување, доведувајќи го во тесна врска со условите и начинот на живеење.

Во овие теории спаѓаат следните:

1. Теорија на социјалната средина и социјалните проблеми;
2. Теорија на социјалното учење;
3. Културолошка теорија и
4. Теорија на критична ориентација.

Теоријата на социјалната средина и социјалните проблеми криминалната ориентација како индивидуален чин и криминалност ја поврзуваат со микро и макро средина, односно за одредени пореметувања во општествените односи и процесот на социјалната средина. Во тие теории спаѓаат: Теорија на аномијата, теоријата на социјалната интеракција и теоријата на социјалните врски, односно теоријата на воздржување и функционалност.

Теорија на аномијата потекнува од една од Дикменовата позитивност на толкувањата и причините на деликвенцијата. Францускиот социолог Диркем воведе концепт на аномија во својата книга „Поделба на родовите во општеството“ (1983). Аномијата ја објаснува како нерегуларно чувство кое доаѓа во поедините општества и во 1878 година истиот термин го употребува и во своето дело „Самоубиство“. Диркем аномијата ја толкува како морално нерегулирана состојба во која очекуваните норми на

однесувањето се неприсутни, недефинирани, нејасно формулирани – значи сè се сведува на отсуството на нормите во општеството. Во таквите состојби во општеството доаѓа до пореметување на социјалните норми, па затоа тие норми се непочитувани, при што поединецот не е во состојба притоа да го најде своето место во општеството.

Затоа што не му се најјасни правилата по кои треба да се напредува. Таквата ситуација доведува до незадоволство, конфликтни односи и феномен на девијација.

Диркем потврдуваше дека одредени општествени периоди (напр., Економската депресија) доведуваат до поголем степен на аномија и поголем процент на криминалност, самоубиство и девијации, што може да се поистоветува на карактеристиката на состојба во современиот свет и земјите во транзиција.

Разбирајќи ја аномијата како пореметување на функциите во општеството, вредностите и нормите и нивното значење во спознавањето на поединецот, Диркем верува дека во таквото општество се губи силата на општествената контрола, се зајакнува индивидуализмот, напредуваат алчноста, хаосот и нередот.

Таквата ситуација ја опишува како вакуум период за разбирањето на вредностите на системот и ориентацијата, кога при нивното воспоставување на системот на општествената контрола доаѓа до масовна појава на деликвентно однесување. Во врска со тоа, тој појавите на криминалност ги објаснува со слабеењето на влијанието на општествените норми и реакции затоа што минатите норми и стандарди добиваат поголем карактер за преживување. „Според него, злоделото е потребно.“ Тоа е фундаментален услов на целокупниот социјален живот, и со самото тоа тој е корисен. Криминалот не само што е присутен во повеќето од друштва од едниот тип туку е присутен во секое општество од сите видови типови. Нема општество кое не се соочува со проблемот на криминалност.[17]

Друг значаен претставник и основач на позитивните насоки на овие теории е Р. Мертон, кој аномијата ја разбира како општествена состојба, односно како тип на општествена структура. Аномијата и девијантноста се појавуваат од дисфункционалните културни и расположливи цели и средства во некое општество кои се служатсо тие цели. Постигнувањето на тие општествени цели ерегулирано со посебни инструменти и отстапува

[17]Да се види повеќе кај: Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 43-44.

од пронаоѓање на санкциите и средствата за кои не може секогаш да се рече дека се прилагодени во секое општество и се за секого подобни.[18]

Овој претставник на теоријата на аномијата укажува на тоа дека почитувањето на законите во општеството доведува до поединечни и групни отстапувања од општествено прифаќање и однесување, кое може да се истакнува во форма на конформизам, иновација, ритуалност, повлекување и бунтување.

Според него, во неможност извесни културни цели, желби и интереси да се остварат по пат на легални средства, кај некои луѓе предизвикува потреба тоа да се постигне преку вонинституционални средства и методи. Во тоа тој ја гледа етиолошката основа на девијантноста. Мертон (1949)смета дека општеството ги дефинирало патиштата и механизмите за да се остварат основните општествени потреби и цели преку работа, образование и слично, но тоа не можело на сите да им обезбеди услови на таков начин да ги остварат целите. Затоа тој укажува на пет облици на индивидуални и групни реакции-социјална адаптација во однос на средствата и целите.

Теоријата на социјална интеракција е етикеција, се заснова на тезата дека општествените односи, интеракции на девијантните и недевијантните општествени групи, со тоа што во тој однос кон нормите и обрасците кои се сметаат нормални, кои ги диктираат доминантните групи, одредени групи отстапуваат од своите деликвентни ориентации. Девијантното однесување значи не е појава само по себе (девијантните биолошки и психолошки не се разликуваат од останатите), туку општествената реакција го одредува како таков. Според претставниците на оваа теорија (Е.Лемерт, Х. Бекер, Е.Гофман), општеството се дели на конформисти, односно на општествено контролни групи и девијантните кон кои е насочена општествената реакција (превентивна и репресија). Теоријата на етикецијата укажува на тоа дека деликвентното однесување не мора да има групен карактер затоа што образецот на деликвенцијата е санкциониран во општеството.

Со теоријата на општествени појави се објаснуваат проопштествени, а не девијантни однесувања. Претставник на овој теоретски пристап Хирши, 1969 година, заклучил дека постојат четири општествени скалила за унапредување и социјализација на човекот: врската (поврзаноста) обврските (верноста) вклучувањето (учеството) и верувањето. Според него, колку се тие скалила поцврсти, помали се можностите за деликвентно однесување, а

[18] Merton, R.: Social Theory and Social Structure, Simon & Schuster, The Free Press, New York, 1949.

какви ќе бидат зависи од контролата на општеството (законот и редот) и неморалните норми. Хирши ја разви теоријата не за да докаже зошто човекот прави криминални дела, туку зошто ги отфрлува конвенционалните норми. Тргнувајќи од пристапот за објаснување на просоцијалното однесување, односно од примарните елементи кои поттикнуваат социјализација и конформизам, тој ги потврдува четирите наведени основни заеднички врски. Тој претпоставува дека сите луѓе имаат услови и можности да станат извршители на кривични дела, па затоа државата и неморалната контрола обезбедуваат ред и закон. Без контрола секој е во можност и е слободен да се занимава со криминал. Според него, секое општество го воспоставува системот на вредности кои делуваат кон секој поединец. Моралната санкција не е доволна за сузбивање на криминалот бидејќи тоа нема влијание кај одреден број луѓе, бидејќи деликвентите ги одбиваат таквите норми на вредности.

Според Хирши, првата точка за социјализација е врската и поврзаноста т.н. ест вредноста, која особено е изразена кон семејството и училиштето. Втората е верноста, третата врска е учеството и последната верата во смисла на почитување на законите, луѓето и институциите кои ги применуваат.

Американскиот социолог В.Реклес на слични принципи се обидел да ја објасни својата теорија на воздржување од деликвенција, како и нормалното однесување.

Теоријата на социјалното учење подразбира толкување на причините на деликвентно однесување кои се наоѓаат во имитацијата, идентификацијата, односот и поддржувањето на моделот во општествената средина. Тука се вбројуваат теоријата на имитацијата, теоријата на диференцијалната и идентификација.

Теоријата на имитирање го прифаќа во суштина социјалното влијание на средината при појава на деликвенцијата внесувајќи и други елементи. Претставник на оваа теорија Тарде отфрлувајќи ги антрополошките тези за родените „криминалци“ укажува на општествениот карактер на деликвенцијата, поддржувајќи ги своите ставови на основа на имитацијата. Според него, деликвенцијата е облик на научно однесување која се учи и стекнува во соработка со други лица.

Извршители на кривичните дела се лица кои учат занает како и сите останати, имитирајќи ги нивните идоли уште од најрана младост. „Човек убива или не убива затоа што имитира некого.“ Тарде отпишал три закони на имитација: Законот на блискиот допир; Законот на имитирање на супериорните и Законот на отфрлување.

Трите закони, или начинот на имитирање, се дефинираат како „модерни“ и луѓето во големите градови се поистоветуваат до таа мера што помеѓу нив постои многу мала врска и како навика во групите, семејството, по селата каде што овој контакт е поредок, второ-ниските слоеви се поистоветуваат повеќе, криминалците од нивните идоли глумат пијанство, труење и убиство (дела кои се својствени на цареви) и трето - каде што еден начин и метода на извршување на криминалните дела се заменува со друг начин.[19]

Теоријата на диференцијалната асоцијација причините на криминалитетот ги наоѓа во причините преземени од девијантните односи на деликвентните групи. На ова посебно укажува американскиот социолог Е.Сандерланд. Според неговото мислење, деликвентното однесување е во заемно влијание со поединците и групите, тие се истакнуваат по моделот на криминалната мотивација, ставовите и техниките на учење и другарување со деликвентите. Разликувајќи ги индивидуалните од групните криминални донесувања, Сандерланд смета дека тоа се стекнува – постепено се учи при меѓусебното комуницирање, без обѕир дали станува збор за обрасците на однесување од криминалната немаштија или криминалната „бела вратоврска“.

Теоријата на диференцијалната идентификација според Гласер е условена со идентификацијата на деликвентите со идолите измислени или вистинските, и нормите на однесувањето кои индивидуата ги репродуцира во деликвентната група. Со идентификацијата се обликува свеста и прифаќањето на моделите со криминална ориентација. Поединецот се впушта во криминалното однесување во смисла да се идентификува со вистинскиот или измислениот лик од кој од негова гледна точка таквото криминално однесување е прифатено.

Во склоп на културолошките теории настанал посебен пристап – теоријата на поткултурата и контракултурата, која поаѓа од ставовите дека девијантните како и конформистичките групи имаат нивни вредности, ориентации и ставови (обрасци на поткултурата, супкултура и контракултура) и овие ставови свесно ги применуваат како позитивни ставови. Девијантните групи преку идентификација, социјализацијата и имитацијата формираат посебна култура која ја применуваат и тие вредноста групата ги промовира со хиерархиско владеење, неформалните правила кои ги обврзуваат членовите на обврзувачко однесување поинакво од општествените вредности. Оваа теорија се создаде

---

[19]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 47.

од анализите на класните разлики на живеењето на ниските друштвени слоеви, со намери да биде објективно вреднувана на високата стапкана насилство во одреден период од развојот на американското општество. Според овие разбирања, деликвентната ориентација на супкултурните групи е сопствена реакција на изразените проблеми со кои членовите на средините и високите слоеви во друштвото се соочуваат. Истражувачите на ваквите појави криминалното однесување го облажувале како последица на фрустрации низ кои поминуваат припадниците на ниските слоеви, бидејќи нормалните друштвени цели законски не им се достапни. [20]

А. Коен (1955) преку деликвентната супкултура го објаснува со однесувањата на малолетничките банди, сметајќи дека малолетничката деликвенција се појавува како судир на културните вредности на средните слоеви. Тој го прикажува еволутивниот пат на настанокот на малолетничките банди, кои се појавуваат како самостојни супкултура во сиромашните квартови на поголемите градови. Тие нивниот настанок го имаат вкоренето во класните разлики, родителското надевање и домашните услови. Децата претставници се по правило здружени за да можат да обезбедат некој статус.

Подоцна Коен, покрај споменатата супкултура, на сличен модел го објаснува и претстапничкото однесување на припадниците од средната класа во општеството, како и женското претстапништво.

Оваа теорија има и некои други варијанти: Теоријата на културните конфликти и општествените групи. Теоријата на културниот конфликт или како и што уште се нарекува-теорија на културниот расчекор, девијацијата, па и криминалот како општествена појава го толкува со произведување на културните конфликти, културните вредности помеѓу општествените групи и тие што се внатре во нив. Притоа се подразбира дека групите може да бидат различни, социјални, верски и слично.[21]

---

[20] Cohen, A.: Delinquent Boys: The Culture of the Gang, The Free Press, Glencoe, 1955.
[21]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 49-50.

# 3. Криминогените фактори на повторништво кај малолетниците

Криминогените фактори ги претставуваат сите чинители кои на кој било начин влијаат во криминалното однесување. Тоа е склоп на биолошките, психолошките и социјалните фактори кои се манифестираат во вид на причина, сурови и повод кои доведуваат до криминалното однесување.

Најчестата поделба на криминогените фактори е:

1. Факторот личност (биолошка, психолошка природа) и
2. Социјалните фактори.

## 3.1 Факторот личност

Секој човек има одредени биолошки и психолошки особини и предиспозиции по кои се разликува од другите луѓе. Затоа во криминологијата долго време е присутна расправијата за тоа дали постојат биолошки и психолошки разлики помеѓу деликвентите и неделиквентните личности, односно дали како таква постои деликвентна личност.

Според некои толкувања, деликвентната личност како таква не постои, додека според друго толкување девијантната личност е биолошки абнормална, лице со пореметена психичка структура.[22]

Поимот криминална личност е воведен на VI конгрес на криминолозите во Мадрид во 1970 година и за кој особен и голем придонес даде францускиот криминолог Ж. Пинател.

Криминалната личност, според него, е структурно единство и израз на личните обележја кои се во акција и интеракција. Освен тоа, Пинател ги разработи и облиците на опасната состојба на криминалната личност, и тоа како хронично застапено.

Според Пинateловото мислење, дијагнозата на опасната состојба може да ги има следните облици:

[22]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 59.

А) многу силни криминални способности, прилагодноста да е многу ниска, највисок степен на опасната состојба;

Б) Криминалната способност силна, прилагодувањето многу слабо - сериозно опасна состојба;[23]

В) Криминалната способност мала, прилагодувањето недоволно-средно опасна состојба; и

Г) Криминалната способност многу мала, прилагодувањето многу високо -лесен степен на опасната состојба.

### 3.1.1 Биолошки фактори

Биолошките фактори беа предмет на изучување на биолошките и антрополошките теории во криминологијата.

Во прашање се:

1. Органски детерминанти;
2. Наследство;
3. Вродени фактори и
4. Антрополошки фактори.

1. **Органските детерминанти** претставуваат ендогени криминогени фактори кои се манифестираат со органски пореметувања кои во некои криминолошки теории се сметаат за битни причини на криминалното однесување. Од друга страна антрополозите ги третираат како вродени или стекнати конституционални аномалии од психолошка природа.
2. **Прашањето за наследство** е секогаш присутна тема на криминолошките испитувања. Се поставува прашањето колкаво е влијанието на наследството кај човечкото однесување, и посебно криминалното. Сепак за криминолозите најважно е генетското наследство поради што посебно се изучуваат гените. Хромозомите и дезиксирибонуклеинската киселина- ДНК. Криминолозите сметаат дека влијанието на наследството во човечкото објаснување е значајно, и подразбира и влијание врз

[23] Ibid., op. cit., стр. 60

деликвентното однесување. Покрај генетското, важно е и социјалното наследство, кое е од повеќето позначајно, па дури и пресудно.

3. **Вродените фактори** претставуваат и субјективни својства на личноста, од биолошка или психолошка природа. Научните мислења не се согласуваат за тоа дали постои деликвентна личност со вродени особини. Така биологистичките претставници (Морел) наведуваат дека деликвентните личности се со карактеристични вродени особини со ментални и антрополошки дегенерации. Фројд наведува дека со личноста со која управуваат инстинктите, додека Адлер и Јунг сметаат дека се во прашање искомплексирани личности. Науката не ја прифаќа теоријата за вродените злодела (Ломброзо, 1906), додека вродените афинитети не се сосема елеминирани.
4. **Антрополошките фактори** како криминогени особини на личноста ги дефинирал италијанскиот истражувач Енрико Фери, кој ги поделил во три групи:

   А) Органски конституции кај човекот (аномалии во главата, мозокот, сензибилноста и физиономијата);

   Б) На психичка конституција (девијации на интелигенцијата, емоциите) и

   В) На личните особини (раса, пол, возраст, социјалните услови, образованието, воспитувањето и др.).

### 3.1.2 Психолошките фактори

Под психолошки фактори спаѓаат карактерните особини на личноста, интелигенцијата, емоциите, мотивациските фактори и други особини. Освен интелигенцијата, останатите психолошки фактори тешко се мерат, па затоа е потребно да се разгледаат како една целина, затоа што единствено така може да се опфатат целосно делувањата кај една личност.

Што се однесува на карактерот, посебно внимание заслужуваат негативните карактерни особини на личноста, кои поради тоа се многу блиски со криминалното однесување. Во негативните карактерни својства на личноста се вбројуваат: агресивност, импулсивност, егоизам, егоцентричност, малициозност и депривација.

Тие карактерни особини на личноста особено се изразуваат кај малолетните деликвенти. Агресивноста и импулсивноста се често причинители на насилство кај малолетниците и сведоци сме на нивниот континуиран раст во последните години.

Некои типови на темперамент кај луѓето, особено колерик, исто така се подобни за криминално однесување. Колерик е тип на темпераментот кај луѓето кои се покажуваат склоност кон агресивното однесување и кои, особено кај малолетните лица, често доведуваат до поедини насилни деликти.

Интелигенцијата е единствената мерна психолошка особина на личноста. Повеќето досегашни истражувања, било да се криминолошки или психолошки истражувања, покажуваат дека просечната интелигенција на осудените лица е на долно ниво на просекот (90-95 IQ). Повеќето криминолози укажуваат на тоа дека дефицит на интелигенцијата е причината на криминалното однесување кај поединецот.

Кривични дела извршуваат интелигентните и неинтелигентните луѓе, со тоа што општествена опасност на кривични дела извршени од страна на неинтелигентните луѓе е на многу поголемо ниво. Интелигентните луѓе вршат криминални дела од областа на компјутерскиот криминал, организираниот криминал, фалсификување и слично, додека неинтелигентните луѓе вршат главно имотна и насилни деликти.

Емоциите претставуваат човечки чувства и реакции кон другите луѓе, случувањата, работите и личните постапки. Емоциите, емоционалната блокада и слични емоции влијаат на нестабилноста на личноста и во криминологијата се третираат како важни криминогени фактори. Некои криминолози(како William Healy, Augusta Broner 1909) сметаат дека малолетната деликвенција доаѓа од нервната напнатост, додека останатите (Curil Burt 1913)сугерираат дека криминалната активност ја иницираат претерано развиени емоции.[24]Емоционалната нестабилност е во тесна врска со емоционалното пореметување, па затоа деликвентната структура, одредена од психичката состојба на нестабилност, се третира како емоционално пореметен деликвент.

Деликвентното однесување е свесен и мотивиран процес затоа што лицето пред да изврши инкримирано дело донесува одлука. На секое криминално однесување му претстои одредено психолошки процес на бунт, кој е поврзан со интересите, ставовите, потребите, способностите, емоциите и другите лични особини затоа што поединецот не постапува

---

[24]Да се гледа пошироко кај: Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, op. cit., стр. 70-71.

автоматски, па ни кога се во примање од надворешните влијанија со криминогени содржини.[25]

Мотивите се секогаш поврзани со одредени цели, интересите и желбите, и затоа имаат особено значење и влијание на однесувањето на поединците. Затоа таа поврзаност на мотивите со целите им дава карактер на динамичните импулси, кои покренуваат и насочуваат активности на една личност во одреден правец. Водинелиќ смета дека криминогеното однесување влијае повеќе на таканареченото склоп на мотиви.[26]

Според ова, чинител е тој кој себе си поставува цел, тој е оној кој сака таа цел да се оствари со извршување на кривичното дело, а не резултатот да влијае при причинители на конкретна околина, односот со неа и животниот став (претставата и чувствата). Влијанието на мотивот е многу значајно кај повеќето кривични дела, исклучувајќи ги ненамерните и случајните, како и делата извршени од страна на душевно болните лица. Тие зависат и од внатрешните и од социјалните реакции, и доаѓаат до израз во сите фази на извршување на кривичните дела(подготовката, самиот чин на извршување, постделиктните активности и др.). Кај поедини кривични дела, како што е на пример убиство, од објаснувањето на мотивите зависи ефикасноста и брзината на расветлувањето на кривичните дела. Ако се потврди мотивот, знаеме во кој правец одиме до извршителот на кривичното дело, мотивите во кривичната постапка некогаш се привилегирани (олеснителни), некогаш се квалификаторни (се јавуваат тешкотии) во вакви околности.

### 3.1.3 Психопатолошки фактори

Во криминолошките теории преовладува мислењето дека психичките пореметувања на одреден начин директно или индиректно влијаат на девијантното однесување или тешки облици на деликвентното однесување на личноста. Во науката се присутни разни квалификации на психолошкото пореметување.

---

[25]Ајдуковиќ, М.: Современо разбирање на малолетната деликвенција, Студија на социјалната работа, Загреб, стр. 110- 112.
[26]Достапно на: http://www.scribd.com/doc/37341592/Kriminologija, стр.41.

Така, според меѓународната квалификација, како психички пореметувања на личноста се наведуваат:[27]

1. **Душевни пореметувања** (душевна заостанатост-менталната ретардираност и психотичната состојба- душевни болести).

Овие состојби се манифестираат со пореметување на нагоните, чувствата, помнењето, расудувањето и делувањето. Ако се погледне од криминолошки аспект, душевните пореметувања се значајни поради согледувањата на причините на деликвентното однесување, насред неможноста на расудување на личноста за последиците и постапката, односно степенот на неговата одговорност за кривичната постапка.

Душевната заостанатост е таков облик на психичко пореметување кој се однесува на ограниченост на душевниот развој (дефекти на интелигенцијата, идиотизам, имбецилност, дебилност). Поради интелектуална попреченост таквите лица не се само извршители туку често се и жртви на кривични дела, посебно на насилниот деликт.

Меѓутоа на сите облици на менталната ретардираност ги немаат истите криминогени основи и значење:

А) Дебилноста-како криминоген фактор претставува најблагиот вид на деликвентните склоности кои се поврзуваат со дебилните личности на границите на нормалното, со црти на психопатска личност или под влијание на алкохолот;

Б) Имбецилноста не се доведува во врска со деликвентните склоности од криминолошкиот аспект, но таквите личности поради сугестибиланост често се жртви на сексуалните деликти;

В) Идиомијата речиси и не се доведува во врска со деликвентното однесување затоа што однесувањето на таквите лица е нагонско, со одреден степен на агресивност.

Психозите се втор вид тешки психотични пореметување и се манифестираат со симптоми на изобличени претстави на реалноста во вид на делузија и халуцинација, каде што станува збор за целосно или обилни ограничена можност на врската личност-реалност. Иако душевната болест сама по себе не значи опасност во општествата, во врска со психотичните личности со деликвентни склоности постојат различни предрасуди. Душевно

[27] www.who.int/classifications/icd/en/bluebook.pdf; 20 октомври 2013.

болните се, како што се мисли, ретко во криминалот, но тогаш најчесто вршат тешки кривични дела. Некои од психозите, како што е манијакално-депресивна природа, како што е паранојата и шизофренијата, се третираат како незаобиколен криминолошки фактор на психопатолошката природа. Во тешки облици на психотичната состојба спаѓаат шизофренијата, паранојата и епилепсијата.

Психотичната личност не е свесна за последиците на своите постапки и основа на лажење и халуцинации, душевна напнатост и внатрешни конфликти како попратни елементи на таквата состојба, може да ги загрози останатите членови на општеството и вредностите на заедницата.

2.**Невротични пореметувања** претставуваат таква психичка состојба на личноста која ја карактеризираат намалена способност на снаодливост и интеракција помеѓу неа и околината. Невротичната личност е свесна за своите тешкотии, за разлика од психотичните состојби

Основната разлика помеѓу неурозата и психотичното пореметување е во однос со реалноста. Односот со реалната кај психозата пореметен, додека кај неурозата таквиот однос е сочуван. Невротичната личноста располага со ментални способности, не е многу различен од реалноста, но не е во состојба да ги контролира емоциите, кои се манифестираат како физичка и психички пречки, што е последица на емоционалниот конфликт помеѓу вродените потреби и неспособноста тие да се задоволат во реалниот свет.

Иако во литературата не им се придава голема значајност на неурозите како фактор на деликвенцијата, сепак е типологизиран како посебна појава на таканаречената неуромичен криминалитет, и е посебен тип на деликвентна личност- невротичен престапник.

Посебните видови невротичните пореметувања кои можат да доведат во врска со деликвенцијата се: појавата на анкциозност, фобиите, хистериите, опсесивно пулсивни пореметувања и депресијата.[28]

3. **Пореметување на личноста**, односно пореметување на психичкиот процес на личноста, многу различно се толкува во литературата. Се смета дека причините за

[28]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија, Универзитет во Нови Сад, 2006, op. cit., стр. 187- 192.

пореметување на личноста потекнуваат од комплексноста во најраните животни искуства или од генетските и социјалните фактори. Тие влијаат на специфичноста структура на личноста, која прифаќа одредени форми на доживување во сопствениот свет, чувствата, мислењето и однесувањето на личноста во социјалното опкружување.

Пореметувањата на личноста доведуваат до разни последици како што се злоупотребата на алкохол и дрога, сексуални пореметувања, анксиозна состојба, манијакално-депресивно пореметување, опсесивно компулсивно пореметување, депресија и неразбирливи идеи, семејно насилство, злоупотреба на децата и други облици на насилство. Според меѓународната класификација на болестите, во пореметувањето на личноста спаѓаат појави на манија, психопатија, афективни, параноидни, шизоидни и епилептоидни пореметувања.

## 3.2 Социјални фактори

Социјалните фактори, покрај внатрешните, вродените и стекнатите се битна компонента на етиологијата на малолетната деликвенција. Во врска со тоа Мило Бошковиќ како многу интересна ја истакнува социјалната карта на малолетната деликвенција. „Типичен малолетен престапник е личност од машки пол, извршител на имотни деликти, потекнува од семејство со пореметени односи, има слаби комуникациски контакти со таткото, проблеми со учењето и однесувањето во училиштето, се дрогира и е склон кон агресивното однесување.“[29] Многу слична социјална карта на малолетната деликвенција се наоѓа во истражувањето спроведено за потребите на: Стратегија против малолетното престапништво за Босна и Херцеговина во 2006-2007 година каде што се наведува дека „момчињата се поприсутни како извршители на кривични дела“. Делата повеќе ги вршат во урбаните отколку во руралните средини, најчести се кривичните дела против имотот, и ретки се кривичните дела со смртни последици.[30]

[29]Бошковиќ, Мило, Скакавац, З.: Криминологија,2006, op. cit., стр. 489.
[30]Анализа на реализацијата, стратегија против малолетната деликвенција за Босна и Херцеговина 2006-2010 год.

Надворешните фактори се тие чинители кои влијаат на друштвото, поединецот и неговото однесување кои имаат потекло од општествените односи и социјалните услови, па затоа во литературата често се дефинираат со поимот социјални фактори. Таквите фактори се од објективна природа и делуваат подолго време, што значи се третираат во динамички, односно генетички процес. Со обѕир на тоа дека посебно не можат да имаат последици и деликвенции, надворешните влијанија на овие појави мораат да се согледаат и во каузалитетот со предоспозициите на личноста, нивната биолошка состојба и психоструктурата, како и детерминантите на менталното здравје и склоноста кон одредени однесувања.[31]

Социајлната средина претставува најважна средина во која се манифестираат надворешните елементи и влијанието на личноста (семејството, училиштето, работната средина), како и средината на неформалните општествени структури (врсници, улицата, соседството). Таа претставува еден од најважните услови за социјализација на личноста, но и причини на неговото асоцијално однесување.

Поради тоа во криминологијата се јавува потребата за развивање и изучување на посебна теорија на девијантноста.

Многубројни се социјалните фактори кои влијаат на личноста на малолетните лица, и во овие трудови особено ќе се истакнува следното: економските услови, влијанието на убанизацијата и миграцијата, транзиционите процеси и нивното влијание, воените состојби и бегалците, семејството и семејните услови, образованието, влијанието на микросредината, слободното време, медициите и социопатолошките појави.

## 3.3 Влијанието на семејството и семејните вредности

Семејството е најзначајниот социјален фактор за правилниот развој на личноста. Семејството директно влијае на правилен психофизички развој на личноста затоа што животот во семејството се однесува и влијае на првата фаза на развивањето и формирањето на основните карактерни црти, морални, работни и други навики. Карактерот на прилагодување на личноста зависи од семејниот карактер и од семејното воспитување.

[3131]Бошковиќ, Мило, Скакавац, 3.: Криминологија,2006, op. cit., стр. 199.

Сопствениот пример и семејниот авторитет имаат важна улога во процесот на воспитувањето затоа што децата природно се ориентираат кон нивните родители кои служаат како пример за однесување. Имајќи ја предвид оваа сензитивна воспитно-социјална функција на семејството за правилно формирање на членовите во општеството, станува јасно дека оваа задача можат успешно да ја извршат само здрави и сложни семејства, хармоничниот семеен амбиент во кои не се присутни негативни појави и девијации.[32]

Дисфункционални семејства или нејзини одредени девијантни членови (подложни на влијанието на алкохолот, наркоманијата, агресивното однесување и др.) можат да создаваат негативен модел на личноста затоа што младите лесно прифаќаат и практикуваат такви однесувања и фактички учат од младиот. Проблемот на некомплетираното семејство исто така може да влијае на однесувањето на малолетниците.

Едно традиционално семејство почнува да функционира кога две човечки битија од спротивен пол одлучуваат да ги спојат нивните животи во една заедничка цел и иднина, и потоа да оформат односно комплетираат едно семејство со донесувањето на свет на рожби кои ќе го збогатати разубавуваат заедничкото постоење.

Досега во ниту едно општество ако се погледне низ обработените студија на постоењето на човештвото немале попримарна цел во нивните институции освен семејството. Без оглед на нивното општествено уредување или верската определба.

Во денешно време семејството и тоа како многу се разликува од семејствата кои опстојувале во минатото.

Патријархалниот систем во кој мажот бил столбот на семејството бил единствениот кој заработувал приходи за семејството, а пак жената била таа која се грижела за домаќинството, готвењето и грижата за децата траела со векови и во такви семејства растеле деца кои целосно биле зависни од родителите (Walsh 2002). Иако ова сè уште опстојува во некои земји ширум светот, во повеќето земји низ целиот свет ова е веќе дел од минатото.

[32]Младеновиќ, Крупиќ.: “ Криминологија“- 2001 стр. 177-178

Денес семејствата можат да се состојат и од само еден родител, семејства со повеќе генерации во неа, хетеросексуални или хомосексуални парови, семејства со различни националности, верски определувања и разновидни културни и општествени убедувања.

Повеќето фактори се одговорни за драстичните промени во тоа што денес е прикажано како пример на едно модерно оформено семејство.

Во споредба со минатото, кога според Galston (2007) младите од дваесетгодишна возраст веќе биле зрели за стапнување во брак и одгледување на деца, денес тоа сосема поинаку изгледа.

Според Galston (2007), денес дваесетгодишните сметаат дека имаат потреба за целосна зрелост за да стапат во брак и да ја преземат улогата на родител, а помал број од нив не планираат да се впуштат во брачните води никогаш во нивниот живот.

Голем дел од денешните семејства се соочуваат со разни економско финансиски проблеми или проблеми од сосема различна природа, во кои брачните другари се примарни да побараат помош од други членови на семејството за да тие можат нормално да функционираат и да бидат во чекор со времето. И пак жртвите на овој современ начин на живот се децата.

Денес голем број на ист – пол парови кои се во брак кои во многу држави во светот тоа има се овозможува, веќе гледаме сосема друга слика на семејството од таа на оние што опстојувале децении порано.

Зошто браковите во денешно време сѐ потешко опстојуваат и не се како браковите кои траеле цел живот од еден маж со една и единствена жена?

Според Teachman et al. (2000), еден од најзначајните фактори е социо-економскиот фактор со кој се соочува целиот свет, во 21 век, иако можностите на жените за вработување се зголемени, машкиот пол се соочува со многу несигурна иднина.

Па затоа при ваква состојба често доаѓа до одложување за стапнување во брак, затоа што жената се занимава со достигнување на врвот во нејзината кариера и сѐ помалку привлекува партнер кој не е во иста бранова должина.

Во семејствата во кои заработуваат двајцата брачни другари доаѓа до недоразбирање за тоа кој треба да води грижа за семејството повеќе, како да ги распоредат обврските и одговорностите кон останатите членови на семејството и не ретко ваквите недоразбирања доведуваат до нивна разделба, односно развод на бракот.

Но, без разлика како едно семејство изгледа и од колку члена се состои, сепак и двата родители се принудени и се одговорни за да ги заштитат децата со материјална и морална поддршка сè додека не пораснат во здрави и психички подготвени да им се приклучат на општеството во кои живеат.

### 3.3.1 Одговорности и права во семејството

Во современиот свет сонуваме и се надеваме едно семејство да опстои и се зголемува со многу деца кои ќе бидат згрижени и ништо да не им недостасува, како најдобро и најуспешно се воспитуваат и образоваат за смело да чекорат низ животот и полесно да ги совладаат пречките во кои ќе наидат во текот на животот.

Кога се размислува за концептот семејство, нормално се појавуваат слики на двајца човечки битија кои одлучуваат да ги споделуваат нивните животи заедно со цел да се перформираат различни специфични функции (Crosson – Tower,2008).

Една и многу важна цел е што повеќето од семејствата одлучуваат да имаат деца. Тоа не е ништо необично за еден пар кој влегол во брак да посакува дете и да му овозможи удобно катче во нивниот топол дом, но невобичаено загрижувачки е фактот што голем број на родителите без разлика на причините не се во состојба да ги исполнат обврските и одговорностите кон децата.

Од едно семејство се очекува да биде одговорно да ги воспитува и социјализира нивните деца, да го научи детето како треба да се однесува во кругот на семејството и пошироко.

Семејството исто така е одговорно да го научи детето за вредностите на едно општество, што значи тој да биде правилно оформен како современ и напреден човек. Семејството треба да му обезбеди финансиска и емоционална поддршка на детето, просто

речено семејството е главниот и најважниот столб во животот на секое дете, од семејството тоа треба да биде запознаено со целите кон кои треба да посегне секое дете во животот.

### 3.3.2 Профил на денешното семејство

Семејство е еден комплексен систем којшто постојано се менува. Во внатрешноста на овој систем постојат неколку потсистеми, еден од најважниот и примарен потсистем е родител/дете, и децата меѓусебе брат/сестра.

Родителскиот потсистем е создаден за давање грижа и нега, донесување одлуки во семејството и да ги распоредат активностите на сите членови во семејството. Од родителите се очекува дека ќе се грижат и ќе ги воспитуваат децата, исто така да ги запознаат со вредностите кои треба да им бидат примарни во животот, односно запознавање со културните вредности, за да тие кога ќе подраснат да го преземат посакуваното место во општеството.

За да го постигнат ова родителите, не треба само на вербален начин да ги воспитуваат децата, туку првенствено треба тие да бидат пример на сè што се очекува од еден современ човек односно родител.

Потсистемот брат/сестра се развива помеѓу децата во семејството каде што децата имаат простор и време за дружење помеѓу врсниците. Браќата и сестрите имаат можност да се натпреваруваат, преговараат и да учат едни од други. Исто така овие вредности децата ги пренесуваат на врсниците надвор од семејството. Во едно здраво семејство треба да бидат многу јасни улогите, односно задолженијата и обврските помеѓу родителите и децата меѓусебно. Многу брзо може да дојде до семејна дисфункција ако родителските обврски не се јасни и помешани со тие на децата, без компромис.

Многу е важно родителите во меѓусебната комуникација да се однесуваат како две зрели и сакани личности пред нивните деца. Затоа што може да се случи да биде нарушена детската психа како на пр. во семејството каде што има сексуална злоупотреба, понижување или пак малтретирање на едниот родител. Тоа директно се одразува врз правилниот раст и равој на детето, односно тие секогаш завршуваат со преживеани тешки трауми физички или психички, или пак со тешки траумски последици со кои ќе се соочат во текот на нивниот живот во иднина.

Покрај овие два најважни потсистеми во самото семејство се креираат и други единици како на пример сите машки членови во едно семејство, или пак сите се женски членови во едно семејство. Повеќечленото семејство има и повеќе потсистеми како на пример дедовци/внуци.

Семејството како еден систем треба да има правилни и здрави и добри односи и со надворешниот свет, ако овие односи не функционираат добро, семејството може да го изгуби својот идентитет како семејство. Ако едно семејство има лоши односи кон надворешниот свет, тогаш тоа ќе биде изолирано од светот во кој функционира, односно постои.

### 3.3.3 Улоги и правила во семејството

Хорнолошки следено членовите на семејството ги имаат дефинирано и прифатено нивните улоги кои биле очекувани од општеството и неколку правила индивидуализирани и диктирани од самото семејство.

Како по некое непишано правило голем број семејства се вклопуваат по примерот на минатото каде што ликот на таткото бил одговорен да овозможи на семејството финансиска благодат, додека обврската на една мајка е само да е способна за одржување на домот.

Но, денес ја немаме повеќе таа распределба на улогите, улоги кои ги одредувале општеството. Денес во повеќето семејства и двата родители во постојан работен однос придонесуваат и работат за да ги покријат финансиските потреби во домот и семејството. Во некои семејства мајката е таа која е надвор работно ангажирана, таа исто така е и одговорна за вршење на домашните работни обврски. Други пак семејства меѓусебно нашле начин како да ги распоредат и споделат работните обврски меѓусебно.

Распределбата на овие обврски во семејството може да доведе до недоразбирање и предизвикување стресна состојба кај некои од членовите од семејството.

Се зголемува бројот на мајките кои бараат помош и поддршка од нивните родители за одржување на домот и грижа за децата за да тие не бидат преоптоварени со нивните додатни улоги како жени и мајка во исто време.

Младите генерации сѐ повеќе се свесни за потребата на споделувањето на работните обврски околу домот и семејството, но проблемот е во тоа што не секогаш имаме добри резултати со распределбата на овие улоги.

Некои семејства се соочуваат со верската припадност која им ги игнорира нивните улоги кои се во спротивност со нивните желби и надежи. Во некои култури само мажот е тој што е одговорен за заработување надвор од домот и тој е единствениот главен во семејството.

Размена на улогите може да биде јавна одобрена, дискутабилна и неприфатена од јавноста и често доведува до комплексна ситуација. Како и обично, улогите не се секогаш функционални и децата страдаат повеќе од тие недоразбирања кои завршуваат со загрижувачки последици кон нивниот психички равој. Родителите кои не се способни да ги распоредат способностите за успешна реализација на улогите, нивната одговорност кон децата ја чувствуваат како прекумерно оптеретување.

Улогите најчесто се диктирани од семејните правила кои се „повторувачки начин на интеракција кои членовите на едно семејство ги развиваат меѓусебно“(Crosson – Tower,2008).

Правилата се дискутабилни или недискутабилни и го управуваат начинот со кој семејствата комуницираат и се развиваат. Тие правила кои се недискутабилни во едно семејство можат да бидат дискутабилни во едно друго семејство.

Правилата се тие кои можат да скријат несоодветно однесување во едно семејство како на пример: во едно семејство каде што еден член е алкохоличар се подразбира дека другите членови на семејството го поддржуваат вербално алкохоличарот, или пак наоѓаат небројни причини за да ја одбранат мајката која е наркоманка. Во семејства каде што има сексуално малтретирање се соочуваме со деца кои немаат никаква комуникација со ниту еден од членовите на семејството, ова е можно да е и наредба на сторителот и извршителот на злосторството кој смета дека меѓусебното комуницирање може да го открие неговото злодело.

Правилата диктираат како членовите во семејството ќе се однесуваат, чувствуваат и како ќе треба да размислуваат. Спротивставувањето кон овие правила може да доведе до конфликтни ситуации во самото семејство.

### 3.3.4 Видови семејства

Според некои автори (Strong et al., 2007; Walsh, 2002), семејството се определува во овие три групи:

- Семејство што се состои од двајца родители;
- Семејство што се состои од еден родители
- Реконституирани семејства.

Во семејства каде што се присутни двајцата родители економските тешкотии и проблеми ги принудуваат двајцата родители да работат, финансиските проблеми се фактор што води до дестабилизација на семејството и можно е лошо да влијае врз децата.

Во семејствата со еден родител што е вообичаено резултат на развод, смрт или родителите донеле одлука да не се официјално во брак, само недостигот на едниот родител е доволен фактор за да имаме резултат деца со проблематично однесување.

Реконституирани семејства се тие семејства кои се состојат од два родители, од кои еден или двајцата имаат деца со друг партнер. Правилата, улогите и комуникацијата во овие семејства се многу комплицирани.

Секој родител очекува најмалку два начина на однесување од децата:

- Правилата што важат за актуелното семејство;
- Правилата што важеле во претходното семејство.

Можно е фактот дека децата додека ги спроведуваат тие правила да останат заробени меѓу правилата и така да се создаде проблематична ситуација во психолошката состојба кај децата.

Во минатото постоеле семејства кои обично биле составени од повеќе генерации. Денес проширени и многугенерациски семејства сè уште постојат, но најчести се меѓу малцинските семејства. Иако децата во овие семејства имаат повеќе возрасни модели со кои ќе се идентификуваат, исто така можно е тие деца да се почувствуваат како принудени да станат зависни од традиционалната култура на поголемиот дел од општеството во кое живеат.

Ова може да предизвика стрес во внатрешноста на едно семејство. Во поголемите семејства најчесто се случува и децата и дедовците да живеат заедно. Тие деца се соочуваат со две различни модели на генерации, многу различни меѓусебно.

Имаме случаи во кои дедовците се тие кои имаат поголемо влијание кај децата и тие го прифаќаат целосно начинот на живеење, проблемот тука се јавува тогаш кога дедовците повеќе не се способни сами да ги извршуваат нивните активности и им е потребна надворешна нега. Тоа ги води децата кон разочарување и не се способни да ја прифатат реалноста, стареењето и стануваат збунети и не знаат како да продолжат да ги извршуваат своите обврски.

### 3.3.5 Емоционалните чувства во семејството

Секое семејство има различен начин на функционирање независно од составот, нивното минато, личностите во неа или преживеаните искуства на членовите им овозможуваат топлина на нивните деца, грижа и сигурност.

Во овој таканаречен процес децата се чувствуваат сакани и учат како да се однесуваат, да не се плашат да прифатат и возвраќат љубов, и учат дека светот е едно мирно катче (Olsen et. al. 2007).

Но, за жал не сите деца во овој свет имаат таква среќа да се почувствуваат сакани, добро негувани и охрабрени од нивните родители. Но, исто така има случаи каде што,иако на детето доволно му е минимална нега, кој исто така има и ограничување тој ќе се почувствува дека е под силна контрола што го спречува детето да се чувствува добро во сопствената кожа.

Имаме и случаи каде што родителите самите биле соочени со дисфункционално детство, и како резултат на тоа не се успешни со давање соодветна нега на нивните деца. Како резултат на тоа доаѓа до нарушување на приврзаноста помеѓу родителите и децата. Овој процес се манифестира со неколку симптоми (Табела бр.1, според Brisch, 2004; Levy and Orlans, 1998).

Овие деца во текот на животот може да имаат проблеми со самоконтролата, агресивноста однесување или се антисоцијални личности.

Таквите деца често завршуваат во социјалните установи за заштита на децата. Затоа е многу важно социјални работници да бидат свесни за нивниот проблем и треба целосно да ја разберат важноста на негување и почитување на едно семејство, поддршката која исто така е потреба за едно семејство. Потребно е да се изнајде соодветен начин на кој треба да им се помогне на овие деца кои нивните семејства не успеале да им ја овозможат.

Табела бр.1 **Симптоми на нарушувањето на релација родител и децата**

| **Безбедност** | **Нервоза** | **Неорганизираност** | **Неповрзаност** |
|---|---|---|---|
| Зближување со најблискитеи меѓусебна доверба<br>• Сигурност<br>• Самодоверба<br>• Заедничка, меѓусебна блискост | • Спротиставување на недовербата<br>• Несигурност<br>• Негативни реакции<br>• Неприфаќање на обврските | • Неспособност за меѓусебно разбирање<br>• Нема грижа на совест<br>• Неконтролирање на агресивност<br>• Превдоиндивидуализам | Не е во состојба да има нормална и емотивна комуникација<br>Нема грижа на совеста<br>Нарцизам |

### 3.3.6 Влијанието на културата врз семејството

Во семејствата се воочуваат сосема различно поделени улоги, правила и различни начини на меѓусебна комуникација која зависи од нивната култура. Поради тоа секој

социјален работник индивидуално треба да биде запознаен со сите видови култури во неговата средина.

Не е нешто невообичаено во една средина да живеат разни семејства со различни култури, како и верска и етничка припадност за да можеме да се запознаеме со секоја од нив треба да истражуваме за секој детаq со многу внимание, а не тоа да биде на општ секојдневен начин.

Кои се причините што можат едно самостојно семејство да ја разнишаат нивната сигурност и нивните секојдневни активности?

1. Потеклото на семејната култура.
2. Подгрупацијата на таа култура со нејзините вредности.
3. Односите на една култура или подгрупација со најраспространетата култура која е во функција (предрасудите имаат влијание како пристојните семејста ќе се интегрираат во големото општество).
4. Карактеристиките на членовите од индивидуалните семејства.
5. Членовите на семејства, вештини и стратегии за да можат на полесен начин да ги совладаат стресните ситуации живеејќи во едно семејство (Crosson- Tower; 2008, 29-30).

### 3.3.7. Семејниот животен циклус

Како и секое општествено уредување, исто така и семејството континуирано се менува. Тие исто така може да претрпат непредвидливи или дефинирани животни циклуси.

Според Carter и  McGoldrick (2004), семејствата од средна класа во Америка имаат шест фази на нивното опстојување:

1. Младите адолесценти се задолжени да ги прифатат нивните емотивни и финансиски одговорности и да се оддалечат од нивните семејства.
2. Младите што веќе се во врска исто така живеат сами за да можат самостојно да создаат свој нов дом.

3. Семејствата со новородени деца се принудени да ги прифаќаат новите членови со семејството, заедно носат одлуки како ќе ги израснат тие деца, и меѓусебно да ги преиспитаат под други околности нивните врски.
4. Семејствата кои живеат со адолесценти треба да ги зголемат напорите и нивната флексибилност за да им овозможат простор на младите за да созреат и да можат да планираат заеднички живот со партнерот вон семејството што значи самостоен живот.
5. Паровите кои веќе се во исчекување на нов член во семејството за да можат нормално да функционираат треба да го прифатат начинот на еманципација на нивните деца.
6. Семејствата во подоцнежниот период на животот се принудени да ги прифатат улогите на генерациските промени, прават простор за внуци, а при тоа да ја задржуваат нивната врска како брачни другари и се подготвуваат за загуба на семејни пријатели дури и меѓусебна загуба.

Семејствата кои претрпеле распаѓање како резултат на трауми од смрт или развој најверојатно нема да ги следат овие процеси.

Herbert (2003) ги истакнува фазите на транзиција низ кои може да помине едно семејство, заедно или пак индивидуално: имобилизација, минимализирање на чувствата, депресија, тестирање и влошување на меѓусебните односи.

.

### 3.3.8. Стресот во семејството

Семејствата што се соочуваат со тешки стресни состојби можат да бидат први на удар на имобилизацијата

**Родителска/семејна дисфункција.** Потребна е професионална помош од соодветни институции кога се појавува проблем со нефункционирањето на родителските обврски и тогаш се соочуваме со: неприфаќање на родителската улога, при смртен случај тешки болест, незрелост, неискуство, попреченост во развојот, употреба на наркотици, неприфаќање на обврските, кога едниот родител ја запоставува во неговата должност, одрекување од сопственото дете, психичко малтретирање, меѓусебен конфликт, кога во семејството има конфликтни ситуации поради улогите, кога семејството се соочува со тешкотии со пролагодувањето како на пример детската неспособност.

**Дефинирање на улогите и нееднаквост.** Многу е дискутабилен фактот за дефинирање на улогите во едно семејство во која и двајцата родители работат надвор од домот. Во денешно време имаме сè повеќе жени кои се работно ангажирани надвор од нивниот дом и сме сведоци како повеќето татковци преземаат сè повеќе домашни обврски за да ја стабилизираат семејната состојба со цел жената да се чувствува поопуштена.

Фактички домашните обврски се уште се очекуваат само од страна на жената да се извршат, но треба да бидат поделени подеднакво доколку и двајцата работат надвор од домот за финансиските потреби на семејството (Coltrane, 2000).

Мажите во урбани средини ги прифаќаат и ги споделуваат со жената домашните обврски, што не е ист случај и со тие што живеат во рурални средини.

Домашните работи се полесни кога и децата имаат улога во одржувањето на домот.

Според некои истражувања што се направени, за жената е многу поважна поделбата на домашните обврски отколку за мажите. Што значи за жената тоа се подразбира (Coltrane, 2000).

Поради пренатрупените должности на само едниот родител доаѓа до несакани ситуации, кои предизвикуваат стресни состојби, нетрпеливост помеѓу членовите на семејството вклучувајќи ги и децата.

**Лоша материјална положба на семејството**. Во денешно време се поприсутна е и економската криза, и има се повеќе разводи, односот родител/дете е многу посложен од тоа во минатото.

Додека родителот се чувствува несигурен и е под влијание на стресна состојба, па затоа немаат сили да се справат со секојдневните проблеми на нивното дете (McWhirter et. al. 2006), должностите и обврските стануваат сѐ покомплицирани, па затоа немаат сила и енергија да се справат со промените во нивното семејство. Мајките се жалат дека имаат сѐ помалку време за нивните деца, па доаѓа до недоразбирање, непријатни ситуации со нивниот партнер и многу вклученост во нивните училишни активности, спортски и други секојдневни активности.

Според сите истражувања што ги направив во однос на економската криза која глобално преовладува речиси низ целиот свет, таа е еден од главните причини што предизвикуваат стресни ситуации и недоразбирање во едно семејство. Особено во Република Северна Македонија економската состојба е една од главните причини за неуспешен и нефункционален живот. Од економскиот просперитет зависи сигурноста дури и расположението на едно семејство.

Поради финансиските проблеми родителите од едно семејство се принудени и двајцата да работат со долго работно време оставајќи ги своите деца на грижа на другите, сосема сами, или кај баба или дедо. Недостатокот на родителската грижа негативно влијае во развојот на децата. Се вохитувам на самохраните родители кои сами се грижат и за финансиите и за нивното дете. Сепак детето би требало да биде пред сѐ друго во животот, без оглед на околностите родителот треба да биде подготвен да му овозможи на детето безусловна нега и грижа затоа што од тоа зависи како ќе се развие неговиот психофизички развој затоа што децата се иднината на светот.

Односот очув/дете и маќеа/дете е уште постресен и покомплициран во едно такво семејство. Семејства со повеќечлено семејство се соочуваат со многубројни должности, барања и очекувања. Додека родителите се обидуваат да го подобрат нивниот меѓусебен однос, улогата како родител ја запоставуваат. Па затоа не секое семејство може да се справи со овие проблеми и несакани ситуации.

Кога семејствата имаат потреба од помош?

Во нашето општество надлежните институции за грижа на децата ги нудат овие видови помош: сместување во установа, сместување во згрижувачко семејство или

советувања. Исто така има и разни здруженија, невладини организации кои им помагаат на децата со посебни потреби, деца бездомници и деца со проблематично однесување. Овие институции и организации им нудат помош и поддршка и за домашни услуги. Во овие институции семејствата добиваат исто така и морална и финансиска поддршка, за полесно да се справат со нивниот проблем.

## 3.4. Економските услови

Економската криза и економските услови спаѓаат во значајни егзогени и криминогени фактори на малолетничката деликвенција: Пораста на криминалноста, како кај возрасните така и кај деца сторители на кривичните дела, многу често се доведува во непосредна врска со пореметувањата и функционирањето на економскиот систем на една земја. Таквите ситуации, односно пореметувањата и функционирањето на економијата и економската криза неминовно доведуваат до немаштија, и сиромаштија до ненадејно поспакување на цените, што го доведува куповната моќ на жителите до слабеење. Според тоа, во таквите ситуации доаѓа до отпишувања на голем број вработени, а со самото тоа се зголемува бројот на невработени, што значи доаѓа до општа сиромаштија во општеството. Условите на живеење во кои доминираат неизвесноста, апатијата и општо разочарување предизвикуваат семејни кризи, протести, незадоволство во што претставува озблина опасност од појавите на поедини облици на криминалното однесување.

Неповолната и наелектризирана атмосфера во едно општество е многу глобална за деликвентните искушенија.

Иако денес економската криза го потресуваат и побогатиот свет, тие се посебно карактеристични за земјите во транзиција и меѓу нив се и државите кои настанаа по распадот на Бивша Југославија, како и останатите бивши социјалистички земји.

Како што веќе е кажано резултатот на економската криза во функционирањето на финансискиот систем на една земја е општо сиромаштија, чие влијание на криминалот во криминолошката литература е посебно застапен со мислењето дека сиромаштвото, која е карактеристика на ниските општествени слоеви, е основен криминоген фактор. Некои други толкувања не го отфрлаат во потполност влијанието на сиромаштијата и криминалот, но не

му придаваат големо значење бидејќи сметаат дека неговото влијание е ограничено и често е непознато.

Криминалноста на сиромашните или криминалитетот на немаштијата е присутна во сите земји, како најсиромашните така и кај богатите. Насекаде низ светот се наоѓаат сиромашни краеви, па и цели држави, во кои е многу нагласен јазикот помеѓу богатите и сиромашните слоеви на општеството. Познато е дека во најразвиените земји постојат сиромашни квартови кои се создадени за формирање на криминалните банди и развивање на тешките облици на криминалот. Во таквите средини владее општа апатија, сиромаштија, недостаток на основните животни услови, незадоволство и други карактеристики на сиромашните, кои доведуваат до експанзија на криминалот.

Покрај сиромаштвото, и богатството спаѓа во значаен криминоген фактор. Криминалот кај богатите (криминалот на благосостојба) е исто така тема на многубројните криминолошки анализи и научни расправии, за разлика од криминалитетот кај сиромашните, кај кои доминираат имотните деликти, богатите вршат кривични дела од областа на информатиката или организираниот криминал, при што опасноста во општеството е многу поголема.

Невработеноста исто така има големо внимание на вкупното однесување кај луѓето, и во извесна мера и на нивното криминално и социопатолошко однесување. Невработеноста тешко ги погаѓа семејствата, како наважната нишка во општеството, кое доведува до многубројни други проблеми.

Се смета дека постои поврзаност помеѓу невработеноста и криминалот, особено кај младите лица кои не успеале да се вклопат во општеството и средината која ги опкружува.

Невработените млади лица кои немаат цврст карактер, самодоверба и други позитивни особини се повлекуваат во себе и се разочарани и многу често се впуштаат во разни социопатолошки појави.

## 3.5. Урбанизација и миграција

Гледано од криминолошкиот аспект, урбанизацијата и миграцијата се процеси кои имаат одредени негативни последици и доведуваат до зголемена појава на деликвентното однесување кај малолетните лица. Растечката индустријализација на урбанизацијата, кои ги

следат миграциските експанзии, особено од село во град, покрај позитивните, произведуваат и одредени негативни последици кај одреден број млади лица кои не успеваат да се прилагодат во нивните животни услови и околности. Миграцијата главно се однесува на младите лица кои во голем број мигрираат во големите градови и се обидуваат во нивната средина да ги решат животните проблеми и егзистенцијата образовајќи се за да пронајдат соодветно вработување. Големите градови за младите се многу привлечни затоа што овозможуваат многу можности за разлика од малите рурални средини. Меѓутоа, повеќето се среќаваат со ред други тешкотии кои не успеваат да ги решат нивните животни цели. Покрај проблемот со социјалната адаптација во новата средина, понекогаш се јавуваат и културолошки проблеми, поради што доаѓа до културни конфликти помеѓу младите лица од различни култури, обичаи и традиции. Главен проблем е домувањето, односно станбените тешкотии, вработувањето, незадоволителните материјални прашања, лоши здравствени услови и др. Сите овие тешкотии и проблеми делуваат депримирано кај младите луѓе кои апсорбираат многубројни фрустрации и сето тоа се рефлектира низ одредени асоцијални однесувања (алкохолизам, наркоманија и др.) и понекогаш вршење кривични дела.

Повеќето криминолози од социолошка ориентација укажуваат на условеноста на убранизацијата и криминалитетот поради неколку елементи, и тоа првенствено е:

А) Фактор на законот на големите броеви - голем број луѓе подразбираат голем процент на асоцијални лица;

Б) Фактор паупаризација невработеност и бедата се манифестираат повеќе во урбаните отколку во руралните подрачја;

В) Фактор искушение-градот нуди многу повеќе можности за лесна заработувачка отколку селото;

Г) Факторот анонимност – индивидуалецот во град се чувствува осамен и непознат, што му овозможува да се заштити од откривање при вршење на криминалните злодела и

Д) Фактор интеракција и имитација – носителите на деликвентните однесувања живеат во градови и во нивната средина репродуцираат криминалци полесно отколку во селата.[33]

[33]Проблеми на урбанизација и мриминалот и мерките за превенција ја опишал G. Krikorian: 2007, op. cit., стр. 209-210

Не само мигрантите поединци, туку и семејствата мигранти наидуваат на сериозни проблеми во новите социјални средини. Прилагодувањето на миграциските семејства во урбаните средини е тешко поради нерешеното станбено прашање, тешките материјални услови, проблеми околу вработувањето и слично. Во урбаните средини семејството го губи својот традиционален начин на влијанието кај децата, при што младите се сè повеќе препуштени на влијанието на улицата и нивните врсници.

Некои автори сметаат дека миграциските движења на жителите имаат значајно влијание при појавата на криминалитетот, неговата обемност, структурата и територијалната распространетост. Меѓутоа, серизното согледување на тој проблем не е можно без огледувањето првенствено на: причините за мигрирање, бројот на минатите мигранти, социокултурното потекло на мигрантите и др. Најголемиот проблем на мигрантите се адаптирањето во новата средина и културните конфликти.

## 3.6. Влијанието на транзицискиот процес

Се смета дека транзицијата е процес кој започнал по поаѓањето на социјализмот во бившиот Советски Сојуз и земјите од Источна и Југисточна Европа во период од 1989 до 1991 година. Сè започнало во тој миг кога е донесено историското решение за рушење на Берлинскиот ѕид и обединување на двете Германии. Тоа предизвика забрзано распаѓање на социјалистичкиот општествено-економски систем во бившата СССР и земјите од Источна и Југоисточна Европа и Бившата Југославија. Бившата Југославија беше меѓу првите во кои тој процес е започнат. Процесот на транзиција има различни димензии и карактеристики во поедини земји. Некои земји како што се Литванија, Летонија, Естонија и други тоа го направија многу брзо, елегантно и без големи политичко-социјални проблеми. Останатите земји забележуваа почетни проблеми, но многу брзо ги решија на сосем безболен начин. Такви беа бившите Чекословачка, Унгарија и др. Меѓутоа некои земји како што е Бившата Југословенска Република поминаа низ тешко и мачно време, кои беа пропратени со насилство, вооружени дејства и војни.

Меѓутоа секоја транзиција произведува одредени позитивни или негативни последици по личноста на поединецот и неговото семејство, но и во општеството во целина.

Меѓу негативните карактеристики на транзициските процеси секако спаѓа и криминалот, кој во такви околности добива нови форми, нови појави и облици и е во постојан раст.

Основните карактеристики на криминалитетот во транзицијата може да се сведат на следни:

1. Во повеќето земји доаѓа до зголемување на вкупниот обем на криминалот.
2. Феноменолошката структура битно се разликува од криминалот надвор од транзициските процеси.
3. Се појавуваат нови облици на криминалното однесување.
4. Географската распространетост на криминалот бележи значајни измени.
5. Поедини облици на криминалот бележат тенденција на намалување.
6. Евидентни се промените во појавата и начинот (поголема бруталност, тешки последици, употребата на огненото оружје и др).
7. Организираниот криминал доаѓа до целосно изразување, особено разни видови криумчарење, трговија со луѓе, корупција и др.
8. Зголемување на професионалниот криминал.
9. Зголемена криминализација на вкупната популација.
10. Зголемување на криминалот меѓу малолетната популација.
11. Според некое правило доаѓа до зголемување на насилството, особено во земјите каде штоимало вооружени и воени дејства.
12. Имотниот криминал главно се зголемува.
13. Зголемување на криминалот на белите вратоврски, корпорацискиот криминал и корупцијата.
14. Прекуграничниот криминал исто така има тенденција на зголемување (криумчарење, трговија со луѓе и др).
15. Развивање на сивата економија, илегалните пазари, криумчарење и шверцување на стока која недостасува во легалната понуда.
16. Висока „темна боја“ на криминалитетот.
17. Социопатолошките појави, како што се проституцијата, наркоманијата, алкохолизмот, питачењето, скитањето, коцкањето и др., бележат тенденција на зголемување.

18. Државните ограни за сузбивање на криминалот се неефикасни и често се корумпирани и др.[34]

Карактеристика на повеќето земји во транзиција е сиромашување на невработеноста. Поради тоа доаѓа до зголемување на имотскиот криминал. Повеќето имотни кривични дела се во пораст. Сепак најзаразени се класични имотни деликти како што се крадење, тешки кражби, разбојништво, мамење и разбојнички кражби. Најмногу се крадат прехранбени продукти заради преживување, и меѓу извршителите, чиј број е исто така во тенденција на зголемување, сè почесто како сторители се појавуваат малолетници. Вооружени разбојништва – во банките, патишта, штедилниците, трговските центри, бензинските пумпи, менувачниците, спортските кладилници и др. исто така имаат тенденција на постојано зголемување. Во земјите каде што се присутни вооружени конфликти тие кривични дела се поизразени, за разлика од земјите во мирен транзициски процес.

Насилниот криминал е секогаш присутен во сите земји со различен интензитет и форми на искажување. Меѓутоа, во земјите со транзиција, особено тие во кои се присутни вооружени конфликти и војни, тој добива специфични форми. Во таквите држави поради големата количина разновидно оружје во легална и илегална сопственост, која се наоѓа во голема количина во сопственост на голем број луѓе, логично е дека тоа ќе биде често употребено во разни форми на незадоволство и криминално однесување. Се зголемува бројот на убиства и „мафијашки" пресметки во кои оржјето и експлозивните тела се неминовно присутни и многу често доаѓа до поголем број жртви. Затоа, и сите други облици на насилство бележат тенденција на зголемување: силување, тешки и лесни телесни повредувања, разбојништво, семејно насилство, насилство на работното место, на улица и др. Воената состојба, сиромаштвото, невработеноста, поседување на оружје и слично се фактори и причинители на зголеменото насилно однесување во земјите во транзиција.

Вистина е дека транзицијата во нашата земја е оптоварена со војна и дека моментално егзистира во мир и спокој, при што се појавуваат и многу неконтролирани проблеми, меѓу кои се и социопатолошките појави: малолетничката деликвенција, алкохолизмот, наркоманијата, проституцијата, скитањето, питачењето, коцкањето и др.

[34]Скакавац 3: Криминогеното значење на транзициските услови на криминалот, Нови Сад 2009 год.

Причините за зголемување на овие девијантни однесувања се евидентни и лесно се препознаваат. Значи економската криза, сиромаштијата, невработеноста, немаштијата, деградираното семејство, вооружените конфликти, недостаток на разни производи и др. се клучни за криминогени фактори кои доведуваат до девијантни појави.

Во сите наведени околности малолетничката деликвенција претрпува посебни размери и карактеристики.

## 3.7. Влијанието на образованието-училишната средина

Училиштето е многу значаен фактор при формирањето на личноста. Тоа придонесува за образованието и стекнување културни навики и правилности за разбирање на општествени норми и однесување. Од училиштето се очекува на детето да му ги пренесе основните вештини и знаења кои се потребни за стекнување на општа култура и истовремено да го надгледува и следи однесувањето на детето во училишните средини. Ако училиштето функционира добро, ако мотивацијата на децата е на потребно ниво, тогаш младите се врзуваат за неа и развиваат позитивни особини.

Особено е значаен и важен односот на родителите и училиштето.

Од родителите се очекува активно да учествуваат во успесите во училишните активности и напредувањето на детето, што се подразбира дека додатно ќе ја подобри неговата мотивација да се поистоветуваа со училиштето и училишната средина.

Меѓутоа и во училиштето и во училишната средина можат да се најдат примери на нефункционирање на одредени насоки или лошо се работи, па на одреден начин се поттикнува деликвентното однесување на младите луѓе. Воспитно-образовните фактори кои придонесуваат за појавувањето на антиопштествените начини на живеење се:

- Занемарување на развивањето на работните навики во процесот на воспитната работа.
- Недостаток на соодветно способни наставници на елементарно ниво.
- Практикување на заостанатите методи вонаставата.
- Конфронтација во однос на надминување на стандардите кои се инкомпатибилни со нивните идеи во воспитувањето.

- Фаворизирање на децата од богатите друштвени слоеви.
- Спречување на ученичките иницијативи.
- Занемарување на училишните и работната дисциплина.
- Развивање на ставовите и вредностите на основи на привилегијата и материјалните добра.
- Неправилен меѓусебен однос кај училишната младина.
- Недостаток на професионални советувалишта (психолог, педагог) за вршење на неопходните консултации.
- Недостаток на училишни, здравствени и други социјализирани служби (ресоцијализација, телесни и ментални дефекти).[35]

## 3.8. Социјалното опкружување-врсниците

Врсниците имаат доминантно влијание за време на адолесценцијата. Ако адолесцентот припаѓа на групи врсници кои имаат правилен став кон општеството и општествените норми, реално е да се очекува дека и тој ќе се вклопи во таквата целина. Меѓутоа ако се работи за девијантно опкружување, тогаш постојат реални можности дека и адолесцентот ќе ги прифати таквите норми на однесување. Во сето тоа родителите имаат важна улога и треба да ги насочуваат децата кон правилното социјално опкружување со група на врсници кои имаат позитивни ставови.

Родителите кои се грижат за нивните деца и се трудат правилно да ги воспитуваат директно влијаат на тоа во какво опкружување ќе се наоѓаат нивните деца.

Желбата да се припаѓа на одредена група кај еден дел на младите лица може да доведе до деликвентно однесување.

Потребите од забава, музика, време поминато со друштво и идентификацијата со супкултурните групи често ги доведуваат младите да се состануваат во кафани, диско-клубови и др., кога младите одредено време поминуваат по локали, диско-клубови дружејќи се и забавувајќи, постои одреден ризик и искушение бидејќи тие се места каде што се консумира алкохол и дрога, што може да ги наведе младите да скршнат од патот.

[35] Бошковиќ, Мило: Психосоцијални фактори на малолетничкиот криминал, Нови Сад 1997, стр.152

Алкохолизмот и наркоманијата денес спаѓаат во групата на најразличните однесувања на малолетниците и особено речиси секогаш постои врска помеѓу таквите облици на однесување и најтешките деликвентни видови однесување.

## 3.9. Влијанието на медиумите и деликвентното однесување

Медиумите опфаќаат многубројни различни форми: радиото, телевизијата, филмот, весниците, списанијата, видеоигрите и во последно време и интернетот.

Медиумите имаат големо влијание во процесот на формирањето на секоја личност, во позитивна и негативна насока.

Средствата за масовно комуницирање особено се важни за младите затоа што преку нив се пренесуваат информации, едукативни или забавни содржини и на таков начин се задоволува потребата и барањата на младите да бидат информирани за разни области.

Кога медиумите поттикнуваат учење кај децата, го стимулираат талентот, истакнуваат примерно однесување, истакнувајќи дека е позитивна вредност послушноста, вербата во работата, тогаш ја вршат својата вистинска функција.[36] Меѓутоа, покрај многуте позитивни точки, средствата за масовна комуникација, низ нивната презентација на насилството, криминалот, убав и удобен начин на живот без работа и слични, можат да вршат негативно влијание кај младите. И дополнително ги стимулираат промените на психофизичкиот развој кај младите, нивната потреба за истражување на новото и непознатото. Негативното влијание на медиумите кај малолетната популација се искажува на следен начин:

1. Малолетниците ги прифаќаат вредностите кои им ги нудат медиумите и потпаѓаат поднивно влијание.
2. Младите се идентификуваат, ги имитираат и се однесуваат како девијантни групи или поединци.
3. Веќе формираните криминални ги поттикнуваат на избор и средства и методи за извршување на деликтите (се учат криминалните техники).

[36]Скакавац, З., Симиќ.: Влијанието на средствата за масовна комуникација и криминалот кај малолетниците. 2008 стр.2

4. Малолетниците и децата се поттикнуваат на насилство и агресивност. [37]

Негативно влијание се врши и по пат на презентирање содржини кои од комерцијални или други причини фаворизираат насилство, брутална сила, криминал и други аморални постапки. За тоа секако големо значење имаат и околностите имајќи го предвид нивното телесно и психичко развивање и недоволно развиеното критичко мислење и останатите позитивни квалитети како внатрешни така и лични „сензори“ од гореспоменатите содржини.[38]

## 3.10. Слободното време

Слободното време, како еден од можните причини за деликвентно однесување на малолетниците, многу често е тема на разни научни истражувања и расправии. Факт е дека малолетниците и повеќето девијантни облици на однесување ги покажуваат токму во слободното време. Тоа не значи дека неорганизираното слободно време е директно причина за таквото однесување. Причините се многу покомплицирани и се поврзани со општествените околности и индивидуалните потреби и можноста на малолетниците.

Неорганизираното поминување на слободното време, кое младите го имаат сè повеќе, доведува до здосадување, па бараат најразлични начини за тоа да се надмине. Во тесна врска со наведеното е и мислењето дека сè што не се прифаќа од општеството како недоличното однесување е одраз на задоволување на потребите за игра. Со други зборови, младите, немајќи можност своето слободно време да го поминат во игра, ги испразнуваат разните видови претстапничка активност сè со цел, меѓу останатото, да ги задоволат непреживеаните денови на игра.[39]

---

[37]Бошковиќ, Мило- Криминологија, 2007, op. cit., стр. 227
[38]Јашовиќ, Ж.: Криминологијата и малолетничката деликвенција. 1991 стр.259
[39]Јашковиќ, Ж: Криминологија кај малолетните деликвенции op. cit., стр. 256

## 3.11. Влијанието на социопатолошките појави

Социопатолошките појави имаат криминогено влијание кај децата и малолетниците во смисла на околноста кон неприфатливите општествени однесувања, меѓу нив најраспространети се: наркоманијата, алкохолизмот, проституцијата, питачењето и коцкањето.

Употребата на разни видови дроги од страна на младата популација е сè поприсутна појава, па затоа проблемот со наркоманијата сè повеќе се изразува во секојдневниот живот и не само што влијае негативно на здравјето на уживателот на дрога, туку влијае и на односот на младите и старите лица кон наркоманите, кои ги сметаат за опасни, девијантни и деликвентни лица, и кон нив имаат таков практичен однос.[40]

Светската здравствена организација укажува на големиот број млади зависници и ја дефинира како „состојба на хронична или периодична интоксикација, штетна како за поединецот така и за општеството, во која доаѓа до зголемување на употребата на природни или синтетички дроги".

Основни карактеристики на наркоманијата се:

- Повторената желба, потреба и обврска да се продолжи со консумирањето на дрогата, и да се дојде до неа под какви било околности;
- Тенденцијата да се зголемат дозите;
- Ментална (психичка) општа физичка зависност и влијанието на наркотиците.[41]

Наркоманијата е во тесна врска со криминалното однесување. За да обезбедат доволно количество дрога, наркоманите често извршуваат разни кривични дела, како што се кражби, тешки кражби, разбојништва и др.

Денес наркоманијата има интернационален карактер, при што малолетничката популација има посебно место.

Алкохолизмот е исто така многу застапен кај малолетниците, и може да се рече дека станува збор за епидемиолошки размери. Докажано е дека алкохолизмот може да доведе до разни штетни последици кон здравјето, економското и општественото планирање. Лицата

---

[40]Шпадијер- Џинич, Ј. и др.: "Дрогата и младите", 1980 стр. 29-30
[41] "Progames and Projects" Substance abuse, 1957 br.116

кои се зависници од алкохол често ја преминуваат границата помеѓу општественото прифатливо и неприфатливо однесување. Алкохолизмот често е поврзан со разни облици на општествено неприфатливи облици на однесување, особено со наркоманијата, самоубиствата, проституцијата и коцкањето.

Најопасните облици на асоцијалното однесување се поврзани со сообраќајот и криминалот. Врската помеѓу алкохолизмот и криминалот е докажана во научните и стручните литератури. Лицето кое е под влијание на алкохолот не е секогаш во состојба да ги разликува дозволените и недозволените однесувања.

Алкохолизмот е многу сложен и актуелен проблем во општеството и речиси во сите земји низ целиот свет, и не е чудно затоа што е присутен кај сите возрасти на населението, па и кај малолетната популација, дури и кај децата.

Влијанието на алкохолизмот кај малолетната деликвенција се остварува најчесто под влијание на алкохоличарско семејство[42], од друга страна појавата на алкохолизмот во тинејџерските години се објаснува со субјективните фактори, алкохолот е за човекот средство за ослободување од стравот и срамот. Алкохолот влијае за порастот на малолетната деликвенција, особено се во пораст кривичните дела со елементи на насилство (убиство, телесни повреди, разбојништва, силување, навреди, клевети, малтретирање на членовите на семејството, имотни и собраќајни деликти). Криминалот извршен под дејство на алкохол од етиолошки аспект претставува специфична форма на криминалното однесување и се нарекува алкохоличарски криминалитет.

Проституцијата претставува многу тешка социопатолошка и штетна појава во општеството, која го загрозува моралот на едно општество. Тоа е ретка појава кај младите лица и главно се сведува на женскиот облик на социопатолошка појава. Меѓутоа, проституцијата по сопствена содржина ги опфаќа и жените и мажите како лица кои можат да се занимаваат со проституција, под кој поим се подразбира нудење одредени сексуални услуги на други лица за парична или некоја друга награда.

Од останатите социопатолошки појави кои имаат влијание кај младите криминалци се споменуваат и скитањето, питачењето, и коцкањето кои наведуваат на кривични дела поради цел да се собере што повеќе пари и со тоа сума да продолжат понатаму. Оваа

[42]Недоволното влијанието на семејствата алкохоличари на нашето општественото и деликвентното однесување. New York, 1952

категорија на малолетни лица претставува сериозен социјален проблем затоа што нивното однесување во основа е асоцијално и реакциите на општеството на таквите појави во општеството се сведуваат на покренување на прекршочна пријава. Во некои случаи се поврзани и со криминалот.

Со поимот коцкање денес се означуваат игрите на среќа, односно склоп на разни видови игри, однесување и активности насочени кон поголема парична заработувачка. Коцкањето секогаш го вклучува ризикот на вложените пари, но и можноста за добивање на повеќекратна заработувачка отколку што е вложено. Денес игрите на среќа во светот, но и кај нас се многу распространети. Коцкањето претставува посебна опасност за младите. Игрите често стануваат страст, се занемаруваат обврските, се присвојуваат навиките за паразитско живеење, бидејќи се добива впечаток дека е можно без работа, напор и знаење да се осигурува живот на висока нога. За коцкањето како облик на асоцијалното владеење важно е да се знае дека може да доведе до деформации во формирањето на филозофијата на младите, но може да биде и причина за кражби, недолично однесување во домот, училиштето и во работното место.

### 3.11.1. Влијание на насилство

Изгледа дека во последно време како никогаш порано децата низ целиот свет се соочуваат со насилство во секојдневниот живот.

Според надлежните организации за заштита на детските права, секој ден умираат осум деца од огнено оружје. Во 2004 година бројот на загинати деца бил 2825 деца што се споредува со бројот на загинатите воени лица убиени во Ирак и Авганистан помеѓу 2003 и 2006 година.

Загрижувачки е фактот за насилство на децата надвор од нивните домови, загрижува и фактот дека децата сѐ повеќе посегнуваат по ладното и огненото оружје, па затоа расте бројот на самоубиство кај децата. Според надлежните светски организации за заштита на детските права, се укажува дека 2.6 милиони деца имаат лесен пристап до оружје во нивните домови. Во 2004 година 928 деца се самоубиле со огнено оружје. Светот денес е преоптоварен со многу други проблеми и недостатоци, но најзагрижувачко се оценува

насилството над децата, децата што консумираат наркотични средства, алкохол и деца бездомници.

Има многу вида насилство врз децата, но во денешно време најчесто се соочуваме со физичко и психичко насилство. Со психичко насилство децата се соочуваат дома во семејството, и тоа од таткото, мајката, сестрата и браќата, а во училиште од страна на наставниците и нивните другари соученици, каде што потоа се јавува нарушување на нивното однесување, агресивност, повлекување и одбивност кон сè и сешто, во некои случаи доаѓа и до самоубиство. Доколку физичкото насилство се манифестира со физички повреди, трауми, страв и несигурност, па затоа овие деца со ваков вид на проблеми многу тешко се вклопуваат во општеството и во околината во која живеат.

За повеќето луѓе домот претставува сигурно и спокојно катче за живеење, но по сè изгледа дека не секој дом претставува сигурност и безбедност за децата. Докажано е дека 10 милиони деца доживеале домашно насилство во нивните домови, недоразбирањата и агресивното однесување меѓу родителите предизвикуваат трауми и влошена психолошка состојба кај децата. Најекстремните се кога во домот се практикува физичкото насилство особено кон понежниот пол и тоа константно се применува од страна на мажот бидејќи тоа се случува пред очите на детето, таа расте со помислата дека тоа е нормално и дека жената така треба да се третира во едно семејство.

Децата кои растат во средина каде што се практикува домашното насилство немаат самопочит, многу се депресивни, се јавува акутна анксиозност, ненормален, неконтролиран бес, ментално нарушување, постојан страв, чувство на самообвинување, често посегнуваат по сопствениот живот, често применуваат насилство кон послабите во средината во која живеат.

Овие деца најчесто се морално пропаднати, немаат никаков допир со реалноста и живеат во свет кој им е познат само на нив

**Улично насилство.** Една од главните причини зошто детето завршува на улица се семејните проблеми и недоразбирања, па тоа на улица ќе се обиде да се вклопи некаде, не знаејќи дека тоа е неисправно и опасно за неговиот живот.

На улица децата се изложени на сексуално насилство (педофилија) и киднапирања, трговија со внатрешните органи на децата, трговија и др.

Тринаесетгодишните девојчиња ги киднапираат и ги користат за проституција.

Сосема е нормално дека кога децата се сведоци на едно вакво насилно однесување, тие се склони да бидат насилни и меѓу себе дете - дете. Секојдневно и на секаков начин им се нуди ова лажна реалност за живот без обврски, лесна заработувачка и многу други лажни ветувања.

Не може да се случи во ниту еден од аудиовизуелните медиуми или печатените дневни весници да не се спомне секојдневно за извршено насилство. Тоа веќе стана како навика да се случува секој ден понекое убиство, грабеж или нешто друго.

Но, исто така е зачудувачки и загрижувачки фактот дека во анимираните филмови што се препорачуваат за деца од најмала годишна возраст се сервираат разни настани во кои една од личностите е злоупотребена од другата личност, ова директно предизвикува нарушување на психичката состојба на детето.

Некои критичари на современите ТВ-програми и светот на кинематографијата укажуваат дека голем процент од насилството децата се истоветуваат со медиумските херои.

Загриженоста дека насилството наголемо се рекламира преку медиумите директно кај децата не е нешто ново, во 1982 Националниот институт за ментално здравје доаѓа до заклучок дека високиот процент на насилство доаѓа директно од ТВ, што значи дека ова агресивност доведува до девијантно однесување кај децата.

Зошто насилството што се прикажува преку ТВ-медиумите се промовира во општеството? Големо влијание имаат електронските медиуми особено кај најранливата категорија во едно општество, а тоа се децата. Бидејќи децата континуирано се соживуваат со главните ликови од анимираните серии, во кои претежно се нудат агресивност, недолично однесување, и ред други негативни својства и особини на главните ликови, или пак споредните ликови, па и тие се поистоветуваат со нив, свесно или несвесно ги

прифаќаат сите тие особини и тие автоматски посакуваат да личат на нив како во јазичното изразување така и во однесувањето.

Податоците од истражувањата покажуваат многу позагрижувачки сознанија и колку повеќе тие се изложени на континуирано насилство не само што ги губат чувството на допир со реалноста и кај нив се зголемува желбата да се поистоветат со ликовите (Bushman and Anderson2001; Hoffman, 1997 Regoli et. al. 2007; Siegel and Welsh, 2008).

Што се однесува на електронските медиуми, некои експерти посочуваат за ризичен фактор на деликвентно однесување кај децата, и кога во нив се емитуваат спортски натпревари. Иако спортските натпревари се емитуваат само за забава, големата желба за победа помеѓу двата ривали често предизвикува желба за насилно однесување кај децата.

### 3.11.2. Улични банди

Бандите што се формираат од група на деца надвор од нивните домови е една од главните теми за дискусија на социолозите и психолозите со години по ред.

Првите групи на банди претежно се деца низ светот се појавува како резултат на големата желба на децата да се поистоветуваат со познатите светски музички групи како што се „West Side“ и „East Side“.

Овие групи промовираат музички стил во кој употребуваат вулгарни зборови, водат несреден живот и речиси на секој чекор и секаков вид начин во нивните животи примарна цел е насилството од секаков вид.

Како што поминува времето, овие групи формирани на улица стануваа сè поопасни и затоа што почнаа да промовираат сè што им се нуди на улица и со текот на времето стануваат вистински улични банди кои меѓусебно насилно се однесуваа.

Која е причината и што претставува една улична банда за младите и децата?

Тоа е група на млади и деца кои се собираат заедно од неколку различни причини, вклучувајќи зависност и заштита (Mc Whitertal 2006).Esbensen et. al. (2004) – Според него многу е тешко активностите на овие банди да бидат опфатени во една дефиниција.

Неколку експерти (Siegel and Welsh, 2008) претпоставуваат дека постојат четири вида банди, и тоа:

- Криминални банди;
- Банди кои се секогаш во судир со другите банди;
- Банди бунтовници и
- Банди кои континуирано ги имитираат разновидните секти.

Криминалните банди на почеток се занимаваат со крадење и трговија на различни вида наркотици. Бандите чија цел им се расправиите најчесто се борат за да ја заштитат нивната територија за да можат што повеќе да имаат влијание при продажбата на наркотичните средства. Членовите на бандите кои им припаѓаат на различните секти тие на секаков начин го обожаваат и го величаат ѓаволот.

Тие деца кои се во пониската категорија на овие банди за да целосно се вклучуваат во нив вршат мали прекршоци, кои се забранети со законот но се уште продолжуваат да следат настава во училиштето. Децата кои целосно им се предаваат на бандите и во целосна зависност од нивната милост и немилост се карактеризираат со употреба на прекумерно насилство, завршуваат во затвор, се откинуваат од следењето на наставата, ризикувајќи го сопствениот живот исто така и нивната иднина за да им ја докажат нивната верност, посветеност на бандата на која ѝ припаѓаат. При што за да го достигнат врвот на оваа восхит, извршуваат убиство во име на бандата.

За возврат бандите им нудат „прекрасни зделки" кога нивните членови имаат семејни проблеми и разни други социјални или финансиски проблеми. Им создаваат на членовите чувство дека тие припаѓаат токму во нивната средина и им создаваат чувство дека со нив се секогаш безбедни. Со текот на времето насилството меѓу бандите сѐ повеќе се зголемува и се побрутални нивните активности.

Има и банди кои мигрираат во други земји поради зголемената побарувачка на трговијата со наркотичните средства. Голем е и бројот на женските лица кои веќе се вклучени во денешните банди и ова бројка секојдневно се зголемува. Campbell (1990) укажува на тоа дека девојчињата деликвенти се вклучуваат како резултат на тоа што не биле

прифатени од нивната средина, и нивната неспособност да се вклопат во нормална средина. Тие во овие банди се претпоставуваат како објекти кои им служат на мажите да ги задоволат нивните сексуални потреби. Нивниот статус во бандите зависи многу од односот што тоа го има со главниот член на бандата.

Последните истражувања укажуваат дека веќе имаме и женски лица кои имаат рамноправна улога во бандите и се независни. Денес се во тренд банди формирани само од женски лица кои се водат од страна на женско лице и меѓусебно се заштитуваат од малтретирањето на машкиот пол, иако некои од нив самите се нудат за проституција за полесна заработувачка.

### 3.11.3. Училиштето како воена зона помеѓу децата

Зошто училиштето би претставувало ризичен фактор за насилство кај децата?

Еден од многуте ризични фактори не само на насилството туку и ментален и здравствен проблем е тоа што во училишните дворови на најлесен начин може да се дојде до пристап на наркотични супстанции. Исто така влијае и нискиот животен стандард, воспитно-образовниот степен на потесното семејство.

Во училиштата многу се присутни и предрасуди од страна на одредени ученици кои себеси се сметаат за попривилегирани граѓани на општеството, па затоа неретко доаѓа до нарушување на нивната личност и девијантно однесување.

### 3.11.4. Децата и наркотичните средства

Родителите кои се уживатели на разни видови наркотични средства не само што го уништуваат сопственото здравје и сопствениот живот, тие се виновни и за нарушување на животот на нивните деца. Родители зависници од наркотичните средства има од сите социо-економски структури, но со потешки последици остануваат децата од сиромашните семејства затоа што добро ситуираните семејства ангажираат воспитувачки за да се грижат за децата и не се често присутни во животот на децата.

Родителите зависници претставуваат ризичен фактор за децата кои подоцна се развиваат во неколку фази:

- Фатален алкохолен синдром, последица од зависни родители која се пренесува кај бебињата;
- Последици кај децата од предучилишна возраст;
- Последици кај децата тинејџери, како и
- Последици во понатамошниот живот кај децата.

Во секоја од овие етапи постои можност детето да стане зависник, па дури и кога е бебе затоа што тоа е резултат на мајката која користела наркотични средства во времето кога била бремена.

### 3.11.5. Семејства и деца бездомници

Зачудувачки е фактот дека семејствата бездомници голем дел од нивниот живот го поминуваат во движење од едно место на друго, ваквата состојба предизвикува исцрпеност и истоштеност кај повеќето од нив.

Семејствата бездомници се карактеризираат во неколку категории, и тоа:

- Семејства со економски, односно финансиски проблеми.
- Мајки кои се напуштени од партнерот па остануваат незгрижени со нивните деца.
- Нарко-зависници кои долго време се бездомници.

Децата од овие семејства се чувствуваат безнадежно и не се во состојба да преземаат контрола врз нивниот живот, единственото нешто со кое се соочуваат и кое го учат во ваква состојба е грубиот и напорниот начин на преживување.

Додека овие деца се очевидци и неми сведоци на тешкиот живот на нивните родители се чувствуваат беспомошно и се принудени тие да ја преземаат одговорноста и

грижата за нивните родители. Живеејќи под вакви услови, овие деца се претвораат во груби личности, бездушни, па и деликвенти.

Деца може да станат бездомници, односно напуштајќи ги нивните домови како резултат на разни несакани доживувања во нивниот дом. Улицата за овие деца е единствениот начин за да ги остварат нивните скриени желби. Олеснување за нив претставува испразнувањето на сета негативна енергија, на улица тие можат неконтролирано да ги применат сите лоши навики. Ова на крај нив ги води до самоуништување на нивната личност, па претставуваат опасност за општеството и целиот свет.

## 3.12. Војната и воените услови

Војната и воените услови претставуваат особено посакуван терен за разни облици на деликвентно однесување, како и за вршење деликвентни дела. Војната на различни начини влијае на криминалитетот како општествена појава, но и индивидуално деликвентно однесување. Воената состојба доведува до појавување на низи појави кои се на некој начин условуваат со вршење криминални дејства. Според мислењето на Хентиган[43], малолетничка деликвенција е еден од најсериозните проблеми кои се појавуваат во војните. Тоа настанува поради најважната контрола на родителите кон малолетниците затоа што таткото е во војна, а мајката е преокупирана со проблемите како да ги нахрани членовите на семејството. Слична состојба постои и во времето непосредно пред завршување на војната.

Поради неизвесноста и воените психози кои ги опфаќаат пошироките слоеви на жителите и настојувањето со собирање и натрупување на материјалните средства, во воените состојби особено доаѓа до зголемување на бројот на имотните деликти. Според статистичките податоци од Втората светска војна, кои ги водеше Бирото за деца во Вашингтон, деликвенцијата кај младите во сите облици се зголемила за 56%. Влијанието на воената пропаганда, чија цел беше да предизвикуваат агресивни емоции за да создадат мотиви за вклучување во војна што значи влијае првенствена кај младите. Криминогено значење може да има и човечката адаптација на постоечката состојба односно ужасот.

[43]Фон Хентиг, Х.: Злосторството, причините и условите. Веселин Маслеша, Сараево 1959.

Човекот за време на војната се привикнува на секојдневните слични на ужасот, човечките трагедии и смртта, што оставаат длабока трага во неговата психичка состојба и тоа особено кај младите лица кои ги присвојуваат ставовите и ги лекуваат со агресивност. Војната доведува до сѐ поголема вработеност и апатија на младите, разочарувања, сопствена криза и агресивност и во крајна мера доведува до деликвентни искушенија и однесување. Како и воената состојба, така и повоената состојба имаат извесно криминогено влијание, посебно младата деликвенција. Војната предизвикува големи човечки загуби, а тоа од социјален аспект значи поголем дефицитарен број на семејствата, растурени бракови и воопшто комплицирани односи и можности за одржување и егзистенција.[44]

## 4. Видови мерки за деца повторници во вршење кривични дела

Има различни видови мерки кои се применуваат спрема дете во ризик (извршил дејство што со закон е определено како кривично дело), кои се: мерки за помош и заштита. Овие мерки се определени со закон во областа на образованието, социјалната, здравствената, семејната и другите облици на заштита.

Мерките за помош и заштита се применуваат спрема дете кога Центарот за социјална работа ќе оцени дека состојбата на ризик се одразува врз развојот и личноста на детето и може да влијае во иднина да врши кривични дела и прекршоци.

Многу важен елемент во системот на заштита опфаќа домувањето кој е дел од социјалната заштита за материјално необезбеденото население.

Мерките за помош и заштита обезбедуваат домување, се спроведуваат кога семејството нема соодветен простор за живеење, на семејството му се обезбедува привремено сместување, или може да му се обезбедува и трајно решение за соодветно живеење (социјален стан). Оваа мерка најмногу се спроведува на најранливата категорија, а тие се: бездомници, бегалци и др.

[44] Singer, M.: Криминологија- 1999 год.

На семејството исто така му се дава и материјална помош, и тоа преку еднократна помош, социјална парична помош, постојана парична помош, детски додаток, но материјална поддршка се обезбедува и со вработување на членовите на семејството или детето во ризик (деликвентно).

На детето му се дава поддршка и преку здравствена заштита со ова не само на детето, туку на целото семејство му се обезбедува остварување на потребни прегледи, вакцини и лекувања.

Во нашата држава се спроведуваат различни мерки и програми за да се постигне успех во образованието. Една од неколкуте програми е давање паричен надомест за средно образование. Оваа програма се спроведува со цел да се подобрува квалитетот и пристапот во средно образование. и им се овозможува на семејства кои се корисници на право на социјална парична помош.

Оваа програма обезбедува дополнителни надоместоци за учениците под услов за запишување и посетување на средното образование. Цел на оваа програма е да се помножи бројот на ученици во средното образование во Република Северна Македонија, оваа програма ја спроведуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа. Оваа им се овозможува на семејства кои се корисници на право на социјална парична помош.

Друга многу ефективна програма се бесплатните учебници за основното и средното образование кои се даваат со цел да се вклучуваат повеќе ученици во задолжителното основно и средно образование, да им се обезбедуваат подобри услови за учење.

Право на користење на учебниците имаат сите ученици кои се запишани во јавни или приватни основни и средни училишта во Република Северна Македонија. Книгите ги обезбедуваа Министерството за образование и наука и локалната самоуправа.

Освен овие програми, Министерството за образование и наука им обезбедува стипендии на учениците со посебни потреби од јавни и приватните средни училишта во РСМ, со цел да им се овозможува подобри услови и да се зголемува бројот на учениците со посебни потреби кои се вклучуваат во основно и средно образование.

Исто така се помага и со организирање на секојдневните активности, со слободното време како на најдобар начин да се користат.

На родителите им се овозможува адекватна едукација за развивање вештини за одговорно родителство.

Мерките од втора група што може да му се изречат на детето (деликвентно дете) се воспитните мерки и овие мерки може да ги поделиме на три групи:

- Дисциплински мерки кои се изрекуваат кога нема потреба од долготрајни мерки на воспитување, а вакви мерки се: Укор - се изрекува кога е доволно и самото прекорување на детето за стореното кривично дело; Упатување на дисциплински центар за малолетници (деца) - оваа мерка ја изрекува судот и само кога е потребно со соодветни краткотрајни мерки да изврши влијание врз личноста и поведението на детето.
- Мерки на засилен надзор се изрекуваат спрема детето кога има потреба од потрајни мерки на воспитување, лекување со соодветен надзор, но не е потребно целосно да се одвојува од дотогашната средина.

Мерки кои се применуваат спрема детето се: засилен надзор од страна на родителите/старателот; засилен надзор од страна на згрижувачкото семејство; засилен надзор од страна на Центарот за социјална работа.

И овие мерки ги изрекува судот. Мерката засилен надзор од родителите/старателот судот ќе ја изрече ако родителите/старателот пропуштиле, а се во можност да вршат надзор врз детето.

При изрекување на оваа мерка Центарот за социјална работа ќе го проверува извршувањето на оваа мерка и ако е потребно ќе му помогне на родителите/старателот.

Ако ова мерка нема да покажува успех детето се сместува во згрижувачко семејство кое ќе сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него.

Ќе запре извршувањето на ова мерка кога родителите/старателот ќе имаат можност да вршат засилен надзор над детето, или ако според резултатите од воспитувањето и превоспитувањето престане потребата за засилен надзор.

Ако нема можност детето да се сместува во згрижувачко семејство, а родителите/старателот не се во можност да вршат засилен надзор врз детето, тогаш детето ќе треба да се стави под надзор на Центарот за социјална работа.

Судот дополнително одлучува кога мерката да престанува, траењето на ова мерка не може да биде пократко од една ни подолго од три години.

Детето во времетраењето на ова мерка живее со родителите или со други лица со кои живее и го издржуваат, а засилениот надзор го врши Центарот за социјална работа.

Кога имаме ситуација во која треба да се применуваат потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување спрема детето и неговото целосно одвојување од дотогашната средина, се употребуваат заводски мерки.

Заводските мерки кои се применуваат спрема детето се:

- Упатување во воспитна установа: Судот го упатува детето во воспитна установа само кога детето треба да биде врз постојан надзор од страна на стручни лица заради негово добро, заради воспитување, превоспитување и правилен развој. Детето во воспитна установа најмалку може да престојува 6 месеци, а најмногу 3 години.
- Упатување во воспитно-поправен дом: Судот во воспитно-поправен дом го упатува детето тогаш кога се потребни засилени и потрајни мерки за негово воспитување и превоспитување и потребно е целосно одвојување од дотогашната средина.

Судот кога ќе одлучи да изрече ваква мерка, треба да ги има предвид природата и тежината на извршеното дело, дали порано на детето му биле изрекувани воспитни мерки или казни. Детето во воспитно-поправен дом најмалку останува 1 година, а најмногу 5 години, односно до наполнета 23 година.

Кога ниту една од овие различни видови мерки нема да покажуваат успех, нема да се постигне бараниот резултат, тогаш се определува друг вид воспитни мерки - казна.

Казна може да му се изрече на постаро кривично одговорно дете со тешки последици од стореното кривично дело и високиот степен на кривичната одговорност.

Со услови кои се определени со закон на постаро дете може да му се изречат следните казни: детски затвор, парична казна, забрана на управување со моторно возило од определен вид на категорија, протерување како странец од државата.

Од сите видови казни детскиот затвор може да се изрече како една од најглавните казни, ваква казна може да се изрече на дете кое е кривично одговорно, кое извршило кривично дело за кое може да се осуди до 5 години затвор и повеќе. Ако делото е извршено при висок степен на кривична одговорност на детето, не е оправдано да се изрече воспитна мерка, туку казна затвор.

Детскиот затвор не може да биде пократок од една година, ниту подолг од 10 години.

Кога ќе се одлучи дека детето ќе се казнува со детски затвор, ќе се земат предвид сите околности кои ќе влијаат во казната, дали таа ќе биде поголема или помала кои се определени во кривичниот законик, да се води сметка за душевната развиеност и колку време е потребно за негово воспитување, превоспитување и стручно оспособување.

Судот треба да ги има предвид сите овие околности кога ќе одмерува казната за детето.

Друг вид казна која може да му се изрече на детето е паричната казна. Овој вид казна може да му се изрече на дете кое од користољубие извршило кривично дело за кое казната затвор е пропишена со најмалку 3 години. Овој вид казна се изрекува во дневни глоби. Бројот на дневните глоби не може да биде помал од една, ниту поголем од 120 дневни глоби.

Во случај на неплатена парична казна, судот може да ја замени со мерката општокорисна работа. 3 часа општокорисна работа се заменува со една дневна глоба, вкупниот број на општокорисната работа не може да биде од 100 часа. Но, ако и општокорисната работа не е извршена целосно, тогаш судот може да ја замени со мерка на засилен надзор или со дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар за деца.

Последниот вид на воспитните мерки се алтернативните мерки кои може да се применуваат спрема одговорно дете кое извршило кривично дело. Главна цел на овие мерки е спрема детето да не се примени казна кога може да се спречува вршењето кривични дела само со предупредување, со закана од казна и кога примената на мерки на помош и заштита,

надзор на слободата доволно ќе влијае врз неговото воспитување, превоспитување и правилен развој.

Кога во природните семејства од различни причини не се исполнуваат семејните функции кои се значајни за развојот на детето, тогаш овие функции во современите држави ќе се исполнуваат од страна на службите за социјална заштита. И кога во рамките на природните семејства сериозно е загрозено психофизичкото здравје, развојот на детето, животот, тогаш Центарот за социјална работа реагира со давање социјални услуги.

Главна обврска на Центарот за социјална работа како орган за старателство е во рамките на семејството да даде поддршка и помош како најдобро, најправилно да се одгледуваат децата.

Алтернативните мерки може да се делат на:

- Условна осуда со заштитен надзор - оваа мерка може да се применува кога изречената казна може да се замени со обврски, забрани и ограничувања во зависност од причините кои довеле до делото, со што детето ќе треба да ги исполни и со тоа да покаже дека целта на казнувањето е исполнета и без извршување на утврдената казна. Во законот се предвидени многу обврски, со што се дава слобода на судијата за деца во соработка со Центарот за социјална работа да ги избираат кои се најсоодветни за постапување во постапката со детето.
- Условно прекинување на постапката против детето - ова се случува кога во случајот станува збор за дете кое за прв пат сторило кривично дело, но покажува каење за стореното дело и е свесно за штетата што е направена од делото.
- Општокорисна работа - која е дефинирана како неплатена работа со точно определени број часови кои се во корист на заедницата во слободното време на детето кому претходно му се објаснува целта, суштината и краен исход на работата. Оваа мерка придонесува многу бенефити за детето, кое ќе стекнува работни вештини, му доаѓа како работна терапија, ќе добие нови искуства кои ќе му служат во понатамошниот живот, затоа што работата има едукативен карактер и е прилагодена на психофизичкиот капацитет и можностите на детето.

Детето работата ќе ја врши во комунални, хуманитарни, еколошки организации, помош на стари лица итн. За да не се поремети редот на секојдневието на детето, непречено да ги реализира обврските во училиште, работата ќе ја врши во местото каде што живее.

# II ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

Голем е интересот на научната и стручна јавност за општествено негативни и асоцијални однесување на децата, детерминирани од општествени услови на живот, посебно кон проучување на социјалното однесување на децата и односите во семејството.

Децата со девијантно однесување се всушност оние кои не се вклопуваат во однесувањето на нивните врсници, т.е. однесувања кои не одговараат на нивната возраст, деца коишто не ги прифаќаат стандардите во општеството во кое живеат, деца кои не се приспособуваат на потребите на животот, на училиштето и во своите домови.

Во Република Северна Македонија, како во земја во развој, се случуваат цела низа паралелни процеси кои влијаат врз целокупниот живот. Поради општествено-економските услови кои владеат, се случуваат глобални промени во сите сфери на живеење проследени со несигурни бракови и несигурна иднина за децата.

Повторништвото во вршење кривични дела кај децата е недоволно истражуван феномен, којшто заслужува внимание со оглед на потребата да се утврдат ризик-факторите што придонесуваат за повторништво, а со цел градење стратегии за превенирање на идното криминално однесување кај децата и, секако, намалување на стапката на повторништво.

ЈУ Завод за социјални дејности во согласност со законската надлежност за проучување на социјалните појави и унапредување на социјалните дејности со поддршка на меѓународен консултант во 2011 година изготвил Општи стандарди за работа на стручниот кадар во Центар за социјална работа при давање социјални услуги во заштита на децата, а

во 2014 година изготвени се Стандарди и процедури за постапување на Центар за социјална работа каде што за децата во ризик и децата во судир со законот, особено се важни Стандарди за раководење со предметот и Стандарди за правда за децата.

Но, мораме да споменеме дека деца кои пројавиле деликвентно однесување не се биолошки, социјално и психолошки зрели личности. Тие се наоѓаат во период на брзи и силни, психички и биолошки промени, а и истовремено зависни и условени од општеството, училиштето и семејството. Токму поради ова тие во овој период се подложни на различни влијанија кои можат нивниот развој и однесување да го насочат во негативен правец.

# 1. Некои аспекти на релевантно истражување

Дисфункционално семејство се карактеризира со алкохолизам, злоупотреба на дрога, сексуална злоупотреба и насилство во семејството, хомосексуалност, и слично, и може значително да придонесе да се влијае на деликвентно однесување (Суботин и Одаловиќ, 2016: 43-55). Конфликти во семејството, негативна емоционална состојба, како и криминалот и алкохолизмот во семејството, особено на родителите, слабото следење и недостатокот на вклученост на родителите во секојдневниот живот на детето, предизвикува и поттикнува појавата на деликвентно однесување.

Во една од поновите студии што беше направена на голем примерок од 3111 испитаници, на возраст од 17-35 години, покажаа дека во семејства каде што дисфункцијата е силно изразена (конфликт помеѓу брачна двојка, алкохолизам на родители), употребата на алкохол меѓу децата е почеста. Важна улога во развојот на овој тип на ризично однесување кај младите има ранлива социјалната средина, како и употребата на алкохол (Југовиќ, 2005).

Во прилог на здравствените проблеми кои очигледно се јавуваат како резултат на заболувања и хронична употреба на алкохол, конфликти во бракот и нарушувања на семејните односи се најсериозните последици од овие социопатолошки појави. Сепак,

последиците кои се јавуваат во психата на децата на алкохоличари и нивната социјализација и правилен развој се еднакви, а можеби и поголем проблем. Отсуство на емотивно внимание, љубов и без родителска поддршка и насоки, живеење во лоши услови, страдање од психичка и физичка злоупотреба, имање чувство на постојан страв и анксиозност, или биле сведоци на некаков вид насилство кон другите членови на семејството. Во ситуации кога само еден родител е алкохоличар, ефектите од неговиот алкохолизам деструктивно влијание на брачниот другар, па тој не е во можност да се посвети на детето и неговиот развој во целост бидејќи тој мора еднакво, или повеќе, да се грижи за партнер (Суботин и Одаловиќ, 2016: 43-55).

Социо-економски услови за живот во семејството: (образованието на родителите, професијата на родителите, вработеноста на родителите, станбените услови во кои живее семејството, комуникацијата со семејството, стилот на воспитување, видот на семејството од кое потекнуваат децата), индивидуалните карактеристики на личноста на детето и односите со врсници, услови и односи влијаат врз појавувањето повторништво во вршење кривични дела.

Деликвентното однесување не секогаш има иста форма. Без оглед во какви услови или форми се случува, деликвентното однесување остава зад себе долгорочни, разорувачки и неизбришливи последици. Последиците од деликвентното однесување се многу сериозни за децата.

Идентификацијата и дескрипцијата на факторите на ризик за појава на деликвентно однесување е од голема важност бидејќи тоа дава основа за дизајнирање превентивни интервенции и дава придонес на научно основање на превенцијата. Фактори на ризикот се фактори кои предвидуваат зголемен ризик и ја зголемуваат веројатноста на појава на повторништво во вршење кривични дела. Од друга страна, постојат и протективни фактори кои пружаат отпор на ризичните фактори и делуваат во спротивна насока. Причините за повторништво во вршење кривични дела се многу сложени, а како најчести фактори се спомнуваат разни настани во семејството, неуспех во училиштето (Ѓуришиќ, 2015). Најважно во животот на детето и во формирање на неговото однесување, секако, е семејството и семејните услови во кои детето расте. Голем број студии во светот и во

нашиот регион се занимавале со истражување на присуство деликвентно однесување. Истражувањата покажуваат дека постои корелација помеѓу одредени социо-економски и семејни фактори и повторништво во вршење кривични дела од страна на децата.

Во Република Северна Македонија нема многу истражувања во врска со овој проблем, што ја наметнува потребата за понатамошни истражувања на оваа појава, на овие простори, за да се одговори на прашањето дали постои врска и на кој начин факторите во семејното опкружување, условите за растење на децата и функционирањето на семејствата во Република Северна Македонија влијаат врз оваа појава и на деликвентното однесување.

Со цел да се добие појасна слика за појавата на повторништво, во ова истражување се испитува врската помеѓу повторништво во вршење кривични дела со условите за живот на децата во семејството, т.е. социо-економските и семејните фактори на ризик кои влијаат на оваа појава и нејзината фреквенција.

Во економската состојба на семејството на детето со деликвентно однесување се забележуваат две крајности: од една страна, семејства во кои родителите се невработени имаат тешка економска состојба поради отсуство на редовни примања или се корисници на социјална парична помош или постојана парична помош, а, од друга страна, семејства кои се материјално и станбено солидно ситуирани, со родители кои се вработени, со постојани и солидни приходи (Димитријоска С., Бужаровска Г., 2016).

Семејната состојба на 66% од децата повторници е дека живеат со обата родитела, при што 71% имале статус на брачни деца во моментот на раѓањето.

Повторништвото кај децата е сигурен показател дека е неуспешна мерката за општествена, односно казнена реакција што требала да доведе до превоспитување и правилна социјализација, односно показател за отсуството на соодветна реакција со која би се постигнале наведените цели.

Како ризик-фактори за повторништво се утврдија следниве:

- Дисфункционално семејство:
  - неавторитетни родители;

- слаба економска состојба;
- присутни социопатолошки појави;

■ Невклученост на детето во образовниот процес, односно прекинат процес на образование;

■ Негативно влијание на врсниците:

- дружење со врсници со криминално однесување;
- неприфатеност од соучениците;

■ Несоодветно институционално постапување:

- зачестена целесообразност на јавен обвинител;
- несоодветност на изречената мерка наспроти резултатите што од неа се очекуваат.

Појавата на повторништвото во извршувањето кривични дела посебно е загрижувачки феномен и бара соодветна општествена реакција. Во стручната литература појавата на повторништвото кај децата како сторители на кривичните дела се означува како сигурен показател за неуспешните мерки на ресоцијализација, односно отсуство на соодветна општествена реакција, бидејќи заедничка надворешна карактеристика на сите деца повторници, без разлика на другите поделби, се огледа во тоа што спрема нив кривичната санкција како доминантен облик на општествена реакција за извршено кривично дело не дава позитивни резултати, па тие и понатаму продолжиле со вршење кривични дела.

## 2. Предмет на истражување

Предмет на ова истражување е повторништво кај децата во судир со законот и влијанието на семејството за таквото однесување, индивидуалните карактеристики на личноста на детето и односите со врсниците.

Истражувањето треба да даде појасна слика за поврзаноста помеѓу повторништво кај децата и условите за живот во семејството.

Имајќи предвид дека семејството е клетка и основа на секое општество, дека е еден од најважните воспитни фактори за развој на децата и формирање на нивната личност, неопходно е и потребно да се негуваат семејните односи, да се откриваат проблемите, да се проучуваат видовите семејства и како функционираат членовите во него. Само на тој начин би можеле да се откријат можните фактори за појавата на деликвентното однесување.

Кога е збор за влијанието на врсниците, истражувањата покажуваат дека контактите со врсниците кои се склони кон деликвентност и користење илегални супстанции поттикнува развој на насилно однесување на децата (Lipsey & Derzon, 1998).

Исто така, оваа тема досега не е многу истражувана во Република Северна Македонија, па може да се очекува дека во текот на истражувањето ќе се дојде до значајни и нови податоци кои ќе придонесуваат да се помогне во изнаоѓањето начин како да се намалат негативните облици на однесување кај децата, кои претставуваат сериозен општествен проблем.

Недостатокот на нецелосна или нејасна комуникација во семејствата ги води до проблематични ситуации со децата кои не можат да ги решат сами помеѓу себе, но се принудени да бараат помош од страна на адекватни органи пример (психолог, педагог, психијатар, социјален работник и др.).

Според некои автори (Strong et al, 2007; Walsh, 2002), семејството се класифицираа во три главни групи:

- Семејство кое се состои од двата родители;
- Семејство кое се состои од еден родител;
- Реконституирани семејства.

Главните ризик-фактори се поврзани со семејството на детето повторник, мултиплицираните социопатолошки појави кои детето во допир со законот го преобразуваат во дете во судир со законот, невклученоста во образовниот процес, негативното влијание на врсниците, како и несоодветното институционално постапување.

Бандите што се формираат помеѓу децата надвор од нивните домови стана еден од главните предмети за дискусија на социолозите и психолозите за последните неколку декади.

Повеќето од истражувањата покажуваат дека децата од бездомни семејства се чувствуваат безнадежни и не можат да ги контролираат нивните животи. Можно е дека се преокупираат со грижа како обично до тој степен што се развиваат психички пореметувања.

Зголемувањето на бројот на деца кои се јавуваат како повторници во вршењето на кривични дела укажува на несоодветен одговор на потребите на децата. Потребата од унапредување на капацитетите на установите, особено Центарот за социјална работа кој работи со деца во судир со законот/повторници и обезбедување квалитетни социјални услуги на децата преку развој на практични модели обезбедувајќи ја нивната социјална инклузија, е нешто на што мора да се посвети особено внимание.

## 3. Дефинирање основни поими

Етимолошки терминот „повторништво“ потекнува од латинските зборови „re“ што значи „назад“, и „caedere“ што значи „да падне“, или во буквален превод „да се врати назад“. Се користат повеќе синоними како што се: повтор-поврат, повторништво-повратништво.

Постојат три дефиниции на повторништво:

- Кривично-правна дефиниција – според која повторништво претставува повторно вршење кривични дела од страна на лице кое претходно било осудено за сторено кривично дело од ист или различен вид. Кривично-правнио повторништво може да биде општ или специјален во зависност од фактот дали претходно осудениот сторил ново кривично дело од ист вид како и претходното (специјален повтор) или новостореното кривично дело е од различен вид во однос на делото за кое бил претходно осуден (општ повтор).
- Според криминолошката дефиниција - повторништво претставува повторно вршење на кривично дело без оглед на осуденоста за претходно стореното кривично дело. Во овие рамки би спаѓала ситуација кога лицето сторило ново

кривично дело, а сè уште не е донесена правосилна пресуда со која се осудува за кривично дело што претходно го сторило.

- Пенолошката дефиниција на повторништво – повторништво претставува кога на лицето повторно му е изречена мерка/санкција откако ја исполнил/издржал претходната мерка/санкција. Пенолошки повтор се појавува поради две причини:
  - неадекватна општествена реакција односно непримерен избор на кривична санкција за претходно сторeното кривично дело, или
  - неуспешен третман во процесот на ресоцијализација во установа за издржување казна за претходно стореното дело.

Според Конвенцијата за правата на детето: Дете е човечко суштество кое нема навршено 18 години живот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетството не се добива порано (Член 1 од Конвенција за правата на детето OON Convention of the Rights of Children).

Дете е: секое лице под 18 години.

Меѓународните стандарди посочуваат дека дете е кое било лице на возраст помала од 18 години.

„Детето е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на живот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетството не се добива порано“ (Конвенција на ОН за правата на детето, 1989; Насоки на Советот на Европа за правда по мерка на децата, 2010).

Дефиниција на дете: Според Законот за заштита на децата (чл. 11 „Службен весник на РМ“ бр. 23 од 14.2.2013), како дете се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот.

Малолетник е: секое лице на возраст до 18 години кое според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете.

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

- дете е секое лице на возраст до 18 години,
- дете во ризик е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело,
- **дете во ризик до 14 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило седум, а не наполнило 14 години,
- **дете во ризик од 14 до 18 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 14, а не наполнило 18 години,
- **дете во судир со закон од 14 до 16 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14, а не наполнило 16 години,
- **дете во судир со закон над 16 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години,
- **дете жртва е секое дете на возраст до 18 години**кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга,
- повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело,

- мерки се мерки на помош и заштита определени со закон кои не се состојат во одземање и ограничување на слободите и правата на децата поради сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело или прекршок или состојба на ризик, кои спрема детето, родителите/или/от, односно старателите/или/от може да ги примени суд или други органи определени со овој закон,
- санкција е правна последица на дејствие со закон предвидено како кривично дело и прекршок, која се состои во помош и заштита или ограничување или одземање на определени слободи и права на дете од 14 до 18 години поради дејствие предвидено со закон како кривично дело или прекршокот, што ја изрекува суд во постапка определена со овој закон,
- надлежен суд е судија за деца и совет за деца,
- други специјализирани органи се центрите за социјална работа, јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и установите за извршување на санкции за деца и
- семејство се родителите/или/от, односно старателите/или/от на детето, полнолетните роднини по крв во права линија, брат или сестра, брачниот другар, како и други полнолетни лица со кои детето живее во заедничко домаќинство.

**„Семејство“** е општествена група која се заснова на брак и односи на крвно сродство. Се смета дека семејството настанало на преминот од ран и доцен палеолит, и тоа на оној на степен на развој кој се карактеризира со појавата на роднински врски. Развојот на семејството го следи постојано намалување на кругот на неговите припадници.

Според Законот за семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/2014), семејството се дефинира како „животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и посвојување“.

Според J.Berger, „семејството е училиште за животот во кое главни наставни средства се демонстрации во животот, а наставници се родителите со кои децата комуницираат на сите начини, вербално, невербално, симболично, апстрактно, низ примери

и приказни при што тие ликови длабоко остануваат врежани во меморијата на сите членови од семејството“ (http/www.porodica.net 50).

За Младеновиќ, „семејството е структурна и формална група чии универзални карактеристики се:

1. Заснованост врз хетеросексуална врска која обезбедува репродукција со раѓање на потомство;
2. Заснованост на систем на слични и сродни односи помеѓу мажот и жената;
3. Обезбедува развој на индивидуална и социјална личност;
4. Обезбедува остварување економски егзистенцијални услови за живот на членовите на семејството“.

Семејството е извор на просоцијални норми на однесување. Ако воспитанието и атмосферата во семејството се засновани врз основа на блиски и цврсти односи, детето во него ќе усвои позитивни ставови и правила на однесување (Mladenovic, M. 1963).

Нарушените семејни односи се добра подлога за развој на различни девијации кај возрасните членови на семејството поради што најмногу трпат децата како најслаби членови на семејството. Неретко, нарушените семејни односи доведуваат и до распаѓање на семејството или насилството во семејството. Резултатите од истражувањата покажуваат дека најчести жртви на насилство во семејството се мајките и децата. Траумите на кои се изложени децата во семејството оставаат трајни последици на нивниот вкупен развој.

## Дефинирање на поимот „Индивидуални карактеристики на личноста на детето“

Причините за деликвентно однесување се многубројни, условени пред сè од психолошкиот фактор на развој на младата личност и социјалните фактори на недостаток на воспитание. односно од воспитна запуштеност.

Индивидуални карактеристики на личноста на детето кои влијаат врз појавата на деликвентното однесување се: структура на личноста; тешкотии и проблеми во емоционалното и социјалното созревање на младите поради преживеани стресови; фобии –

стравови; недостаток на самопочит; негативна идентификација (искривен модел); негативно влијание на врсниците и сл.; агресивни манифестации; депресија; намалена комуникативност; недоверба кон непознати; љубов или омраза; желба за доминација; пасивност; ограничен интереси; несигурност; некритичност; недоверливост; садистичко-перверзни стремежи; намалена контрола на половиот нагон; отсуство на вина и срам и непочитување на авторитетите и слично.

Индивидуалните фактори, односно факторите на личноста на повторникот, кои можат да доведат до деликвентно однесување се: компликации во текот на пораѓањето (Kandel & Mednick 1991), хиперактивноста, импулсивноста, слабата контрола на однесувањето, проблеми со вниманието и концентрацијата (Brennan, Mednick, & Mednick, 1993; Klinterberg, Andersson, Magnusson, & Stattin, 1993; Farrington, 1998), ниското ниво на интелигенција и ниското ниво на постигнувања (Lipsey & Derzon, 1998).

## Дефинирање на поимот „односи со врсниците“

Децата влегуваат во најразлични групи кои се склони кон деликвентно однесување воопшто, а посебно се склони кон однесување што се манифестира преку насилство. Тие сѐ уште немаат изградено идентитет, како индивидуален така и групен, така што полесно прифаќаат поинакви вредности, стил на живеење, културни обрасци, различни од традиционалните и вообичаените за дадената средина.

Постигнатиот статус во групите (популарност, прифаќање, отфрлање) посебно е значаен во период на основното образование, кое се карактеризира со насоченост за дружење и прифаќање од групата. Задоволувањето на овие аспирации им носат на децата убаво чувство на вредност, самодоверба и адекватност, кои се составни дела на самопочитта.

Врсниците во текот на адолесцентниот период може да имаат доминантна улога. Слабата врска со примарните извори на социјализација ги прават децата осетливи и ризични за девијантно однесување. Во адолесценцијата може да дојде до кинење на врската со семејството и училиштето (ако тие врски дотогаш биле слаби) и силно врзување со групата на врсници која може да биде извор на девијантни норми. Изложеноста на врсничкиот

„притисок“, а незаштитени со добри и семејни врски или врски со училиштето, адолесцентите ќе се приклучат кон групата врсници кои со нив делат слични проблеми. Веројатноста дека адолесцентите ќе ги преземат таквите ризични и опасни однесувања од групата на себе слични станува голема.

# 4. Цел на истражувањето

Основната цел на истражувањето е да се утврдат ризик-факторите, можностите и потребите на децата и да се процени успешноста на интервентните, мерки како и да се направи анализата на етиологијата на повторништвото, мултифакторските причините што го предизвикуваат детското престапништво. Анализата се фокусира врз три основни сегменти: семејните прилики во кои се раѓа, живее, воспитува и социјализира детето; индивидуалните карактеристики на детето повторник во однос на неговото правилно воспитание, развиток и социјализација; и, трето, околностите поврзани со неговата криминална активност. Истражувањето е спроведено преку инструмент – образец за прибирање податоци од досиејата на децата повторници и прашалник за мислењата на стручните лица во Центар за социјална работа.

**Основната цел** на истражувањето е да се утврдат ризик-факторите, можностите и потребите на децата и да се процени успешноста на интервентните мерки, како и да се направи анализата на етиологијата на повторништвото.

**Специфичните цели** на истражувањето се:

- да се добие претстава за реалната стапка на детското повторништво;
- да се утврдат социо-економските карактеристики, ризик-фактори во семејството;
- да се утврдат психосоцијалните карактеристики и потребата на децата во судир со законот;
- да се детектираат слабите карики во процесот на воспитание и правилна социјализација;
- процена на моделот на интервенција за деца во судир со законот;
- процена на капацитетие на установите кои работат со деца во судир со законот и

- да се предложат мерки за надминување на состојбите имајќи предвид дека децата се одликуваат со различни биопсихолошки промени чија динамичност дава значајни можности за воспитување и социјализација.

**Апликативна цел** на истражувањето се мислењата на стручните лица од Центар за социјална работа во однос на тешкотиите во примена на позитивното законодавство, проблеми со кои тие се соочиле во практиката и нивните предлози за надминување на согледаните состојби, знаењето и вештините на персоналот во Центарот за социјална работа којшто работи со деца во ризик и деца повторници, како и да се добијат сознанија за соработката меѓу партнерите во поддршка на децата во ризик и во судир со законот.

Целта на ова истражување е испитување на факторите во семејството од кои доаѓаат до повторништво во вршење кривични дела од страна на децата.

При истражувањето се испитани следните услови: услови во семејството (комуникацијата во семејството, видот на семејството од кое потекнува детето, образованието на родителите, вработеноста на родителите, стилот на воспитување, станбените услови во коишто живееле семејствата), индивидуалните карактеристики на личноста на детето и односите со врсниците.

Испитувани се индивидуалните карактеристиките на децата: образованието, степенот на интелигенција, слабата контрола на однесувањето, посетување на наставата и сл.

# 5. Задачи на истражување

Во согласност со дефинираната цел на истражувањето, поставените задачи на истражувањето се:

1. Да се испита дали социо-економските услови во семејството влијаат врз повторништво во вршење кривични дела кај децата.

2. Да се испита дали квалитетот на комуникација помеѓу членовите  во семејство влијае на повторништво во вршење кривични дела кај децата.
3. Да се испита дали индивидуалните карактеристики на личноста на детето и нивна поврзани со повторништво  во вршење кривични дела кај децата.
4. Да се испита дали односите со врсниците влијаат врз појавување на повторништво во вршење кривични дела кај децата.

## 6. Варијабли на истражувањето

Варијаблите на истражувањето произлегуваат од поставените хипотези.

**Независни варијабли** социо-економски услови и релациите во семејството (интеракција во семејството), личноста на детето, односите со врсниците.

**Зависна варијабла** е повторништво во вршење кривични дела од страна на децата.

## 7. Хипотези на истражување

Согласно со предметот, целта и задачите на истражувањето произлегуваат следниве хипотези:

1. Се претпоставува дека социо-економските услови влијаат врз повторништво во вршење кривични дела од страна на децата.
2. Се претпоставува дека лошата комуникација помеѓу членовите на семејството влијае врз појава на повторништво во вршење кривични дела од страна на децата.
3. Се претпоставува дека индивидуалните карактеристики на личноста на детето се поврзани со повторништво во вршење кривични дела од страна на  децата.
4. Се претпоставува дека односите со врсниците со поврзани со повторништво во вршење кривични дела од страна на децата.

## 8. Методи, техники и инструменти на истражување

Проучувањето на проблемот е извршено со емпириско истражување од дескриптивен карактер. Направена е анализа на влијанието на независната варијабла врз

зависната и ќе се утврдат причинско-последичните односи со користење на каузалната метода.

Основна методолошка техника која ќе се користи е анкетирањето, при што на систематски, економичен и релативно краткотраен начин ќе се дојде до мислењето на испитаниците. Како дополнителна техника за собирање податоци ќе се користи техниката интервју и анализа на содржина.

Од инструментите ќе се користи анкетниот лист – прашалник конструиран за потребите на ова истражување, почитувајќи ги поставените задачи и хипотези, како и протокол за интервју. При составувањето на прашањата ќе се води сметка за тоа тие да бидат јасни и недвосмислени и прецизно формулирани.

Анкетирањето ќе биде анонимно. Прашањата во анкетниот лист се поделени во два дела.

Првиот дел содржи општи податоци кои се однесуваат на испитаниците.

Вториот дел се однесува на состојбите во семејството, карактеристиките на личноста, односите со врсниците.

Прашањата предвидени за водење на интервјуто ќе бидат во согласност со поставените хипотези.

Анализата на содржината ќе се однесува на досиејата на децата со повторништво во вршење кривични дела, како и досиејата кои се наоѓаат во Међуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје во одделот за деца и млади.

За потребите на истражувањето, развиени се два прашалника:

- **Образец за прибирање податоци за ризик-факторите што предизвикуваат повторништво кај децата во судир со законот** (види Анекс I) – којшто е структуриран во неколку делови: податоци за детето; податоци за семејството; податоци од почеток на „криминалната кариера“ факти поврзани со повторништво во вршење на кривични дела од страна на децата;
- **Прашалник за стручните лица во Центарот за социјална работа** (види Анекс II) – во којшто од стручните лица се бараше мислење во однос на: проблемите со кои најчесто се среќаваат во практиката; предлози за подобрување на законската нормативa; предлози за подобрување на практична соработка со

другите органи; предлози за подобрување на соработката со родителите и децата повторници.

# 9. Примерок на истражување

Примерокот е намерен бидејќи точно се определени децата кои учествуваат во истражувањето и тоа се деца повторници  во вршење кривични дела. Примерокот на ова истражување го сочинуваат 70 деца на возраст од 14 до 17 години со кои работел Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје.

Прифаќајќи ја пенолошката дефиниција за повторништво, со анализата  се опфаќаат децата повторници кои откако во претходните години сториле кривично дело и им била изречена мерка, повторно се јавиле во евиденција на Центар за социјална работа како повторници во текот на 2018 година, односно деца кои во текот на истражуваната година повторно сториле кривично дело.

# 10. Анализа на добиените податоци во однос на ризик-фактори

**Табела бр.1: Возраста на испитаниците**

| Возраст | Број | % |
|---|---|---|
| 10 | 1 | 1 |
| 11 | 1 | 1 |
| 12 | 1 | 1 |
| 13 | 5 | 7 |
| 14 | 26 | 36 |
| 15 | 16 | 23 |
| 16 | 15 | 21 |
| 17 | 5 | 7 |
| 18 | / | / |

По неколку месечно анализирање, набљудување и собирање податоци успеавме да обработиме вкупно 70 прашалници со исто толкав број деца од неколку основни и средни училишта во град Скопје. И тоа со помош на административните служби во училиштата анкетирани се децата со проблематично однесување, односно деца и младинци со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение, како и толкав број деца повторници.

## 1. Родова и етничка припадност

**Табела бр.2: Пол на испитаниците**

| Пол | Број | % |
|---|---|---|
| Ж. Пол | 20 | 29 |
| М. Пол | 50 | 71 |
| Вкупно | 70 | 100 |

**Табела бр.3: Етничка припадност на испитаниците**

| Етничка припадност | Број | % |
|---|---|---|
| Албанец | 49 | 70 |
| Македонец | 21 | 30 |
| Вкупно | 70 | 100 |

Според анализираните податоци на децата повторници, дојдовме до збунувачки податоци за тоа дека од вкупно 70 деца кои беа опфатени во оваа истражување 20 се од женски пол, што значи дека женските деца сѐ повеќе се вклучуваат во криминалните дејства во денешно време, што е зачудувачки факт ако се споредат со истражувањата извршени во минатото. Што значи женските деца се сѐ повеќе застапени кога станува збор за криминални дела, или каков било вид криминал во нашата држава.

Според Табела бр. 2, очигледно е дека најголемиот процент на децата повторници е од албанска етничка припадност - 70%, а потоа следуваат децата повторници од македонско етничко потекло - 30% од вкупно анализираните.

Сите деца кои беа анализирани се државјани на Република Северна Македонија, но затоа постои огромна разлика во однос на нивната етничка припадност. Имено се забележува застапеност на деца од македонска етничка припадност и албанска етничка припадност, и степенот на нивното учество во вкупно анализираните случаи бележи значително голема разлика.

Можеби ваквата состојба се должи на тоа дека анализите се извршени во училишта во кои наставата претежно се одвива на албански наставен јазик, и тоа во деветгодишните училишта, додека во средните училишта извршени се анализи во училишта каде што наставата се одвива на албански и македонски јазик. Па речиси и да немавме можност да дојдеме до допир со останатите етнички заедници кои живеат во Република Северна Македонија.

Според извршените анализи, се покажа дека во ниеден анализиран случај не се бележи различна етничка припадност на родителите на децата, па затоа се доаѓа до заклучок

дека во нашата држава не постои проблемот на „мешани бракови“ како ризик-фактори за деликвентно однесување кај децата.

## 2. Здравствената состојба

Битен фактор кој има големо значење во едно семејство е нивната општа здравствена состојба. Тоа првенствено влијае на блиските членови на семејството кои се грижат за болниот, но особено има големо влијание кај децата кои се неми сведоци на сѐ што се случува околу нив.

Тоа предизвикува силни емоционални трауми кај децата кои потоа нив ги манифестираат во форма на агресивно однесување.

Во традиционалните семејства за болниот член од семејството се грижат останатите членови во тоа семејство. Кај нас помалку се практикува таквото лице да се однесе во соодветна установа, па за него да се грижат квалификувани лица.

Можеби причината е недостатокот од материјални средства, или пак е незамислива практика во традиционалните семејства. Но, колку е тешко за едно семејство да се соочи со таков проблем?

Целиот товар емоционално и физички го носи семејството кое се грижи за таквото лице. Особено е чувствително дека ваквите случаи предизвикуваат длабоки трауми кај децата.

Тие не по своја волја секојдневно се сведоци на неиздржливи болки, маки и борба за живот на болниот.

И речиси цел живот во нивната свест се појавуваат слики на тоа што виделе и што доживеале, но на нивни посебен начин, па затоа тие се затвораат во нивниот свет одбивајќи каква било комуникација или професионална помош, манифестираат агресивност кон секого за да се заштитат себеси, лесно се препуштаат на криминални дејства, и ред други негативности кои ќе ги следат во текот на нивниот живот.

**Табела бр.4 - Хронична болест во семејството**

| Присуство | Број | % |
|---|---|---|
| Да | 16 | 23 |
| Не | 54 | 77 |

Во 77% од случаите кои се анализирани децата кои се во судир со законот немаат здравствени проблеми, што значи се во добра здравствена состојба. Само во 23% од случаите се регистрирани здравствени проблеми кај децата или некој член од нивното семејство, меѓу кои: психички проблеми, епилепсија, емоционални проблеми, хронична болест, дете со попречености во развој, со лесна ментална и физичка попреченост, пореметување во однесувањето.

Од добиените податоци дојдовме до заклучок дека скоро ¼ од семејствата имаат здравствени проблеми што влијаат врз развојот на децата.

## 3. Односот кон образовниот процес

Позитивната законска регулатива во Република Северна Македонија ги обврзува родителите задолжително да ги вклучат своите деца во образование во основно и средно. Родителите се поддржуваат со финансиски средства, условен паричен надоместок за деца од семејства корисници на социјална парична помош и постојана парична помош.

**Табела бр.5: Редовност на настава**

| Редовност | Ал. | % | Мк. | % |
|---|---|---|---|---|
| Да | 41 | 59 | 16 | 23 |
| Не | 8 | 11 | 5 | 7 |

**Табела бр.6: Успехот во училиште**

| Успех | Број | % |
|---|---|---|
| Недоволно | 2 | 3 |
| Доволно | 10 | 14 |
| Добро | 20 | 29 |
| Многу Добро | 16 | 23 |
| Одлично | 22 | 31 |

Според податоците добиени од анализираните случаи, се потврдуваат досегашните сознанија за улогата на воспитно-образовниот процес во правниот развој и социјализацијата на децата. Тоа што најмногу загрижува е фактот дека од вкупно анализираните деца повторници од албанска етничка припадност, 59% се изјасниле дека редовно посетуваат настава, додека 11% од нив се нередовни од неоправдани причини, додека децата повторници од македонско етничко потекло редовни во воспитно-образовниот процес се 23%, додека негативно одговориле 7%.

Во прилог на тоа дадена е и Табелата за нивниот успех во училиштето каде што се гледа дека 31% од нив се со одличен успех, 23% многу добар, 29% со добар, 14% доволен и 3% се со недоволен успех.

И затоа доаѓа самото по себе прашањето: Што се случува со воспитно-образовниот процес во нашата Република?

Докажано и според анализите извршени од ПИСА во кои голема е разликата оценка - знаење. И ние сме последни според нивното анализирање на знаењата на учениците.

Па се прашувам зошто децата повторници кои се вклучени во образовниот процес од кои 45% се во основно училиште и 51% се ученици во средно училиште, сè повеќе се оддалечуваат од традиционалните морални вредности и сè повеќе ги привлекуваат негативностите, поразително влијае сознанието дека кај најголем дел од нив кои се вклучени во образовниот процес се бележи нередовност на настава, лош однос кон соучениците и наставниците, слаб успех, вршење кривични дела во училиштето и вон неа, физичко и психичко малтретирање кон нивните соученици и слично.

Се стекнува впечаток дека одредени училишта како да се однапред предодредени за да бидат етикетирани како училишта во кои се запишуваат ученици со асоцијално

однесување, како инаку да се објасни фактот дека во ист Центар за социјална работа има цела група соученици од едно исто училиште (ученици од 14 до 15 години) кои заедничко планираат и извршуваат кривични дела. Се потврдува теоријата дека првиот ризик кога тие скршнуваат од патот е пред да наполнат 13 години, па наредната ризична возраст е 15-16 години, односно адолесцентната возраст која носи ризици за впуштање во криминално однесување на коешто честопати му претходат прекршочни нарушувања на јавниот ред и мир (најчесто изречена мерка укор) или полесни кривични дела кои се сметаат за ризик за кои се определени мерка за прекршување на законот.

Додека децата повторници кои се исклучиле од образовниот систем откако завршиле основно образование, смениле неколку основни и средни училишта, но не успеале да се прилагодат на нивната средина и не ги совладале училишните обврски, потребно е да се укаже на институционалното интервенирање за да им се помогне на овие деца да се вратат на образовната програма, било преку вечерни училишта кои постојат во Скопје, изучување занаети и стекнување вештини во средни стручни училишта кои ќе им бидат од помош да станат корисни граѓани на заедницата.

Иако според прикажаните податоци за редовноста во наставата тие се изјасниле дека 23% се редовни додека само 7% не посетуваат редовно настава, сепак податоците од стручните служби во училиштата покажуваа една сосема друга состојба, па затоа се спорни нивните одговори и не може сосема да се веродостојни.

Како и редовноста така и успехот бидејќи не се аргументирани, односно проценитe се изработени исклучиво од нивното слободно изјаснување, се гледа дека од анкетираните ученици 31% се одлични, 23% многу добро, 29% добро, 14% доволно и 3% се со недоволен успех.

Особено загрижувачки е податокот дека голем број од анализираните деца повторници се полунеписмени бидејќи имаа проблеми при читањето на прашањата и правописот при нивното одговарање. Со оглед на нивната возраст, неписменоста е пречка кој само ќе генерира идни проблематични, односно инкриминирачки однесувања.

**Графикон бр.1: Продолжување на образованието на ученикот**




Бидејќи многу е чуден податокот дека одреден број на учениците на прашањето дали ќе го продолжат нивното образование, одговориле негативно, односно вкупно Македонци и Албанци 15%, што е алармантен податок кога се знае дека и средното училиште е задолжително, сепак постојат и такви кои не посетуваат и не го продолжуваат нивното образование и никој не презема никаква одговорност за тоа.

Стручните тимови во училишта каде што се спроведе истражувањето се состојат од педагог, психолог, во некои од училиштата и дефектолог, но во ниедно училиште не беше вработен социјален работник, што укажува на тоа дека стручните тимови не се комплетни, ова влијае и на самата работа со учениците.

**Табела бр.7: Поддршка од стручната служба**

| Поддршка | Број | % |
|---|---|---|
| Да | 23 | 33 |
| Не | 47 | 67 |

**Табела бр.8: Поддршка од наставниците**

| Поддршка | Број | % |
|---|---|---|
| Да | 47 | 67 |
| Не | 29 | 33 |

Стручната служба е многу битен фактор како во основните така и во средните училишта затоа што од нивната дејност и работа во голема мера зависи севкупното работење на училиштата, од нив зависи како ќе напредува училиштето во воспитно-образовната дејност.

За да има подобар успех во секое основно и средно училиште, треба да има стручен тим кој работи за доброто на училиштето.

Овој тим за негов професионален развој ќе подлежи на различни професионални обуки, кој ќе помага за да се постигне поуспешно функционирање на училиштето.

Од голема важност во работата на стручниот тим е соработката и односот со родителите на учениците. Да се постигне успех и во овој аспект стручниот тим ќе подлежи на обуки кои се насочени кон соработката и односот со родителите. На родителите им се даваат совети од страна на стручниот тим затоа како да имаат подобра комуникација со децата (комуникација родител - дете).

Овие совети содржат препораки затоа што е потребно во комуникација со децата и што не е потребно во таа комуникација за да се постигне подобар успех.

Стручната служба од прв план ја имаат работата со учениците, односно нивното однесување, учење и менталното здравје.

Стручните тимови во училиштата се трудат со ефективна работа да придонесат да се развијат максимално потенцијалите на учениците во образовниот систем, и дека учениците кои се мотивирани, интересирани и сигурни во себе ќе постигнат успех во нивното образование и нема да имаат тешкотии да ги совладаат препреките во кои ќе наидуваат во секојдневниот живот, односно успешно ќе ги совладаат градивата кои ќе придонесат за успешно да се оформи нивниот образовен статус.

Бидејќи на овие деца им недостасува елементарниот, односно најважниот дел од алката наречено „живот“, односно писменоста, оправдано е да се стравува дека овие деца и кога ќе пораснат ќе продолжат да практикуваат однесување кое нема да биде во согласност со општествено прифатливите норми.

Особено е загрижувачко сознанието дека на прашањето дали имаат поддршка од педагогот, психологот во училиштето, 67% од децата одговориле дека немаат, додека 33% одговориле дека ја имаат поддршката од психологот, педагогот.

Додека за поддршката од страна на наставниците, 67% одговориле дека ја имаат поддршката од наставниците, а 33% ја немаат таа поддршка.

Иако во сите училишта стручната служба навидум функционираа беспрекорно, очигледно е дека како да е позаборавено на училишниот триаголник родител-дете-наставник, или пак во училиштата во кои е спроведено истражувањето се жалеа дека е

невозможно да ги контролираат сите ученици бидејќи имаат енормно голем број ученици во сите паралелки, или пак многу слабо функционира односот родител-училиште

Сепак останувам со надеж дека надлежните институции ќе се позанимаваат и ќе се земаат со огромните проблеми кои се натрупале во образовниот систем.

## 4. Социопатолошките појави во однесувањето на децата

Социопатолошките појави се присутни во семејствата и доведуваат до деликвентно однесување на децата. Ваквите појави се присутни кај членовите на семејството:

- Питачење и скитништво;
- Консумирање алкохол;
- Злоупотреба на разни видови дрога;
- Насилничко однесување кон членовите на семејството со кои живее;
- Лош однос со соученици (проблеми со социјализацијата);
- Лош однос со родителите или наставниците (проблем со авторитет) и сл.

# 11. Податоци поврзани со семејството

Поради многубројни причини, особено лошата економска состојба, денешното семејство во нашето општество навидум функционира беспрекорно.

Семејството е најзначајната алка во ланецот на едно општество. Таа е светилиште и замок каде што растат и се воспитуваат децата.

Но, дали е таа неостварен сон во црно-бела верзија на едно семејство?

Како вистински функционира едно семејство во нашата држава, се разбира станува збор за одреден број на семејства. Поради лошата економска состојба и недоволните материјални приходи кои се потребни за да може нормално да функционира едно семејство, принудени се да се вработат и двата родители. Што значи дека за децата се грижи некој член од блиското семејство или детето е сместено во некоја државна институција.

Факт е дека економската стабилност значи голема благодат за да опстои едно семејство, можеби нема да има недостаток од тоа што може да се купи, но ќе остава длабок јаз во односот дете - родител бидејќи тие немаат време и можност да се занимаваат со нивните желби и потреби за активно да учествуваат во нивниот живот.

Многу е важно во животот на детето да не се чувствува недостиг на љубов и внимание од родителите, кои во денешно време сè повеќе се пренасочени кон градење кариера или овозможување материјални добра на семејството.

Потребно е на детето дури од мала возраст да му се објасни дека тие треба да работат, но секој слободен миг тие треба да му го посветат на детето, бидејќи и тоа треба да се чувствува како значаен дел од тоа семејство.

Многу е битен односот родител - дете, за тоа да расте во една здрава личност која во иднина исто така ќе даде свој придонес во општеството. Секако се знае дека секое дете се раѓа како „бел лист“ и што ќе се напише таму зависи пред сè од родителите, па потоа доаѓаат и останатите.

Затоа е потребно од најмала возраст ним да им се овозможи мирен и среќен живот, љубов и разбирање, да се развие кај нив самодовербата и секако непречено одвивање на нивното меѓусебно комуницирање. Ако сакаме да имаме здрави и среќни деца, треба многу љубов и разбирање за нивните потреби, да се вложи за да ги чувствуваат придобивките во иднина.

## 1. Семејни прилики

Одгледувањето и поддршката на децата треба да се остваруваат од двата родитела.

Родителите и децата треба да живеат заедно, за да можат на тој начин да ги поддржуваат децата во нивниот развој, но во денешната практика наидуваме на многу парови кои се разведуваат и не можат да се грижат за нивното дете, но има и такви случаи каде што детето живее и со двете родители, но не се грижат за нив.

**Табела бр. 9: Со кого живееш**

| | Број | % |
|---|---|---|
| Со еден родител | 9 | 4 |
| Со двајца родители | 55 | 79 |
| Со родители и со други членови на семејството | 12 | 17 |

Семејството е најзначајната алка во ланецот на едно напредно општество. Таа е светилиште и замок каде што растат и воспитуваат децата. Но, исто се однесува на семејството на детето повторник, загрижува сознанието дека 79% од нив живеат со двата родитела, 4% со еден родител и 17% со родители и со други членови на семејството, што укажува дека и родителите може да бидат заменети во поддршка на децата.

Ваквата констатација нужно наведува на потребата од понатамошна анализа на што се должи проблематичното однесување и каде затајуваат родителските должности и дали модерниот ритам на животот кој немилосрдно се наметнува или потребата од борба за живот со секојдневните проблеми најмногу финансиски доведуваат во ваква состојба безброј семејства во борбата за да придонесат што повеќе за домашниот финансиски буџет ги запоставуваат сопствените деца.

**Табела бр.10: Дали семејството се грижи за детето**

| | Број | % |
|---|---|---|
| Да | 65 | 93 |
| Не | 1 | 1 |
| Делумно | 4 | 6 |

**Графикон бр.2: Дали семејството го контролира однесувањето на детето**




За жал, и покрај нивните одговори, каде што 93% од децата повторници одговориле дека семејството се грижи за нив, и 60% дека семејството го контролира нивното однесување, додека негативно одговориле 10% и делумно 24%, што значи дека во секој втор анализиран случај се забележува дека детето е запоставено и дека семејството не е во можност да го контролира неговото однесување. Во поголем број случаи се работи за многудетни семејства кои не успеваат да бидат функционални во смисла на грижа, заштита, помош и воспитување, но и контрола и надзор врз децата.

Причините за ваквата состојба треба да се бараат во намалениот авторитет на родителите врз децата поради консумирање алкохол, земање дрога, осудуваност, престој во затвор, слаба економска состојба на семејството, напуштање на семејството од страна на еден или двата родитела, развод или фактички раскината брачна заедница, нови вонбрачни врски во кои децата од претходните бракови недоволно се адаптирани, невработеноста и неможноста на родителите да го намалат јазот помеѓу желбите, можностите и потребите на детето.

Сурова вистина е дека во нашето општество секое семејство не функционира нормално затоа што се соочуваат со проблемот на економско и станбено необезбедено

семејство, многудетно семејство, невработеност, отсуство на едниот родител во животот на детето или пак отсуство и на двата родители, неспособноста за меѓусебно комуницирање и пронаоѓање решенија за нивните проблеми.

Често во таквите семејства се практикува семејно насилство во присуство на детето, употреба на наркотичните средства во семејството и ред други причини кои лошо се одразуваат во психичката состојба на детето и тоа подоцна доведува до негово девијантно однесување.

Семејното насилство секако е многу присутно во нашето општество, било тоа да е извршено од страна на таткото или некој друг член на семејството, кој преку таквите постапки наоѓа начин да се ослободи од неговите фрустрации, но длабоко допира и го уништува чувството на личноста врз која практикува насилство, особено ја мати сликата на едно среќно семејство во психата на едно дете кое со страв и трауми продолжува да си го живее животот.

Секое дете кое било сведок на таквото однесување на неговите родители не може да ги надмине негативните влијанија и раните од преживеаните настани без помош од стручни и соодветни лица.

**Графикон бр.3: Конфликти во семејството**



Па затоа при составувањето на прашалникот посебно внимание се посвети токму на воочените проблеми во семејството. Од добиените одговори произлегуваат следните присутни проблеми во семејството:

- Недостиг на комуникација со родителите, браќата и сестрите;
- Конфликтен однос со таткото;
- Криминално однесување на другите деца во семејството (браќа сместени во установа, браќа во затвор, вршење кривични дела со сопствен брат);
- Семејството го напуштало едниот родител (мајка во нова вонбрачна заедница; мајка во непознат правец, детето воопшто нема контакт со некој од родителите, таткото ги напуштил, таткото во нова вонбрачна заедница, таткото заминал во непознат правец кога детето било многу мало);
- Двајцата родители го напуштиле семејството – детето живее со баба, детето под старателство на чичко, дете во установа за деца без родители;
- Двајцата родители се во затвор (за кражба, тешки кражби, трговија со дроги, запуштање и злоупотреба на дете);
- Ниедно дете во многудетно семејство не е вклучено во воспитно-образовниот процес (деца од улица);
- Семејно насилство (насилство од страна на таткото, дете жртва на семејно насилство од очув);
- Родител на издржување казна затвор (најчесто таткото, во едно семејство, двајца родители се во затвор и едниот брат во установа, сестра во згрижувачко семејство);
- Семејни конфликти кои се одразуваат врз децата (постапката за развод на бракот е во тек);
- Употреба на наркотични средства во семејството (двајцата браќа починале од предозираност, таткото зависник, таткото во затвор поради трговија со дрога);
- Семејство алкохоличари (најчесто таткото е зависник од алкохол, во некои случаи се лекувал, што многу ретко се случува, но во повеќето случаи и понатаму продолжува да консумира алкохол);

- Номадски живот на семејството (децата не се вклучени во образовниот процес, отсуство на елементарни станбени услови);
- Скитништво и питачење кај неколку членови на семејствата;
- Хронична болест во семејството (депресија, психички болести, емоционални растројства, срцева болест, слепило, шизофренија);
- Починат родител, а другиот нема доволен авторитет; другиот родител заминал; едниот родител основал нова брачна/вонбрачна заедница во која детето не се вклопило, поради што кај него се јавува агресивност, анксиозност, несигурност, безобѕирност, дрскост, непочитување, проблематично однесување и сл.;
- Детето одбива да го поправи или надгради неговото однесување.

## 2. Возраст на родителите во моментот на раѓањето на детето

За да функционира едно семејство беспрекорно, несомнено е потребно и најважно и двајцата идни родители да ги спојат нивните животи пред сè од љубов и меѓусебно разбирање, непречена меѓусебна комуникација и др.

За да стапат во брак, тие треба свесно и зрело да се соочат со предизвиците на кои ќе наидат и да ја достигнат зрелоста на нивната личност, за да можат полесно да ги совладаат препреките на кои ќе наидат во нивниот заеднички живот.

Важно е идниот родител храбро да чекори низ животот и е подготвен да го дели сопствениот живот со едно мало суштество кое во иднина ќе биде и негов најдобар и неразделен пријател.

Искрено секо живо суштество чувствува кога е спремно да додаде уште еден член во нивното семејство, да се грижи и да го одгледува и заедно да зачекорат среќно кон патот наречена иднина.

**Табела бр.11: Возраста на родителите на испитаниците**

| Возраст | До 35 | | 36-41 | | 42-45 | | Над 45 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Т | М | Т | М | Т | М | Т | М |
| | 4 | 8 | 18 | 22 | 22 | 26 | 28 | 10 |
| | 12 | | 40 | | 48 | | 38 | |
| % | 9 | | 29 | | 35 | | 28 | |

Во обид да се пронајде или детектира факторот кој можеби е причината што продолжува за подоцна децата да тргнат по патот на инкриминарчко однесување.

По тој повод во анкетните листови беше поставено прашањето за возраста на родителите во моментот на раѓањето на детето кое подоцна тргнало по патот на криминалното однесување во смисла на проверка на фактот дали се бележат случаи на младо родителство и дали тоа може да биде еден од ризик-факторите, односно дали е голема разликата во годините помеѓу родителите и децата, што придонесува за недоволна комуникација и нагласен генерациски јазик.

Според податоците претставени табеларно, произлегува дека се забележува помлада возраст кај мајката, 9% од мајките се во старосна група од 18 до 20, што е релативно рана возраст за мајчинство, или пак 29% се од 21 до 25 години. Во однос на обата родители, доминира старосната група од 26 до 30-годишна возраст во моментот кога станале родители. Релативно е голем процентот на татковци кои се во старосната група од 31 до 35 години, односно 42 до 45 години.

## 3. Образование и вработеност на родителите

Иако претходно беа елаборирани семејните прилики на децата повторници кои придонесуваат за појава на нивните криминални активности од рана возраст, односно поттикнуваат тие да продолжат со вршење кривични дела, корисни за анализата на ризик-факторите се степенот на образование на родителите и нивниот работен статус.

**Табела бр.12: Образовен статус на родителите на детето**

| | Т | % | М | % |
|---|---|---|---|---|
| Основно | 26 | 37 | 42 | 62 |
| Средно | 34 | 49 | 20 | 29 |
| Високо | 10 | 14 | 6 | 9 |
| Неписмени | / | / | / | / |

**Табела бр.13: Работен статус на родителите на детето**

| | Т | % | М | % |
|---|---|---|---|---|
| Вработен | 58 | 83 | 13 | 19 |
| Невработен | 11 | 16 | 54 | 79 |
| Пензиониран | 1 | 1 | 1 | 1 |

Кога би постоела можност општеството да ги задоволи сите финансиски потреби на семејството, можеби не би постоеле толку криминални дела, можеби тоа е и голема причина зошто децата се одаваат по инкриминирано однесување. Затоа што од презентираните податоци произлегува дека двајцата родители на децата повторници во најголем процент (нешто повеќе 2/3 од сите анализирани случаи) имаат основно или средно образование.

Па затоа при ваков образовен статус на родителите логично се надоврзуваат проблемите со вработувањето. Имено од податоците претставени во Табелата: „Работен статус на родителите“ јасно произлегува дека е најголем процентот на невработени родители, татко 16%, мајка 79%. Имено постои мислење дека појавата на проблематично и криминално однесување кај детето делумно се должи на вработеноста, еманципацијата и отсуството на мајката од домот, во оваа анализа ваквото мислење нема подлога. Токму напротив, фактот што 79% од мајките на децата повторници се невработени зборува во прилог на отсуството на семејна грижа и внимание и покрај отсуството на работни обврски. Речиси секогаш и во најголем број случаи се мисли дека семејството не е во можност да го контролира однесувањето на детето.

Затоа доаѓаме до заклучок дека економско-социјалната состојба на семејството до која доаѓаат децата повторници не е на задоволително ниво. Работниот статус на родителите очигледно е дека има големо влијание врз однесувањето на детето.

## 4. Материјални и станбени услови

За да имаме целосна слика за состојбите во семејството на образовниот и работниот статус на родителите, се појавува потребата да се обрне внимание и на материјалните и станбените услови во кои живее детето повторник.

**Табела бр.14: Финансиски средства доволни за живеење**

| | АЛ. | % | МК. | % |
|---|---|---|---|---|
| Да | 40 | 57 | 19 | 27 |
| Не | 9 | 13 | 2 | 3 |

Добиените податоци претставени на табелата бр.14 зборуваат во прилог на неколку заклучоци:

- Од вработените најголем е процентот на оние што земаат плата, 57% кај албанското и 27% кај македонските семејства.
- Невработените се вкупно 16%, албански и македонски семејства се корисници на социјална парична помош.

На ваквата материјална состојба се надоврзува станбен статус, кој на прв поглед изгледа дека не е толку загрижувачки, 93% од анализираните се изјасниле дека нивните семејства живеат во солидни станбени услови. Сепак првичниот впечаток може да изневерува затоа што со податокот дека близу 7% од семејствата немаат решено станбено прашање (немаат бања, имаат импровизирано живеалиште, живеат под кирија, со роднини или кај вонбрачен партнер, а има и такви случаи кои живеат во простории дадени од локалната самоуправа, што значи дека одреден број семејства имаат сериозен проблем со нерешен, делумно решен или привремено решен станбен статус).

## 5. Односи со врсниците

При истражувањето и собраните податоци кои упатуваат на меѓусебното дружење и комуникација сметав дека е корисно да се приберат овие податоци бидејќи во криминолошката етиологија на криминогеното однесување се укажува на значењето на меѓусебното дружење, комуникација, социјализирање и др., кои имаат несомнено влијание врз личноста на детето за да може нормално да функционира и живее, прилагодувањето на нова образовна средина, промена на друштвото и разликите во навиките на врсниците, чувството на несигурност кое може да се манифестира како интровертност, но и како агресивност и нагласена фрустрираност.

**Табела бр.15: Квалитет на односи на детето со врсниците**

| | Број | % |
|---|---|---|
| Добри | 30 | 43 |
| Лоши | 6 | 9 |
| Делумно | 34 | 49 |

Од добиените податоци се забележува дека 43% од децата повторници се изјасниле дека имаат добри односи со другарите, лоши 9% и делумно добри 49%, што значи дека одреден број деца имаат проблеми со социјализацијата, дружењето, што може да претставува ризик-фактор кој придонесува за појава и ескалирање на престапничкото однесување кај децата.

# 12. Податоци за криминалните активности на децата повторници

## 1. Возраст на децата кога започнале криминалните активности

**Табела бр.16: Возраста на детето на која за прв пат извршиле кривично дело**

| Возраст | М. пол | % | Ж. пол | % |
|---|---|---|---|---|
| 10 | 6 | 12 | / | / |
| 11 | 2 | 4 | / | / |
| 12 | 5 | 10 | 1 | 5 |
| 13 | 8 | 16 | 7 | 35 |
| 14 | 16 | 32 | 9 | 45 |
| 15 | 12 | 24 | 3 | 15 |
| 16 | 1 | 2 | / | / |
| 17 | / | / | / | / |
| 18 | / | / | / | / |
| Вкупно | 50 | / | 20 | / |

Според анализираните случаи, возраста кога децата повторници го извеле првото криминално дејство се движи од 10-годишна возраст до 17-годишна возраст.

Очигледно е дека поveќето од анализираните случаи на децата повторници, односно 35% биле на возраст од 12 години, при тоа особено е застапена возраста од 14 години со 45% учествува во вкупно анализираните случаи. Што значи во нашата држава малолетничката деликвенција е застапена во загрижувачки размери. Што значи надлежните институции треба сериозно да се занимаваат со овој проблем.

**Табела бр.17: Со кого го извршиле кривичното дело**

| | М. пол | % | Ж. пол | % |
|---|---|---|---|---|
| Сами | 2 | 4 | / | / |
| Со другар | 34 | 68 | 4 | 20 |
| Со другарка | 6 | 12 | 9 | 45 |
| Со брат | 5 | 10 | 1 | 5 |
| Сестра | 3 | 6 | 6 | 30 |

За да се добие појасна претстава за тоа со кого го извршиле кривичното дело од Табела бр.17, може да заклучиме дека најголем процент во вкупниот број деца повторници, женските деца учествуваат со 45% од извршените кривични дела, и тоа делото го извршиле заедно со другарка, 30% со сестра додека машките деца од кои 20% го извршиле кривичното дело со другар и само 5% со брат.

Особено загрижува фактот што женските деца далеку во поголем број се впуштаат во криминални дејства на денешен ден отколку што тоа било во случај во минатото. Можеби причина е зазбрзаниот технолошки развој, неконтролираните посети на интернет-страниците или пак недоволната контрола од страна на родителот, односно старателот.

Што значи дека ако во минатото женската деликвенција беше минимално застапено во општеството, денес тоа бележи пораст и тенденција за понатамошно зголемување.

# Заклучок

Во нашето истражување за повторништво на децата во судир со законот успеавме да дојдеме до некои заклучоци.

Ако го анализираме феноменот повторништво, се воочува дека треба многу време за истражување на проблемот затоа што е сеопфатна грижа и има многу фактори кои влијаат за да се случува кај децата.

Има голем број фактори кои можеме да ги наброиме и кои донесуваат до повторување на кривичното дело кај децата, но важни фактори кои влијаат се социо-економските услови; семејството; индивидуалните карактеристики на детето и односите со врсниците.

Се потврди дека семејството е еден од најважните фактори кои влијае врз детето за повторување на кривичното дело. Многу важен аспект во кој вреди да се работи е тоа што детето треба да расте во здраво семејство, да живее со двата родители, родителите да се грижат за детето, да се во можност да го контролираат однесувањето на детето, да нема конфликт во семејство затоа што тие конфликти може да имаат лошо влијание врз развојот на детето.

Во нашето истражување се потврди дека попроблематични деца се тие кои не живеат со двајцата родители, а помалку проблематични деца се оние кои живеат со двете родители.

Исто така децата растат во семејство во кое има многу конфликти, во нашето истражување такви беа 25% се попроблематични.

Исто така деца кои живеат со еден родител беа 4%, или кои живеат со други членови на семејство беа 17% наместо да живеат со родителите, кои се попроблематични.

1. Социо-економските услови.

Во истражувањето се потврди дека и социо-економските услови се важни фактори кои влијаат врз децата за да вршат кривични дела или да ги повторуваат кривичните дела.

Но, во социо-економските услови има и други фактори кои влијаат, можеме да заклучиме дека тука влијание имаат образовниот статус на родителите, и работниот статус на родителите, затоа што од образовниот статус зависи работниот статус.

Во нашето истражување 37% од татковците се со основно образование, 49% со средно образование и 14% со високо образование. Мајките 62% со основно образование, 29% со средно образование и 9% со високо образование.

Имавме семејства што со нивниот работен статус не можат да ги задоволуваат нивните потреби, а 16% од семејствата беа во лоша состојба или можеме да кажеме дека немаат финансиски средства доволни за живеење, уште полошо 7% од испитаниците немаат куќа/стан доволен за семејството.

2. Индивидуални карактеристики.

Од значителни фактори се и индивидуалните карактеристики на децата кои може да доведат до кривично дело. Може да зависи од темпераментот на детето, самодовербата во себе, зрелоста, возраста на детето кога го извршило кривичното дело.

Во истражувањето се потврди дека децата на 14-годишна возраст повеќе извршиле кривични дела, возраст во која мислат дека се пораснати, знаат што прават, но во реалноста не е така, 45% од децата во ова истражување за прв пат извршиле кривично дело токму до 14-годишна возраст.

3. Односи со врсниците

Индивидуалните карактеристики може да се поврзуваат и со тоа какви односи има детето со врсниците.

Лошото друштво може да влијае врз детето за да може полесно да се убеди да изврши кривично дело.

Во истражувањето се потврди дека поголемиот дел од децата испитаници кога за прв пат извршиле кривично дело биле со другари/ки.

Како кај машкиот пол, каде што 68% од испитаниците кога извршиле кривично дело за прв пат биле со другари, исто така и кај женскиот пол 45% од испитаниците за прв пат кога извршиле кривично дело биле со другарки.

# Прашалник

1. Пол: Ж М
2. Возраст:_________________
3. Национална припадност:________________
4. Податоци за родителите (дополни, заокружи)

| Податоци за таткото | Податоци за мајката |
| --- | --- |
| Возраст: ________________<br><br>Образование:<br>• Основно<br>• Средно<br>• Високо<br><br>Работен однос:<br>• Вработен<br>• Невработен<br>• Пензиониран | Возраст:_________________<br><br>Образование:<br>• Основно<br>• Средно<br>• Високо<br><br>Работен однос:<br>• Вработена<br>• Невработена<br>• Пензионирана |

5. Дали сте направиле некогаш кривично дело?

- Да
- Не

6. Кога за прв пат сте вршеле кривично дело?
   ________________________________________________________________.

7. Со кого го извршивте го извршивте кривичното дело?
   ________________________________________________________________.

8. Со кого живеете?

- Со еден родител
- Со двајца родители
- Со други членови на семејството

9. Дали се грижи за тебе семејството?

- Да
- Не
- Делумно

10. Дали се во состојба да се грижа за твоето поведение вашето семејство?
- Да
- Не

11. Дали имаш чести конфликти со твоето семејство?
- Да
- Не

12. Дали имате член од семејството кој страда од хронична болест?
- Да
- Не

13. Дали си редовен на настава?
- Да
- Не

14. Каков успех постигнуваш во училиште?
______________________________________________________________________.

15. Какви односи имате со твоите соученици?
- Добри
- Делумно добри
- Лоши

16. Дали мислиш да го продолжиш образованието?
- Да
- Не

17. Дали имаш поддршка од наставниците во училиште?
- Да
- Не

18. Дали ја имаш поддршката од педагогот, психологот на училиштето?
- Да
- Не

19. Дали имате твоето семејство доволни финансиски **средства кои се доволни**за вашиот живот ?
- Да
- Не

20. Дали имате куќа/стан кое е доволно големо за вас?
- Да
- Не

# Кориcтена литература:


1. Andersen, K. G., Tapert. S. F., Moadab. I., Crowley, T. J. & S. A. Broun (2007): Personality risk profile for conduc disorder and substance use disorders in youth. *Adictive behaviors*, 2377-82.
2. Bailey, S. & S. Scott (2008): Juvenile Delinquency. In: R*utter M, Bishop DVM, Pine DS, Scott S, Stevenson J, Taylor E, editors*. Rutter's Child and Adolescent Psychiatry. Oxford: Blackwell Publishing Limited
3. Ledoux S., Miller P., Choquet M., & M. Pant (2002): Family Structure, Parent-Child Relationship, and Alcohol and other Drug use among Teenagers in France and the United Kingdom. *Alcohol and Alcoholism*, 37, 52-60.
4. Авдић, С. (2012): Породица као фактор малолетничке делинквенције. *Савремене тенденције у развоју правног система Р. Србије*, 9, 53-63.
5. Бабић, М. (2015): Теоријско одређење општег појма кривичног ђела. *Годишњак Правног факултета у Бања Луци*.
6. Бошковић, М. и З. Скакавац (2013): *Кривично право*. Бања Лука: Факултет за безбедност и заштиту.
7. Бугарски, Т., Ристивојрвић, Б. и М. Писарић (2016): Фактори малолетничког криминалитета: Значајнији егзогени фактори и њихове практичне импликације у судском поступку. *Социолошки преглед*, 10, 59–89.
8. Бујовић, Т. (2007): *Узроци, услови и феномен девијантног понашања малољетника.* Дипломски - специјалистики рад. Бања Лука: Факултет правних наука.
9. Веснић, М. (1890): *Кривична одговорност у светлу данашње науке*. Београд: Краљевска администраци.
10. Врсеља, Е. (2010): Етиологија делинквентног понашања: Приказ Паттерсонове и Моффиттине теорије развојне психопатологије. *Психологијске теме*, 19, 145-168.
11. Врућинић, Ж. (2016): Етиолошки фактори и превенција ризичног понашања ђеце и младих. *Безбједност - Полиција - Грађани*, 1–2, 171-186.
12. Вуковић, И. (2012): Кривичноправни појам и функције радње. *Цримен*, 1, 73–94.
13. Димитријевић Б. (2006): Личност малолетних делинквената. *Годишњакза психологиј*у, 4-5, 207-222.

14. Долежал, Д. (2009): Разлике у дубини укључености у криминални животни стил међу затвореницима с обзиром на доб, рецидивизам те насилност казненог ђела. *Криминологија и социјална интеграција*, 17, 35-47.

15. Димитријоска, С.(2009) Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје:Филозофски Факултет.

16. Димитријоска, С.(2001) Интервентни форми во социјална работа со деца под ризик, Улични деца/деца на улица, Филозофски Факултет, Скопје

17. Димитријоска С., Доневска М., и др. (2004) Емпириска анализа на проблемите на деца во ризик и евалуација на постоечките заштитни фактори УНИЦФ, Скопје.

18. Ђорђић, Д. (2014): *Ризички фактори повезани са малолетничком деликвенцијом*. Сомбор: Педагошки факултет.

19. Жувела, И., Вучковић-Матић, М. и Ј. Синдик (2016): Девијантно понашање малољетника и улога обитељи. *Хрватски часопис за јавно здравство*, 12, 19-23.

20. *Закон о малолетним учиниоцима кривичних дела и кривичноправној заштити малолетних лица*. Сл. гласник РС, бр. 85/2005.

21. Ивановић-Ковачевић С, Мишић–Павков Г, и В. Шобот (2010): *Психосоцијалне и психопатолошке карактеристике малолетних починиоца кривичних дела*. Београд: Други конгрес са међународним учешћем ДЕАПС.

22. Илић, Н. (2016): Кривичне санкције према малолетницима. *ПРАВО – теорија и пракса*, 7-9, 75-88.

23. Јанковић, Б. (2011): Персоналне карактеристике јувенилних делинквената у оквиру правне регулативе. *Енграми*, 33, 73-77.

24. Јованић, Г. (2010): Кривично-правни и пенолошки рецидивизам осуђених лица. *Специјална едукација и рехабилитација*,. 9, 271-282.

25. Југовић, А. (2005). (Зло)употреба алкохола у омладинској популацији Србије. *Социјална мисао*, 2-3: 67-92.

26. Карић, Нијаз (2008): *Социјални рад и малољетничка деликвенција у заједници*. Тузла: ОФФ-СЕТ.

27. Константиновић-Илић, С., Николић-Ристановић, В. и М. Костић (2009): *Криминологија*. Ниш: Пеликан принт.

28. *Кривични законик*. Сл. гласник РС, бр 94/2016.
29. Крстић, О. (2009): *Малољетничка делинквенција*. Бања Лука: Факултет за безбједност и заштиту.
30. Лукић, Т. и С. Самарџић (2012): Малолетници у кривичном поступку. *Зборник радова Правног факултета у Новом Саду*, 1, 349-367.
31. Љубичић, М. (2012): Породица и делинквенција: анализа уџбеничке грађе о утицају породице на малољетничко преступништво. *Социолошки преглед*, вол. 46, 417–440.
32. Мартињак, Д. и Р. Одељан (2016): *Етиолошки и феноменолошки чимбеници малољетничке делинквенције.* Загреб: Министарство унутарњих послова Републике Хрватске.
33. Милутиновић, М. (1990): *Криминологија.* Савремена администрација.
34. Миљковић, П. (2016): *Васпитна мера упућивања у васпитно-поправни дом*. Приштина: Правни Факултет у Косовској Митровици. Мастер рад.
35. Мирић, Ф. (2014): *Савремена схватања феноменологије и етиологије малолетничке делинквенције*. Ниш: Правни факултет. Докторска дисертација.
36. Николић-Ристановић, В. (2017): *Деликвенција и виктимизација малолетних лица у Србији*. Београд: Издавачко графичко предузеће „Прометеј".
37. Поповић-Ћитић, Б. и В. Поповић (2009): Концепт ризичних и протективних фактора-класификациони оквири за потребе превенције поремећаја у понашању деце и омладине. *Социјална мисао*, 16(3), 43-65.
38. Скакавац, Т. (2014): *Рецидивизам малолетних учинилаца кривичних дела*. Ниш: Правни факултет. Докторска дисертација.
39. Суботин, М. и Т. Одаловић (2016): Социјалнопатолошке појаве у породици и њихов утицај на делинквентно понашање малолетника. *ПРАВО – теорија и пракса,* 34, 43-55.
40. Чимбуровић, Љ. (2010): Преступништво малолетника. *Правне теме,* 2, 225-253.
41. Чишић, Б., Чишић, Ф. и М. Бједић (2004): Утицај породичне структуре на манифестирање поремећаја у понашању школске ђеце. *Часопис „Дефектологија",* 9-10, 30.
42. Шобота, В., Ивановић-Ковачевић, С., Марковић, Ј., Срдановић- Мараш, Ј. и Г. Мишић-Павков (2010): Малолетничка делинквенција. *Енграми,* 32, 53-61.

## Национално законодавство


- Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/2019).
- Закон за семејство (Службен весник на РМ, бр 153/2014).
- Закон за заштита на децата (Службен весник на РМ, бр. 23/2013).
- Закон за основно образование (Службен весник на РМ, бр. 98/2015)
- Закон за средно образование(Службен весник на РМ бр. 24/2013)
- Закон за правда за децата (Службен весник на РМ, бр. 148/2013)
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на бр РМ. 5/2002)
- Закон за здруженија и граѓански фондации (Службен весник на РМ, бр. 52/2010)
- Кривичен законик на РМ (Службен весник на РМ, бр. 142/2012)
- Влада на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, (2010), Национална програм за развој на социјална заштита, 2011-2021, Скопје
- Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија (2008-2018).
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2018 година.
- Convention of the Rights of Child.


## Интернет-страници


www.unicef.com

www.pravo.gov.mk

www.mtsp.gov.mk

www.idividi.mk

www.sos.org.mk

www.moi.gov.mk

http://www.pravdiko.mk/komparativen-pregled-na-zakonodavstvoto-vo-rm-i-konventsijata-za-pravata-na-deteto/

http://www.childrensembassy.org.mk/konvencija-za-pravata-na-decata.nspx

http://www.osce.org/mk/skopje/110440

http://oneworldsee.org/node/1642